Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОЛИЦИЈА
POLICE

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2023 ГОДИНА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

www.mvr.gov.mk

*Министерство за внатрешни работи*

*Биро за јавна безбедност*

*Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа*

*Бр.23.4-345/1*

*20.03.2024 година*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ......10
1.РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО......12
1.1.ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА......13
1.2.ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА......17
1.3.ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ......22
1.4.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ......26
1.5 ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ......30
1.6 ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ......32
1.7.ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ......34
1.8. ОДДЕЛ З А ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА......37
1.9 ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ......38
1.10 ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ......39
1.11 ЦЕНТАР ЗА ОБУКА......41
2.СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ......42
2.1 СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ......43
2.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА......45
2.3 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ......46
2.4 КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ......48
2.4.1 КОРУПЦИЈА......48
2.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ......50
2.5 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ......51
2.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ......51
2.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ......53
2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ......55
2.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА......55
2.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ......58
2.7 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ......60
2.8 КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ......61
2.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТ И ТЕЛО......61
2.8.1.1 УБИСТВА......61

2.8.1.2 САМОУБИСТВА ....62
2.8.1.3 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ-ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА ....63
2.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТ ....63
2.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ ....63
2.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА .... 64
2.8.2.3 ИЗМАМИ ....65
2.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ....66
2.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И МОРАЛ ....67
2.8.4 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ....67
2.8.5 ПОЖАРИ ....69
2.8.6 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА ....69
2.9 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ....71
2.9.1 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ .... 71
2.9.2 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ ....73
2.10 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ .... 76
2.10.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА ....76
2.10.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР ....79
2.10.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ, ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ .... 80
2.10.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ .... 80
2.10.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ .... 81
2.10.3.3 ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ, ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ ....82
2.11. ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА .... 85
2.11.1 СОСТОЈБИ СО ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ....85
2.11.2 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ....88
2.12. ЈАВЕН РЕД И МИР .... 89
2.12.1 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ ....89
2.12.2 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР .... 90
2.12.3 НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА .... 91
2.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ .... 91
2.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ....92
2.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ ВО НОЌНИ КЛУБОВИ ....93
2.13. БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ .... 94

2.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ........ 94
2.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА ........ 96
2.13.3 ЛИЦА СО ПОСЛЕДИЦА СМРТ ........ 97
2.13.4 ПРЕВЕНТИВНО-РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ ........ 97
3.ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ........ 100
3.1 ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ........ 101
3.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ ........ 102
3.3 ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 103
3.4 ОДДЕЛ за КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА ........ 105
3.5 ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА ........ 108
3.6 СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ ........ 112
3.7 ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ ........ 112
3.8 ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ ........ 113
3.9 ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ ........ 114
3.10 ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА ........ 114
3.11 СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА ........ 115

| број | Табеларни прикази |
|---|---|
| 1. | *Реализирани активности на Секторот за односи со јавност и протокол* |
| 2. | *Имплементација на проекти во рамки на Секторот за IPA и програми на заедницата* |
| 3. | *Број на издадени одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи* |
| 4. | *Преземени активности во делот на набавка на оружје* |
| 5. | *Број на новорегистрирани и пререгистрирани парчиња оружје и издадени решенија за одземање на оружје* |
| 6. | *Изготвени и реализирани одлуки и постапки од Секторот за судски постапки и имотно-правна заштита* |
| 7. | *Реализирани активности на Одделението за имот, изградба и одржување* |
| 8. | *Вкупен криминалитет по организациски единици (2023)* |
| 9. | *Број на кривични дела по области на криминал* |
| 10. | *Број на кривични дела по организациски единици* |
| 11. | *Број на кривични дела и сторители против државата (2023)* |
| 12. | *Сузбиени ОКГ по област на криминал во 2023 година* |
| 13. | *Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2020-2023 година* |
| 14. | *Број на кривични дела трговија со дете по член 418-г од КЗ на РСМ* |
| 15. | *Број на кривични дела НТ со дрога во период 2023/2022 година* |
| 16. | *Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога по организациони единици за 2023/2022 година* |
| 17. | *Вид и количина на запленета дрога за период 2023/2022 година* |
| 18. | *Број на кривични дела од недозволена трговија со оружје во период 2023/2022 година* |
| 19. | *Откривачка функција во областа на недозволена трговија со оружје по организациски единици за период 2023/2022 година* |
| 20. | *Кривични дела тешки кражби во период 2023/2022 година* |
| 21. | *Кривични дела разбојништва во период 2023/2022 година* |
| 22. | *Број на кривични дела од културно наследство во период 2023/2022 година* |
| 23. | *Кривични дела од семејно насилство по СВР во период 2023/2022 година* |
| 24. | *Кривични дела и сторители од економски криминалитет во период 2023/2022 година* |
| 25. | *Учество во Заеднички операции на Фронтекс (2023)* |
| 26. | *Проток на патници по граници во период 2023/2022 година* |
| 27. | *Топ пет гранични премини со проток на патници во период 2023/2022 година* |
| 28. | *Издадени дозволи за привремен престој во период 2023/2022 година* |
| 29. | *Топ пет земји на кои им се издадени дозволи за привремен престој во период 2023/2022 година* |
| 30. | *Престој во РСМ до три месеци по разни основи во период 2023/2022 година* |
| 31. | *Спречени обиди за илегални преминувања во 2023-2021 година* |

32. Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2023-2021 година
33. Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители
34. Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања
35. Вкупен број на сообраќајни незгоди во период 2023/2022 година
36. Вкупен број на сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР 2023/2022 година
37. Последици кај учесниците во сообраќајните незгоди по СВР -2023/2022 година
38. Сообраќајни незгоди со повеќе загинати лица според категорија на пат во 2023 година
39. Превентивно-репресивни мерки во период 2023/2022 година
40. Преземени мерки по спроведени дисциплински постапки (2023)
41. Преземени активности и реализирани барања на Одделот за форензички испитувања (2023)
42. Преземени активности на Секторот за меѓународна полициска соработка


| број | Графикони |
|---|---|


1. Реализирани активности на Одделението за протоколарни настани и активности
2. Реализирани активности на Секторот за безбедност на информации
3. Проекти во рамки на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош
4. Позначајни проекти во рамки на Одделот за информатика и телекомуникации
5. Веб сервери во сопствен развој на Министерството кои се нудат на Платформата за интероперабилност
6. Број на издадени лични документи, уверенија за државјанства, регистрирани возила
7. Број на издадени регистарски таблици
8. Преземени активности на Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси
9. Преземени мерки по примени поплаки и неправилности во работењето на полициските службеници
10. Преземени активности на Одделот за прекршоци
11. Преземени активности на Секторот за набавки, менаџмент и логистика
12. Кривични дела извршени од деца
13. Тренд на движење на кривични дела од класична корупција и Индекс на перцепција на корупцијата во Северна Македонија
14. Кривични дела -перење пари
15. Откриени случаи на криумчарење мигранти, кривични дела и сторители 2021-2023 година и криумчарени мигранти по земја на потекло во 2023 година
16. Број на странски државјанки по земја на потекло во 2023 година
17. Организирани облици на недозволена трговија со оружје во 2023 година
18. Откриени кривични дела криумчарење во 2023 година
19. Регистрирани убиства по Сектори за внатрешни работи – 2023/2022 година
20. Самоубиства по Сектори за внатрешни работи во период 2023/2022 година

21. *Тешки кражби во период од 2019-2023 година и Најзастапени објекти за вршење тешки кражби во 2023 година*

22. *Кривични дела измама во период 2023/2022 година*

23. *Кривични дела против половата слобода и морал во период 2023/2022 година*

24. *Жртви на кривични дела од семејно насилство според категорија*

25. *Кривични дела од омраза за период 2023/2022 година и регистрирани кривични дела од омраза по организациони единици во 2023 година*

26. *Регистрирани кривични дела од омраза според вид (2023)*

27. *Покарактеристични кривични дела од економски криминал (2023)*

28. *Состојби во областа на компјутерскиот криминал за период 2023/2022 година*

29. *Покарактеристични кривични дела од компјутерски криминал (2023)*

30. *Учество во меѓународни програми и проекти*

31. *Преземени мерки на кривичен прогон против странски државјани во период од 2023/2022 година и топ пет кривични дела по вид во 2023 година*

32. *Спречени обиди за илегални преминувања по месеци 2023/2022 година*

33. *Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Р Грција*

34. *Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Р Србија*

35. *Поднесени барања за азил 10 топ лица-баратели по земја на потекло во период 2023/2022 година*

36. *Настрадани учесници според категорија на возило*

37. *Реализирани кампањи/проекти во делот на сообраќајот (2023)*

38. *Преземени мерки и топ пет прекршоци во 2023/2022 година*

39. *Активноста на НКЦСОСК – 2022/2023 година*

40. *Примени барања од институциите – 2022/2023 година*

41. *Преземени активности на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (2023)*

42. *Стратешки документи за идентификување и управување со криминалните закани и ризици на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (2023)*

43. *Преземени активности на Одделот за форензички испитувања (2023)*

44. *Позначајни активности на Одделот за заштита на определени личности и објекти (2023)*



*Кога ја прифатив обврската да бидам воведничар на Годишниот извештај за работата на Министерството за внатрешни работи за 2023 година, што секако, според некое општо мислење претставува и своевидна чест, одлучив дека е единствено правилно кон опсервацијата на овој инаку, бездруго важен документ, да пристапам од позиција на граѓанската перцептивност, без непотребна претенциозност или пак некакво политичко калкулантство.*

*Прво, заради тоа што станува збор за аналитика на резултатите од севкупниот труд на мноштвото професионалци во Министерството и второ, заради нужноста од непристрасност и објективност, а меѓу другото и во контекст на мојата актуелна позиција одредена согласно прецизни законски норми.*

*Транспарентноста и отчетноста треба да бидат основни принципи во функционирањето на полицијата и во тој поглед сакам да истакнам дека Министерството во континуитет од година во година вложува напори преку Годишниот извештај да ги запази овие клучни принципи на институционално делување, односно да даде одговор како и за што се трошат јавните средства добиени од граѓаните, што е добро, а што помалку добро, кои цели се постигнати, а кои не се, каде треба да биде насочен фокусот во иднина итн.*

*Говорејќи од сопствено искуство не можам да тврдам дека бројките, независно какви се, можат да бидат стоотстотен или најточен показател дали една институција функционира квалитетно и ефикасно. Секако, оној што ќе го каже или што ќе го има последниот суд се граѓаните, кои што го пренеле суверено право на институциите да ги сервисираат сите нивни потреби и во таа насока факт е дека безбедноста претставува еден од есенцијалните општествени стандарди.*

*Затоа што врз основа на моето практично правно познавање и работење, слободно можам да кажам дека безбедноста била, а се чини денес во модерниот свет уште повеќе е императив „пар екселанс“, доколку воопшто сакаме да имаме развој, добробит и благосостојба на сите граѓани, притоа овозможувајќи им подеднакво да можат да го остварат своето природно и законско право на перспективен живот и слобода, согласно темелните уставни вредносни на современото слободно демократско општество.*

*Оттаму, сосема е точна премисата дека улогата на полицијата во едно демократско општество во својата суштина е фундаментална и од нејзината ефективност во работењето непосредно зависи квалитетот на животот на граѓаните, степенот на мотивацијата и нивна мобилизација во остварување на нови перспективи, не само на личен, туку и на колективен план рефлектирајќи развој и просперитет на државата.*

*Затоа, без оглед како јавноста т.е. граѓаните ќе го оценуваат овој Годишен извештај, овој текст ќе го заокружам со фактот дека приоритетна задача за полицијата и за сите вработени во министерството мора да биде што поефикасно остварување на сите законски обврски и задачи исклучиво врз професионална и законита основа, без никакви други наметнати „стандарди“ или „вредности“, особено не оние кои што имаат некаков политикантски или друг основ, непримерни, неприродни и во суштина штетни за севкупниот институционален систем.*

*Министер за внатрешни работи*
*Панче Тошковски*

# РЕЗИМЕ

Предметниот извештај содржи статистички и квантитативни податоци за извршените работи во 2023 година, при што во истиот е даден акцент на полициските работи и обезбеден е приказ на ефикасноста и позначајните резултати кои се остварени од страна на Министерството за внатрешни работи.

Годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за 2023 година структурално е поделен на три целини:

Првата целина содржи извештаи за работата на организациските единици кои се формирани за потребите на Министерството за внатрешни работи, за што прикажани се активностите и работни задачи кои се позначајни по обем и квалитет, со акцент на развојните и проектните активности, како и активностите кои се од важност за реализација на стратешките документи и годишните планови и програми.

Втората целина содржи аналитички наоди и информации за криминалот, јавниот ред и мир, сообраќајот и граничната безбедност, во чии рамки презентирани се официјални статистички податоци за кривични дела и прекршоци и обезбеден е аналитички приказ на состојбите, трендовите и движењето на криминалитетот по области, вклучувајќи ги и податоците за ефикасноста на полицијата.

Во третата целина поединечно е даден извештај за работата на организациските единици кои се формирани на стратешко и централно ниво во Бирото за јавна безбедност, во чии рамки презентирани се и позначајните активности на Бирото.

# 1.РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО



## 1.1.ОДДЕЛ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И СТРАТЕШКИ ПРАШАЊА

Министерството за внатрешни работи и понатаму останува транспарентна и отворена институција пред граѓаните, преку навремено информирање и активна соработка со медиумите, граѓанските организации и граѓаните, почитувајќи ги начелата на транспарентност и отчетност, а притоа имајќи ги во предвид правичноста и законските ограничувања, со цел континуирано градење на довербата помеѓу граѓаните и полицијата.

Секторот за односи со јавност и протокол, информирањето го вршеше секојдневно преку разните комуникациски форми, брифинзи со новинари, телефонска комуникација, соопштенија за медиуми, одржување и редовно ажурирање на Веб страницата и Фејсбук страницата на МВР, преку организација на прес-конференции и други настани, медиумски кампањи и проекти. Секторот активно вршеше координирање на локалните канцеларии за односи со јавност, со цел навремено и детално информирање и овозможување пристап до информациите на сите новинари или други баратели на податоци од доменот на полициското работење.

| Во овие рамки, беа реализирани следните активности: | |
|---|---|
| 5.416 | Обработени информации кои во форма на соопштенија се јавно објавени на веб страницата и дистрибуирани до сите медиумски сервиси; |
| 3.054 | Одговорени писмени барања добиени од новинари, медиуми и граѓани; |
| 365 | Објавени извадоци на дел од дневните настани; |
| 3.500 | Јавни објави прикачени на веб страницата на Министерството за доставување од сите Одделенија за прекршоци при Министерството; |
| 607 | Објавени видеа од активностите на раководниот кадар на Министерството, полициски акции и едукативни видеа за граѓаните; |
| 5.000 | Добиени електронски пораки од граѓани и институции на официјалните контакт електронски адреси, кои во најбрз можен рок се одговорени или препратени до надлежни служби од министерството за прецизен и конкретен одговор за одредено барање; |
| 335 | Поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Позитивно е одговорено на 295 барања, делумно се одговорени 12 барања, пет барања се препратени до други институции надлежни за одговор, за три барања барателот е известен дека му е доставен одговор, едно барање е повлечено од страна на барателот, а едно барање е повлечено поради нејасна содржина, додека одбиени се 18 барања. Вложени се 20 жалби против првостепени одлуки (решенија) на Министерството од кои 10 се усвоени, девет се одбиени и една жалба е повлечена; |

| | |
|---|---|
| 872 | Соопштенија објавени на интернет страната и на социјалните медиуми на Министерството и објави со медиумските кампањи од областа на превенцијата заради интензивно презентирање на превентивната улога на полицијата до јавноста; |
| над 2.000 | Соопштенија, извадоци од дневни настани и известувања се испратени до јавноста во координација со локалните канцеларии за односи со јавност, дадени се над 500 изјави за медиуми за реализирани настапи по разни поводи од доменот на полициските активности и изготвени и доставени се над 400 одговори на новинарски прашања и барања испратени од медиумите. |

Табеларен приказ бр.1 Реализирани активности на Секторот за односи со јавност и протокол

Одделението за протоколарни настани и активности планираше, подготвуваше, организираше и беше протоколарна поддршка на стратешкиот менаџмент за сите организациски единици во Министерството. Во текот на годината се издвојуваат следните активности:

70 средби со странски функционери, високи функционери и акредитирани амбасадори во Република Северна Македонија;
38 работни посети на: Сектори, Одделенија и Единици за внатрешни работи, Полициски станици од општа надлежност, Регионални центри за гранични работи, Полициски станици за граничен надзор и контрола, реконструирани објекти;
Учество на 5 проекти и Твининг проекти.

78 организирани: Конференции, семинари, работилници, трибини и состаноци;
16 средби во рамки на проектот Отворен кабинет, студенти и деца;
5 доделени донации и предадена опрема;

11 учества на: Тактичко показни вежби во земјата и странство;
12 потпишани: Меморандуми, Меѓународни договори;
6 средби со наши граѓани во дијаспората;

6 организирани: Свечени церемонии, Јубилеи на МВР;
51 реализирани: Интервјуа на министерот, Прес конференции;
8 одржани: Спортски турнири и промоции;

Свечено отворање на новиот објект за Оддел за форензички испитувања;
15 учества на: Прослави и Јубилеи на институции и организации;

Графички приказ бр.1 Реализирани активности на Одделението за протоколарни настани и активности

Од страна на Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет, согласно методологијата и упатството, донесени од Владата на Република Северна Македонија, изработена е Процедура за подготвување на стратегии, за потребите на организациските единици во Министерството. Во рамки на процесот на стратешко планирање беше изработен Стратешки план на МВР 2023-2025 година, а нивото на реализација на активностите се следеше согласно Годишниот план за работа на МВР за 2023 година. Покрај ова, беше изработен и Нацрт-Стратешки план на МВР за периодот 2024-2026 година и Иницијативи на МВР за потребите на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

Во делот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 за вработените во организациските единици кои се опфатени со системот за управување со квалитет одржани се седум основни обуки со спроведена евалуација на стекнатите знаења, при што обуките успешно ги завршија 121 вработен во Министерството. Исто така, изработени се три нови процедури за работа, а ревидирани се по две процедури и прирачници за квалитет. Во овој период беше спроведена надзорната проверка АУДИТ - фаза 2, Втор надзорен аудит од страна на сертификациското тело АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје во организациските единици за потребите на МВР, при што во извештајот наведено е дека имплементираниот систем за управување со квалитет е оптимално функционален, се развива ефективно со цел да обезбеди исполнување на барањата, а дадени се препораки за унапредување на системот.

Секторот за безбедност на информации од аспект на надлежностите насочени кон заштитата на класифицираните информации, имплементација на активностите кои произлегуваат од членство во НАТО и зајакнување на информациската безбедност, преземаше мерки и активности со цел постапување по законските обврски од делот на административна, физичка, персонална и информатичка безбедност на класифицирани информации. Преземани се активности за прием, евидентирање и распространување на странските класифицирани информации кои се отстапени на користење, даден е придонес во координација на активностите со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), организациските единици на МВР и други служби вклучени во системот за заштита на класифицирани информации, иницираше постапки за сертифицирање на вработените и издаваше безбедносни сертификати.

Потоа беа координирани и активностите за оперативно тактичките полициски служби, при што се спроведуваше инструкторско-надзорна контролна функција за соодветно постапување и спроведување на истраги по пријави за нарушување на безбедноста на класифицираните информации. Направена е анализа на два НАТО СТАНАГ документи за што е доставено стручно мислење. Во рамки на информациската безбедност во министерството беа преземани мерки за давање

поддршка во размената на ЕУ класифицирани информации преку SIENA системот на ЕВРОПОЛ, активности за инсталирање и одржување на опремата за криптозаштита согласно потребите и виртуелизација за нов оперативен систем.

Исто така започнато е со менаџирање на процесот за криптоклучевите за безбедност на депониран електронски сертификат на МВР за воспоставување на дигитални услуги преку системот (Е-услуги), а изработен и донесен е план за управување со инциденти, согласно Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци.




Графички приказ бр.2-Реализирани активности на Секторот за безбедност на информации

Секторот активно учествуваше во планирањето, организирањето и координирањето на организациските единици на МВР при реализирањето на осум НАТО вежби, една НАТО конференција и една неформална лидерска средба на која претседаваше Генералниот Секретар на НАТО, а значаен е и придонесот и преку учеството во повеќе работни групи и комитети за справување со кризни состојби, упатување на персонал во меѓународни мисии и операции, реализирање на активности од планот за имплементација на Резолуција 1235 на ООН „Жени, мир, безбедност", како и при изработка на значајни системски и стратешки документи.

Во насока на запознавање на нормативниот аспект за класифицирани информации од страна на секторот беа спроведени 15 обуки, на кои присуствуваа раководители од сите Сектори за внатрешни работи и Регионалните центри за гранични работи, како и обука за криптозаштита, на која покрај Министерството за внатрешни работи, учествуваа и претставници од Министерството за одбрана, Генералштаб на Армијата и Министерство за надворешни работи.

## 1.2. ОДДЕЛ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за преговори и евроинтеграција континуирано преземеше активности за подготовка и координирање на евроинтеграциските процеси кои се однесуваат на Поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност, при што истите се остваруваа преку Секретаријатот за европски прашања или директно во соработка со Делегацијата на ЕУ. Во текот на 2023 година редовно се доставуваа извештаи до Европската комисија и обезбедена е соодветна подготовка и координација на состаноците со надлежните структурите на ЕУ, за што од посебна важност е и подготовката на 17-тиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската унија, одржан во март 2023 година во Брисел. Во текот на втората половина од 2023 година, во координација со Секретаријатот за европски прашања и со вклучување на сите засегнати институции и невладиниот сектор, во рамки на Секторот преземени се активности за изработката на Патоказот за владеење на правото кој содржи мерки за надминување на слабостите, на краток и среден рок, до 2028 година.

Секторот за преговори и евроинтеграција го координираше и одржувањето на Министерски форум за правда и внатрешни работи, одржан во октомври 2023 година во Скопје, на кој учествуваа министрите за правда и внатрешни работи на државите од Западен Балкан и државите на Европската Унија кои го претставуваат актуелното претседателство (Шпанија) и наредните две држави претседавачи (Белгија и Унгарија), европските комесари кои се надлежни за внатрешни работи и правда, директорите на Европските агенции – Европол, Фронтекс и Европравда, како и останати високи претставници на други меѓународни организации од оваа област, при што на маргините на овој настан беа одржани и билатерални средби од кои произлегоа иницијативи за продлабочување на соработката меѓу земјите.

Во делот на областа за миграција, азил и надворешни граници, за одбележување се активностите кои произлегоа од Договорот за ФРОНТЕКС кој е ратификуван од Собранието на Република Северна Македонија на 13 февруари 2023 година, при што Секторот за преговори и евроинтеграција врши координација на активностите кои произлегуваат од Договорот помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија за оперативни активности што ги спроведува Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (FRONTEX).

Согласно одредбите од наведениот договор, Република Северна Македонија презеде обврска да воспостави механизам за поплаки, за што е изготвена нацрт - верзија на Меморандум за разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Европската агенција за гранична и крајбрежна стража во врска со активностите кои ги спроведува Европската агенција за гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија. Во координација со останатите релевантни организациски единици и други институции, Секторот го координираше и го изготви придонесот за исполнување на условите за визна либерализација од аспект на МВР во рамки на механизмот за суспензија на безвизниот режим, врз основа на кој од страна на

Европската комисија беше подготвен и шестиот извештај за Република Северна Македонија за визна либерализација.

Секторот за меѓународна соработка континуирано преземаше активности за организирање, координирање и унапредување на билатералната и мултилатералната соработка на МВР со други министерства, меѓународни институции и организации, при што во 2023 година забележан е успех во постапките за иницирање, преговарање и склучување на меѓународни и билатерални договори, меморандуми, протоколи и договори за донација.

Во овие рамки со службите на Сојузна Република Германија склучени се 11 договори за донација, со Чешка Република склучени се два договори за измена и дополнување на претходно склучени договори за финансиска донација, со Република Австрија склучен е еден договор за донација, со Република Словенија склучен е Меморандум за соработка во обезбедувањето развојна помош и донација, со САД склучени се четири договори за донација, а во Обединети Арапски Емирати реализирана е работна посета на која се спроведени заеднички преговори и е усогласен текстот на два меморандуми кои се очекува во иднина да бидат потпишани и тоа : „Меморандумот за разбирање за меѓусебно признавање и размена на возачки дозволи издадени од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Обединетите Арапски Емирати“ и „Меморандумот за разбирање за безбедносна соработка и борба против тероризам помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Обединетите Арапски Емирати“.

Во рамки на меѓународната соработката со Република Србија, потпишан е Протоколот за начинот на извршување на гранични проверки на заедничкиот граничен премин „Лојане – Миратовац“. Со Република Албанија на 31 јули 2023 година официјално започнаа да се спроведуваат заеднички гранични контроли согласно потпишаниот Протокол за спроведување на заеднички гранични проверки на заеднички граничен премин „Ќафасан – Ќафтане“. Во септември 2023 година, се потпиша Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце – Елез Хан“ и „Јажинце – Глобочица, при што истиот се наоѓа во собраниска процедура. Во рамки на соработката со ОБСЕ, склучени се три договори за донација и потпишан е Меморандум за разбирање за спроведување на заедничка активност “Истражување на јавното мислење за демократско полициско работење” – 2023 година.

За 2023 година, од страна на Министерство за внатрешни работи потпишана е Годишната програма за соработка со УНХЦР и Работниот план на УНИЦЕФ, а во март 2023 година потпишан и договор за пренос на сопственост на средства на УНХЦР, кој има за цел да го зголеми капацитетот и да ги подобри условите за работа во областа на азилот.




Во организација на Министерството за внатрешни работи во април 2023 година во Скопје се одржа Светскиот конгрес за гранична безбедност на кој учествуваа над 400 делегати од 54 земји, а Одделот даде придонес и во организацијата на 50-тата Европска регионална конференција на Интерпол, одржана во Охрид во мај 2023 година, при што за време на истата се одржаа и повеќе билатерални средби. На 28 септември 2023 година Министерството за внатрешни работи стана членка на Меѓународната јавна асоцијација РОАДПОЛ (европска полициска мрежа на патишта, формирана во Даблин, Ирска) .

**Секторот за IPA и програми на заедницата**, во делот на програмирањето зема активно учество во подгрупата „Внатрешни работи“ за Секторска координација на ЕУ фондови, програмирање за IPA III програмата и преземаше активности во рамки на акцискиот документ „ЕУ за засилена безбедност“-ИПА 2024. Во делот на техничката имплементација, остварена е соработка со Делегацијата на ЕУ во подготовка на тендерска документација во рамките на националната ИПА 2021 година, извршена е изработка на Проектни задачи и Индикативен буџет за проектот „Воспоставување на електронски систем за водење на евиденција на институциите за спроведување на законот“-ИПА 2021 и извршена е изработка на Твининг фише за проектот „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со криминал против културно наследство и еколошки криминал“-ИПА 2021.

| Во делот на мониторингот преземени се активности за следење на имплементацијата на следните проекти: | |
|---|---|
| | „Изградба на нова зграда за Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења и нејзина акредитација согласно ISO 17025 стандардот“-ИПА 2016; |
| | „Надзор на градежни работи за изградба на нова зграда за Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења и нејзина акредитација согласно ISO 17025 стандардот“ - ИПА 2016; |
| | „ЕУ поддршка за владеењето на правото“-ИПА 2020; |
| | „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Република Северна Македонија“-ИПА 2021; |
| | „Сузбивање на сериозен криминал во Западен Балкан“-ИПА 2019; |

| | |
|---|---|
| | „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан-фаза 3“; |
| | „Зајакнување на борбата против нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје“; |
| | „Безбедност на човекот и границите –Борба против криумчарење на мигранти во Западен Балкан“, „Партнерство против криминалот и тероризмот (CEPOL WV PaCT)“; |
| | „Зајакнување на заштитата на јавниот простор и критичната инфраструктура“; |
| | „ЕУ поддршка за зајакнување на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан”; |
| | „Регионална поддршка за зајакнување на капацитетите за гранична безбедност во Западен Балкан“. |

Табеларен приказ бр.2- Имплементација на проекти во рамки на Секторот за IPA и програми на заедницата

Во 2023 година преземени се активности за ревидирање на Регистарот за ризици и изработени се Табели за следење на ревизорски наоди, квартални извештаи за преземени корективни мерки за IPA I и IPA II програмата и Акциски план за планирани корективни активности за надминување на наодите на внатрешната ревизија во насока на верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во IPA структурите, а изготвени се и квартални известувања за утврдените неправилности. Покрај ова, Одделението за ИПА зема учество на ТАИБ - Комитет за следење на проектите од првата компонента на ИПА, ИПА Комитет за следење на проектите од сите компоненти на ИПА и Комитетот за ИПА II програмата, а исто така преземени се и активности за подготовка на Изјава за гаранција за 2023 година и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за гаранција на СПО за 2023 година, како и подготовка на Изјава за управување за 2023 година и Листа за проверка на потпишување на Изјавата за управување на ИПА Координатор за 2023 година. Во рамки на Прекугранична програма Република Северна Македонија - Република Грција преземени се активности за имплементација на проектите „We cross borders“ и „Гранична станица Преспанско Езеро: Подготвителни активности за воспоставување на граничен премин меѓу Грција и Република Северна Македонија на областа Преспанско Езеро“ и за реконструкција на полициската станица во Маркова Нога со три партнер институции од Република Грција.

Во рамки на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош во текот на 2023 година беа реализирани и координирани активностите на следните проекти:

**ПРОЕКТИ**

- „Поддршка на националните власти на Република Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација на оружје и злоупотреба на мало и лесно оружје (МЛО)“ – ОБСЕ;
- „Подобрување на практиките за собирање на податоци за мало и лесно оружје и истраги поврзани со МЛО“ – УНДП;
- Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ – ЦИДС;
- „Справување со компјутерски сексуален криминал“ – УНДП;
- Програмата за реформа на секторот за разузнавање и безбедност во Република Северна Македонија- ДКАФ;
- „Градење хибриден образовен систем во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија-ОБСЕ“;
- Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правдата за жртвите на трговија со луѓе во Југоисточна Европа“- УНОДЦ;
- „UNODC/WCO/INTERPOL – Програма за комуникација со аеродромите (AIRCOP) и Програмата за контрола на контејнерите на UNODC/WCO/CCP во соработка со Регионалната програма на UNODC;
- Заеднички активности на земјите од регионот на Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (WBJAST) – ИОМ;
- „Зајакнување на капацитетите на кривично-правниот систем за борба против родово базирано насилство во Југоисточна Европа“;
- Зајакнување на капацитетите на МВР на Република Северна Македонија за исполнување на меѓународните најдобри практики и стандарди за човекови права во малолетничката правда, полициското работење во заедниццата и истрагата на местото на злосторството“-СИДА.

Графички приказ бр.3- Проекти во рамки на Одделението за програми на заедницата и координација на странска помош

Покрај ова, во рамки на Хоризонт Европа програмата преземени се активности по следните проекти: „НЕСТОР“ - Подобрување на предграничната слика за обезбедување на Европските граници”, „CEASEFIRE“ - Напредни разновидни технологии за вештачка интелигенција и меѓусебно поврзани меѓусекторски целосно оперативни национални контакт точки за борба против недозволената трговија со огнено оружје“, „ИЛЕГ“- „Подобра заштита на ЕУ и нејзините граѓани од криминал и тероризам“, „ПИОНЕР“ - „Биометрика погодна за приватност во движење на границите“, „ЦЕРБЕРУС“ - „Подобрување на алатките и способностите за борба против напредните форми на сајбер закани и сајбер криминал“ и „АЕГИС“ - „Борба против криминалот и тероризмот“.

## 1.3.ОДДЕЛ ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Одделот за информатика и телекомуникации континуирано извршуваше работи и задачи за одржување во функција на сите технички телекомуникациски системи во Министерството за внатрешни работи и активно учествуваше во реализација на низа стратешки проекти со цел навремено и успешно задоволување на потребите на корисниците во Министерството, на институциите на државата и имплементација на европските стандарди.




Графички приказ бр.4- Позначајни проекти во рамки на Одделот за информатика и телекомуникации

Во рамки на проектот Евиденција на матичен број и државјанство-изработено е ново софтверско решение за чување, внесување, преглед и обработка на податоци за лица, заедно со податоците за државјанство, матичен број, живеалиште и престојувалиште. Истото вклучува: дефинирање на корисничките барања и потреби за изработка на ваков тип на софтвер; дизајн базиран на дефинираните барања за функционалности од страна на корисникот, како и воведување на улоги според кои корисниците ќе имаат пристап до одредени функции; креирана е нова база на податоци согласно потребите на апликацијата.

Во однос на проектот Евиденција на странци и баратели на азил, софтверот овозможува целосно систематизирање на досегашните податоци, стандардизација во процесите на работење и негова целосна интеграција со системот за лични податоци. Воедно, Секторот за азил доби апликација која е целосно интегрирана со евиденцијата на странци. Потоа, се работеше на развојната фаза на проектот Софтверско решение за потребите на Одделот за воздухопловни единици, кој овозможува целосно систематизирање на податоците за летачкиот персонал и за леталата во Одделот. Софтверот е во фаза на тестирање и во текот на следната година се очекува негово имплементирање.

Со реализирање на Business Continuity Disaster Recovery (BC DR), се унапреди постоечката хардверска платформа со што се овозможи подобрување на целокупниот систем и дигитализација на податоците во Министерството.

Новиот систем ја презема улогата на Централен систем, со што се овозможува континуирана работа на системите во случај на катастрофа или испад на системот. Периодично се врши тестирање на функционалноста, со симулирани префрлања на системите од примарниот центар во Скопје во секундарниот центар во Прилеп. Новиот објект на Центарот за опоравување од катастрофи во Прилеп постојано се унапредува, а преку договорите за колокација (Центар за управување со кризи, Државен завод за статистика, Царинска управа и Министерство за информатичко општество и администрација) се овозможува и останатите државни субјекти кои имаат потреба од дополнителен резервен податочен центар да инсталираат своја опрема на оваа локација.

Во рамки на Системот за нови лични документи, извршена е имплементација на модулот кој ги добива личните податоци со внес на матичниот број на граѓанинот. Одделот активно учествуваше и при имплементација на новиот Автоматизиран биометриски систем за идентификација во Одделот за Форензички испитувања, во делот на поставување на хардверската платформа и инсталација на системскиот софтвер. Воспоставен е нов Систем за регистрирање и управување со оружје WRMS, во кој се опфатени физички (издавање на одобренија и дозволи за оружје) и правни лица (контрола над магацини, стрелишта и продавници). На овој начин се овозможи поврзување со централниот систем на МВР и со централниот веб портал на интерни апликации на Министерството.

Во употреба е е-услуга за издавање на електронско уверение за државјанство кои граѓаните може да го добијат преку националниот регистар за е-услуги. Изработени се четири нови услуги за моторни возила, а дополнително развиени се и услуги за издавање на потврда за моментално живеалиште и потврда за историјат живеалиште кои се базирани на податоците за адреса од новите личните карти кои ги поседувало лицето. Реализирано е софтверско решение за прекршочни предмети и прекршочни постапки, со сопствен развој со кое се дигитализира процесот на водење на прекршочните постапки во Одделот за прекршоци.

Во однос на регистер на население, Министерството има имплементирано соодветна обработка, при што на дневно ниво се врши пренос на податоци за лични документи и матичен број со цел редовно ажурирање на регистарот. Во рамки на веб апликација за пребарување во национални потраги, која нуди софтверско решение, со кое вработените во Министерството може да пребаруваат низ распишани потраги за лице, возила и оружје на национално ниво, а во тест околина започнато е и поврзување со базата на Интерпол Лион. На веб порталот за услуги кон граѓаните (https://uslugi.gov.mk/), Министерството нуди можност граѓаните да можат дигитално да закажат термин за лични документи, како и електронско плаќање на услугата. Со ова се олесни самата постапка, од аспект на граѓаните и на самата институција. Во проектот преземање на царинска декларација, се изготви софтверско решение со кое се дигитализираше процесот на регистрирање на возила кои се увезуваат од странство.

Секторот за телекомуникации зеде активно учество во реализација на имплементација на Проект за три нови ТЕТРА апликации:

- ТЕТРА диспечер за координација и командување на ТЕТРА корисниците;
- ТЕТРА AVL (Automatic Vehicle Location) за презентирање на локацијата на ТЕТРА терминалите на дигитална мапа на компјутер и
- TETRA VR (Voice Recorder) за снимање на разговорите на ТЕТРА системот.

Апликациите се инсталирани на серверската платформа на министерството, при што заменети се старите апликации, и истите ќе овозможат понапредно користење на ТЕТРА системот на МВР.

Се направи интеграција на Системот Е112 со системите на Министерството, со што се овозможи современо оперативно работење на ЦИК во сите Сектори за внатрешни работи на министерството и подобро справување со итните интервенции. Во овој период тече процесот на миграција на бројот за итни повици 192 и негово пренасочување на системот Е112.

Во рамките на Проектот за воспоставување на современи К9 центри на девет локации во соработка со ОБСЕ, реализирани и воспоставени во функција се три центри за К9: ЕСК-Хиподром, САЕ-Илинден и ПЦ Ѓорче Петров. На овие локации воспоставена е нова телекомуникациска мрежа, инсталирани се нови системи за видеонадзор со снимачи и камери и контрола на пристап со читачи на картички, воспоставено е 24/7 мониторирање на системите во дежурните служби, а дополнително се поставени системи за видеонадзор и контрола на пристап и во објектите на ЕСК (магацини за специфична опрема) и САЕ (магацини за оружје и опрема), со цел подобрување на безбедноста и заштита на објектите.

Преку системот за мобилни камери покрај камери кои се носат на телото на полициските службеници и ги снимаат нивните активности, инсталирани се и сервери на сите локации опфатени со проектот за префрлување на снимките и нивно зачувување и подоцнежно користење. Во рамките на проектот инсталирани се вкупно 884 камери во 46 полициски станици во СВР/ОВР и гранични премини.

Се подобри комуникациската инфраструктура на Заедничките контакт центри- на четири гранични премини: Табановце, Ќафасан, Блаце и Деве Баир. Во рамки на проектот мрежата се подигна на ниво на класификација „интерно“ согласно Законот за заштита на класифицирани информации и со тоа се овозможува поврзување на ЗКЦ на европскиот систем за размена на информации СИЕНА.
Завршено е со надградба на VoIP телефонијата во МВР како повеќегодишен проект предвиден во Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2020-2022, а системот функционира без недостатоци.

Министерството за внатрешни работи е поврзано на платформата за интероперабилност и активно разменува податоци со останатите институции приклучени на оваа платформа. Постојано се стреми да го зголеми бројот на веб сервиси кои ги нуди преку оваа платформа со цел дигитализирање и размена на податоците кои ги поседува со останатите институции.

На наведената платформа Министерството ги нуди следните веб сервиси кои се од сопствен развој:

Евиденција на промени на матичен број на лица – корисници на овој веб сервис се Националниот регистар на население, Министерство за труд и социјална политика и Царинска Управа;
Податоци за живеалиште (моментално и историјат) - корисници се Министерство за труд и социјална политика и Царинската управа;
Податоци од каталогот на оружје - корисник е Царинската управа на Република Северна Македонија.

Податоци за оружје (марка, модел, тип, сериски број, време на сопственост) кои ги поседува одредено физичко лице. Корисници на овој веб сервис се Државна комисија за спречување на корупцијата и Царинска управа;
Податоци за државјанство - корисници се Министерство за правда и Царинска управа.
Податоци од лични документи. Направени се посебни веб методи за секој личен документ и за пребарување по матичен број и по број на личен документ. Корисници се Државна комисија за спречување на корупцијата.

Податоци за моторни возила – преку внесена регистарска таблица и преку матичен број на физичко или правно лице. Корисници на овој веб сервис се: Министерство за правда, Царинска управа на Република Северна Македонија и Државна комисија за спречување на корупцијата;
Податоци за лице за кое треба да се определи единствен матичен број. Овој сервис е електронска замена за барањата за определување на ЕМБГ. Дополнително има и веб метод за проверка за статус на веќе поднесено барање. Корисник на овој веб сервис е Управа за водење на матични книги.

Функционалност за закажување на термин за сликање за лични документи - со овие веб сервиси се овозможува граѓаните да можат целосно дигитално преку платформата e-uslugi.mk да извршат закажување на термин за издавање/замена на лични документи како и дигитално плаќање на услугите. Овие сервиси во себе содржат повеќе веб методи. Корисник е Националниот регистар за електронски услуги.
Веб сервис за дополнување на нови лични податоци - се користи за давање на податоци кои се потребни за Националниот регистар на население, кој е воспоставен и во кој се чуваат основните податоци за населението, кој воедно е и единствен корисник на овој веб сервис.

Графички приказ бр.5- Веб сервери во сопствен развој на Министерството кои се нудат на Платформата за интероперабилност

## 1.4.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ РАБОТИ

Одделот за граѓански работи, во текот на 2023 година, успешно ги спроведе активностите и задачите утврдени со Програмата за целите и задачите на сите организациони единици од негова надлежност.

Издадени се 470.551 лични карти во подрачните единици, донесени се 559 решенија за забрана за преминување преку државна граница согласно член 7-а од Законот за лична карта, 7.968 граѓани пријавиле, а 4.193 граѓани одјавиле живеалиште, додека 558 граѓани пријавиле привремено престојувалиште. Престој надвор од државата подолго од три месеци пријавиле 23.345 граѓани, издадени се 572.029 патни исправи во подрачните единици, потоа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија издадени се 23.483 патни исправи, по барање на надлежните судови издадени се 14 патни исправи со одреден рок на важење, примени се вкупно 1.572 известувања од суд за изречени забрани за издавање на патна исправа по кои се донесени 648 решенија за одбивање барање за издавање на патни исправи или за одземање на патни исправи, а издадени се и 18.788 одобренија за патување во странство на деца до навршени 14 години.

Определени се вкупно 28.451 нови матични броеви, донесени се 246 решенија со кои се поништува погрешно определен матичен број, донесени се вкупно 3.080 решенија за промена на лично име или презиме.

### ДРЖАВЈАНСТВО

Во однос на државјанствата, издадени се 58.009 уверенија за државјанство, поднесени се 3.549 барања за прием во државјанство за вкупно 3.718 лица, поднесени се 957 барања за отпуст од државјанство за вкупно 1.166 лица, донесени се позитивни решенија за прием во државјанство за 1.210 лица, донесени позитивни решенија за утврдување на државјанство за 24 лица, донесени позитивни решенија за отпуст од државјанство за 1.270 лица, донесени негативни решенија за прием во државјанство за 131 лице, а за едно лице донесено е негативно решение за отпуст од државјанство.




Графички приказ бр.6- Број на издадени лични документи, уверенија за државјанства, регистрирани возила

## СООБРАЌАЈ

Во делот на сообраќајот, регистрирани се 607.989 возила, од кои на 560.301 возила продолжена е важноста на регистрација, за првпат регистрирани се вкупно 47.688 возила од кои 12.474 нови возила, а 35.214 половно-увезени возила, одјавени се 59.688 возила, извршена е промена на сопственост на 71.089 возила, извршена е промена на регистарски таблици за 99.064 возила и издадени се 259.887 сообраќајни дозволи.

Издадени се 730 извозни регистарски таблици, 627 таблици со ознака А9 за лица со времен престој во Република Северна Македонија, 66 за дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија, 511 за возила на лица со дипломатски статус, 47 за возила на лица со конзуларен статус и 3.559 регистарски таблици за возила во сопственост на лица кои се вработени во дипломатско-конзуларните претставништва, мисии на странски држави и меѓународни организации во Република Северна Македонија. Исто така, издадени се 303 регистарски таблици за лесни приколки, потоа 421 регистарски таблици за такси возила, 13.643 упати за извршување на А-тест на моторни и приклучни возила и 249 упатници за втиснување на број на шасија и/или број на мотор на возило.




Графички приказ бр.7- Број на издадени регистарски таблици

Во електронската евиденција ажурирани се 9.500 марки и типови на возила, издадени се вкупно 220.911 возачки дозволи, од кои 26.317 возачки дозволи на лица кои за првпат положиле возачки испит во Република Северна Македонија, издадени се 4.440 возачки книшки, од судовите примени се 25.581 решенија со изречена заштитна мерка “забрана за управување со моторно возило“, 19 решенија со санкција “престанок на важење на возачката дозвола” и 437 со санкција “забрана за стекнување со возачка дозвола”.

Секторот издаде вкупно 361 инструкторски возачки дозволи, потоа 23 лиценци за работа на авто-школи, 62 лиценци за возач инструктор во автошкола, 14 лиценци за предавач по наставна програма, сообраќајни правила и прописи во автошкола, 11 лиценци за испитувач по наставна програма (теоретски дел) и 24 лиценци испитувач

по наставна програма (практичен дел), како и осум лиценци за контролор во Испитен центар.

## ОРУЖЈЕ, ЕКСПЛОЗИВИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност, вршеше надзор над правни лица кои вршат промет со оружје и муниција, експлозивни материи, запаливи течности и гасови, изготвуваше одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи.

| Преку ЕХИМ системот издадени се: | |
|---|---|
| 165<br>9 | Одобренија за превоз на оружје и муниција при увоз;<br>Одобренија за извоз; |
| 115<br>7 | Одобренија за трансфер на оружје и муниција при увоз;<br>Одобренија за трансфер при извоз; |
| 73 | Одобренија за набавка на експлозивни материи при увоз; |
| 23<br>2 | Одобренија за превоз на експлозивни материи при транзит;<br>Одобренија за превоз на експлозивни материи при извоз. |

Табеларен приказ бр.3- Број на издадени одобренија за превоз на оружје, муниција и експлозивни материи

Извршен е надзор над 41 правни лица кои вршат дејност промет со оружје и муниција, потоа надзор над седум правни лица кои вршат дејност промет со експлозивни материи, запални течности и гасови, 21 контролни прегледи во правни лица. Исто така, издадени се претходни согласности за локација за складирање на запални течности и гасови од Секторот од кои 32 позитивни и 10 негативни согласности за локација.

| Во делот на набавка на оружје, преземени се следните активности: | |
|---|---|
| 9.381 | Барања за издавање одобренија за набавување на оружје од физички и правни лица, од кои 9.263 барања се поднесени од физички лица, а 118 барања се поднесени од правни лица; |
| 5.754 | Барања за издавање на одобренија за набавување на оружје по кои позитивно е одлучено; |
| 2.398 | Барања за издавање на одобренија за набавување на оружје по кои се донесени негативни одлуки. |

Табеларен приказ бр.4- Преземени активности во делот на набавка на оружје

Најголем дел од одобренијата-2.156 се однесуваат за набавка на полуавтоматско долго огнено оружје (Ц3 категорија) и 1.753 барања за полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје (Б1 категорија). Во 2023 година издадени се 7.402 одобренија за набавување на муниција за оружје.

| | |
|---|---|
| 4.258 | Парчиња оружје се новорегистрирани; |
| 2.996 | Парчиња оружје се пререгистрирани, односно извршена е замена на старите со нови дозволи за оружје согласно Законот за оружје; |
| 314 | Решенија се донесени за одземање на оружје и дозвола за оружје; |
| 57 | Решенија за одземање на оружје се во кривична постапка; |
| 60 | Решенија за одземање на оружје се во прекршочна постапка; |
| 186 | Решенија за одземање на оружје се во управна постапка; |
| 11 | Парчиња оружје се одземени поради употреба при семејно насилство. |

Табеларен приказ бр.5- Број на новорегистрирани и пререгистрирани парчиња оружје и издадени решенија за одземање на оружје

Исто така, издадени се 18 дозволи за приватно обезбедување, потоа шест решенија се донесени за одземање на дозволи за приватно обезбедување, две решенија со наложени мерки и едно решение за запирање на постапката, а издадени се по една лиценца и легитимација за вршење на детективска дејност.

## АЗИЛ

Секторот за азил и во 2023 година продолжи активно да соработува со повеќе институции и организации, а оствари интензивна соработка со повеќе меѓународни организации, меѓу кои за одбележување е соработката со EUA Агенцијата за азил на Европската Унија која до скоро се нарекуваше EASO, Канцеларијата на Високиот Комесаријат за бегалци УНХЦР- Скопје, MARRI Регионалниот центар, IOM, ICMPD, УНИЦЕФ и Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## 1.5 ОДДЕЛ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделот за правни работи и управување со човечки ресурси, преку Секторот за правни работи континуирано преземаше активности за креирање и подготовка на законските, подзаконските и останатите општи акти кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

Во делот на усогласувањето на законската регулатива, во 2023 година донесени се три закони со кои е извршена измена и дополнување на Законот за гранична контрола, Законот за личната карта и Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, а изготвени и во постапка на донесување се и три предлог закони со кои се врши изменување и дополнување на Законот за оружјето, Законот за внатрешни работи и Законот за матичен број.

Во делот на подзаконските прописи, како нови акти донесени се следните прописи: Правилник за начинот на спроведување на тестот за професионален интегритет на работниците во Министерството за внатрешни, Правилник за формата и содржината на обрасците на прекршочниот платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок и записник за контрола на техничката исправност на возила на јавен пат, Правилник за формата и содржината на обрасците на прекршочниот платен налог, записник за сторен сообраќаен прекршок и записник за контрола на техничката исправност на возила на јавен пат и Решение за определување паричен надоместок на претседателот и членовите на комисијата за полагање на стручен испит за оспособеност за извршување работи на технички преглед на возила во правните лица за технички преглед на возила.

Со донесување на акт за измена и дополнување ревидирани се вкупно 13 подзаконски прописи и два интерни акти, а во делот на интерните прописи донесени се вкупно 17 нови акти.

Одделението за нормативно - правни работи изготвуваше правни мислења, учествуваше во работните групи и во изработката на телеграми и наредби кои се изготвуваат во Министерството. Покрај ова, Одделението активно учествуваше и во изготвувањето на Стратешкиот план на Министерството, а истото е надлежно и за изработка на Годишниот план за спроведување на Проценка на влијание на регулативата, кој се објавува на порталот единствен национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР по донесување на Годишната програма за работа на Владата.

Во рамки на Одделението за логистика и координација на активностите поврзани со Владата на Република Северна Македонија изготвени се 13 меморандуми за соработка, пет договори за донација, еден договор за деловно – техничка соработка и повеќе видови на извештаи и информации кои се поврзани во овој домен.

Во рамки на Одделението за управување со човечки ресурси спроведени се постапките за вработување на вкупно 354 лица, а по основ на исполнет услов за пензионирање донесени се 480 решенија. Одделението тековно изготвуваше и конкретни решенија за остварување на правата од работен однос, при што во рамки на организациските единици за потребите на Министерството спроведени се 108 интерни огласи и изготвени се 186 решенија за распоредување.

Одделението за стручно оспособување и усовршување континуирано изготвуваше планови, програми, решенија и други акти кои се од важност за организација и спроведување на обуките, менторството, стручното оспособување и оценување на работниците, при што преземени се и активности по однос на актите за организацијата и систематизацијата на работните места во Министерството. Во делот на проектните активности, во соработка со ОБСЕ континуирано се одржувани работни средби и тековно беа имплементирани задачите од проектот „Градење на хибриден професионален едукациски систем во Министерството за внатрешни работи“.




Графички приказ бр.8- Преземени активности на Одделот за правни работи и управување со човечки ресурси

# 1.6 ОДДЕЛ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ

Во текот на 2023 година, како резултат на процесот на реформи во Министерството за внатрешни работи, со поддршка на мисијата на ОБСЕ во Скопје оформен е Одделот за дисциплински и судски постапки при Министерството за внатрешни работи, во чиј состав функционираат два сектора: Сектор за дисциплински постапки и Сектор за судски постапки и имотно правна-заштита, се со цел професионализација на процесот на спроведување на постапките за утврдување на дисциплинска одговорност поведени против работници на Министерството.
Првите постапки за утврдување на дисциплинска одговорност пред Одделенијата во Секторот за дисциплински постапки почнаа да се спроведуваат во текот на месец јули 2023 година.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ

Во периодот од започнување со работа на Одделенијата за дисциплински постапки до 31.12.2023 година, добиени се вкупно 567 предмети со предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Од нив по одржани расправи досега се донесени вкупно 277 решенија од кои:

- 43 решенија за откажување на договорот за вработување без постапка;
- 13 решенија за откажување на договорот за вработување во постапка;
- 143 решенија за парична казна;
- Шест решенија за распоредување на работникот на работно место едно ниво пониско од работното место на кое дотогаш работел;
- 11 решенија за писмено предупредување;
- 59 решенија за отфрлање на предлогот и ослободување на работникот од одговорност;
- Две решенија за отфрлање поради застареност;

Воедно изготвени се 45 решенија за отстранување на работникот од работното место. Во текот на 2023 година добиени и одговорено е по вкупно 13 приговори по решенија за изречени мерки.

## СЕКТОР ЗА СУДСКИ ПОСТАПКИ И ИМОТНО ПРАВНА ЗАШТИТА

Во евиденцијата што се води во Секторот за судски постапки и имотно правна заштита евидентирани се вкупно 4.236 заведени тужбени барања против Министерство за внатрешни работи, по следните правни основи:

- по основ надоместоци од работен однос вкупно 3.000 тужбени барања;
- разлика во плата до минимална плата 900 тужбени барања;
- додаток за кариера 175 тужбени барања;
- поништување на одлука 160 тужбени барања;
- надомест на штета 38 заведени тужби;
- по основ на долг 26 тужби;

Во текот на 2023 година од страна на Министерството за внатрешни работи поднесени се вкупно 12 тужбени барања, по различни основи. Во вкупната бројка на судски спорови во кои Министерството за внатрешни работи се јавува како тужена страна најголем дел отпаѓаат на работните спорови, кои се однесуваат на откажување на договорот за вработување, работни спорови како резултат на изречена дисциплинска мерка, работни спорови за поништување на решенија за распоредување, надоместоци од работен однос, надомест на трошоци за превоз, храна, разлика во плата и други основи.

Секторот за судски постапки и имотно правна заштита изготви голем број на одлуки за давање на трајно користење на недвижен и движен имот како на Министерството за внатрешни работи така и одлуки за отстапување на правото на користење на недвижен и движен имот од Министерството за внатрешни работи на други органи на државната управа.

| Дел од изготвените и реализирани одлуки и постапки согласно закон се следните : |
| --- |
| Одлука за давање на трајно користење на санитетски возила на ЦУК; |
| Одлука за пренесување на право на користење на недвижен имот на МВР (Маркова Нога); |
| Одлука за пренесување на трајно користење на недвижен имот на Општина Струга; |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот на МВР (Идризово); |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот на МВР (МРТВ); |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот на МВР во Маџари (Коњички клуб) и одлука за давање под закуп на истиот недвижен имот; |
| Постапка за давање во закуп на недвижен имот - бифе во Центарот за обука-Идризово; |
| Одлука за продажба на моторни возила како старо железо; |
| Постапка за регулирање на имотно правен статус на Аеродромската полициска база; |
| Постапка за регулирање на имотно – правниот статус на недвижен имот – Внатрешна контрола и бифе во кругот на МВР; |

Табеларен приказ бр.6- Изготвени и реализирани одлуки и постапки од Секторот за судски постапки и имотно-правна заштита

Преземени се активности со цел реализирање на Решенија за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи кои во текот на годината континуирано се доставуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија и истите се носат на предлог на Агенцијата за управување со недвижен имот на Република Северна Македонија.

## 1.7. ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди континуирано преземаше активности за утврдување и документирање на појавите со незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, на начин што постапуваше по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги собира, како и по поднесени претставки, пријави и известувања од граѓани, вработени во МВР, правни лица, невладини организации, барања од јавни обвинителства и други субјекти.

| Во 2023 година, Одделот презеде мерки за испитување на : | |
|---|---|
| 1.235 | Случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување кои се скоро на идентично ниво во однос на минатата година; |
| 854<br>235 | Примени писмени претставки од граѓани;<br>Усно поднесени претставки од граѓани; |
| 161 | Анонимни поднесоци; |
| 92 | Поднесоци од адвокати; |
| 35 | Претставки од правни лица; |
| 32 | Претставки од Народен правобранител; |
| 8 | Писмени реакции кои се доставени преку Хелсиншкиот комитет за човекови права; |
| 312 | Службени материјали добиени од организациските единици во МВР каде се укажува на неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР. |

Табеларен приказ бр.7- Преземени мерки на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

По извршена анализа и работа на претставките, констатирано е дека во 530 (510) случаи изнесените наводи се неосновани, 92 (99) претставки се основани, 90 (84) се делумно основани, во 210 (208) предмети нема доволно докази за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, а една претставка (15) е решена на друг начин (нема основ за постапување). За утврдените неправилности, од страна на Одделот против 451 (468)

вработени изречена е задолжителна мерка за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, за 151 (388) лице изречена е мерка укажување, а за 26 (56) вработени изречена е мерка за покренување на постапка за надомест на штета - материјална одговорност. За 48 (46) вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 47 (53) работници се упатени на психолошко-психијатриски преглед и од 38 (36) вработени е одземено службеното оружје.

Одделот учествуваше во вкупно 321 (314) расправа која е поврзана со водење на дисциплинските постапки, а во случаите кои имаат обележје на кривично дело, од страна на Одделот поднесени се 12 (17) кривични пријави против 19 (29) вработени во МВР за сторени 14 (20) кривични дела, од кои три се „злоупотреба на службената положба и овластување", четири „примање поткуп", три „малтретирање во вршење на службата" и по едно кривично дело „несовесно работење во службата", „затајување", „проневера во службата" и „тешка телесна повреда". До Основните јавни обвинителства изготвени и доставени се вкупно 259 (289) известувања, од кои 53 (93) се за нивно запознавање и постапување, а 206 (196) се изготвени по барање на истите.

Во текот на 2023 година, Одделот постапи по 62 (52) поднесоци за употребена физичка сила врз граѓани, при што за 21 (28) од нив е утврдено дека се неосновани, во 35 (20) случаи поради немање докази не може да се утврдат наводите за употребена физичка сила, а шест (четири) претставки се основани и за истите се поднесени три кривични пријави за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на служба" и три известувања до ОЈОГОКК - Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.

Одделот излезе на лице место на 46 (42) случени сообраќајни незгоди во кои учествувале возила сопственост на Министерството, при што во случаите каде што постои основ изречени се задолжителни мерки за поведување на вкупно 20 (20) постапки за утврдување на материјална одговорност.

Во делот на контролите кои се спроведени од Одделот констатирани се неправилности во работењето кај 35 полициски службеници за што поднесени се 28 предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а за седум полициски службеници е изречена мерка писмено укажување.




Графички приказ бр.9- Преземени мерки по примени поплаки и неправилности во работењето на полициските службеници

Во рамки на активностите на Одделот изготвена е Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2023 година и Акциски план за нејзина имплементација, при што во основа на програмата се земени во предвид препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за

спроведување на законот“. Во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор изработен е План за интегритет на МВР 2023-2025 и Акционен план за имплементација на наведениот план, кој претставува внатрешен анти-коруптивен документ за градење на интегритетот и содржи сет на мерки за превенција и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување.

Во насока на континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените одржани се повеќе обуки и работилници, а учество е земено и на 94-тата Пленарна седница на ГРЕКО (Група земји за борба против корупцијата во рамките на Советот на Европа), која се одржа во Стразбур, Р. Франција, каде по извршено разгледување на Вториот ситуациски извештај за Република Северна Македонија, за нашата земја беше дадена позитивна оценка со акцент на позитивните реформи кои се направени со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи и Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција со кои се воведе Тестот за професионален интегритет, деполитизација во Министерството, пријава на имотна состојба и интереси и одвојување на оперативната функција на полицијата од Министерството.

На покана на Програмата на Амбасадата на САД – ИЦИТАП, претставници од Одделот присуствуваа на годишна конференција од областа на внатрешната контрола на САД во организација на NIAIA – Национално здружение на внатрешни контроли во САД која се одржа во Тексас, при што Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше сертифициран како член на ова национално здружение.

Одделот ја интензивираше соработката со службите за внатрешна контрола на Република Србија, Унгарија и Романија и на нивна покана остварени се студиски посети со цел за размена на искуствата кои се поврзани со спроведувањето на тестовите за интегритет. Во 2023 година, делегација на Одделот присуствуваше и на церемонијата за одбележување на 17 годишнината од формирањето на Полициskиот инспекторат на Р. Косово, при што за време на истата, заедно со раководните служби на Р. Косово, Р. Албанија и Р. Црна Гора, потпишана е Декларација за формирање на Балкански форум за полициски надзор, што произлезе од заклучокот на Регионалната конференција за спречување на корупцијата на граничните премини.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот ги отпочна активностите за примена на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и истиот во текот на годината се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет, при што активностите за исполнување на стандардот, согласно воспоставените процедури, ќе продолжат да се спроведуваат и во следниот период.

## 1.8. ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

И во текот на 2023 година, Одделот за финансиски прашања продолжи со активностите поврзани со реализација на обезбедените финансиски средства во Буџетот на Министерството за внатрешни работи согласно постојните законски одредби. Финансирањето на Министерството се вршеше со средствата обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија и сопствени приходи остварени по основ на вадење лични документи, платливи обрасци, регистарски таблици, фактурирани услуги (дадени асистенции) и слично.

Од страна на Секторот за буџетска координација и контрола, по одобрување на Буџетот на МВР за 2023 година, беа изготвени и доставени до Министерството за финансии годишни и месечни планови на Буџетот за 2023 година кои претставуваат рамка за реализирање на одобрените средства од Буџетот и контролен механизам за наменско трошење. На веб страната на МВР беше објавен Буџетот на МВР за 2023 година, како и полугодишен и годишен извештај за реализација на Буџетот на МВР за 2023 година по сите сметки на министерството. Согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси се донесе Решение за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2023 година, а согласно Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите, беа изготвени пет Решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет.

Согласно Правилникот за начинот за давање на овластувања изготвен е Регистер на овластување на МВР во кој се евидентирани сите лица кои имаат добиено Решенија за генерално овластување од финансиска област, а изготвени се и 20 Анекси на Регистер на овластување на МВР.

Годишниот финансиски извештај за воспоставување на системот на финансиско управување и контрола за 2022 година и Планот за воспоставување на системот за финансиско управување и контрола се доставени до Министерството за финансии, а преку апликацијата ЕСПЕО (Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски) на месечна основа се доставени извештаи за обврските на Министерството. Во текот на годината извршена и изготвена Предлог-буџетска пресметка на МВР за 2024-2028 година.

Одделението за плати спроведуваше контрола, анализа, следење на извршувањето на одобрените средства од Буџетот за плати и надоместоци во текот на целата година. Реализирана е исплата на Бонус плата за 2022 година, за вработени кои оствариле над 150 часа прекувремена работа по изготвени решенија од надлежни служби за правни работи. Реализиран е регрес за годишен одмор за вработените за 2023 година, а се изврши и исплата на отпремнини за вработени кои имаат престанок по основ пензионирање во 2023 година, јубилејни награди и други надоместоци по решенија од надлежни служби за правни работи и управување со човечки ресурси.

Изготвен е Акциски план за спроведување на пописот за 2023 година, изготвени се решенија за формирање на Централната пописна комисија на МВР и поединечни пописни комисии за организациските единици за потребите на Министерството. Исто така, во тековната година од страна на сертифицирано тело А-ЦЕРТ-Скопје, согласно барањата на стандардот за квалитет МКС EN ISO 9001:2005 беше спроведена надзорна проверка на Системот за менаџмент со квалитет која помина без забелешки.

## 1.9 ОДДЕЛ ЗА ПРЕКРШОЦИ

Одделот за прекршоци континуирано преземаше активности за водење на прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочните санкции согласно одредбите од Законот за прекршоци, Законот за општа управна постапка и другите процесни и материјални прописи кои се во надлежност на комисиите како што се Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, Законот за патните исправи, Законот за лична карта, Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, Закон за лично име, Закон за детективска дејност, Закон за гранична контрола, Закон за заштита од експлозивни материи, Закон за складирање и заштита од запалливи течности, гасови и материи, Закон за возила и Законот за заштита на населението од заразни болести.

Во 2023 година, задолжени се 68.388 нови предмети (79.508) и решени се вкупно 59.846 (95.589) предмети, од кои најголем дел се за прекршоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, при што по овој закон и Законот за возила примени се 56.092 нови барања, а решени се 50.619 предмети.

68.388
Нови предмети

59.846
Решени

56.092 нови барања, решени 50.619 предмети ЗБСП и Закон за возила

Графички приказ бр.10- Преземени активности на Одделот за прекршоци

Секторот за прекршоци, во континуитет преземаше активности за организацијата и координацијата на подрачните одделенија за прекршоци и истиот непосредно учествуваше во изработка на извештаите, анализите, плановите и информациите од надлежност на Одделот, при што преземени се активности за имплементација на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, целосно е спроведен Планот за контрола и надзор на ниво на сектор, иницирани се измени и дополненија на Законот за прекршоците против јавен ред и мир и тековно се преземени други мерки за поддршка, контрола и надградба на капацитетите на службата.

## 1.10 ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

Организациските единици на Одделот за општи и заеднички работи во текот на 2023 година активно учествуваа и даваа значаен придонес во сите процеси за реализација на континуираните заложби на Министерството во насока на подобрување на условите за работа на вработените, како и создавање на енергетско ефикасни објекти и заштита на животната средина, биодиверзитет на природата и подигнување на еколошката свест.

Секторот за набавки, менаџмент и логистика согласно планот за јавни набавки за 2023 година, спроведе 49 постапки, за што беа објавени вкупно 151 огласи и беа склучени 225 рамковни спогодби и договори согласно кои редовно се извршуваа сите плаќања кои беа во целост усогласени со доделениот буџет и спроведените набавки. Исто така, беа извршени контрола на квалитет на сите приеми на стоки во 2023 година.




Графички приказ бр.11- Преземени активности на Секторот за набавки, менаџмент и логистика

Во Одделението за административни и заеднички работи, во рамки на писарницата-архив, во електронскиот деловодник заведени се вкупно 139.347 предмети, во строго доверливиот деловник заведени се 773 предмета, а во препорачани пратки заведени и испратени се 14.455 препорачани писма и 19 ДХЛ пратки.

| Одделението за имот, изградба и одржување ги реализира следните активности: | |
|---|---|
| 1. | Реновирање и санација на објекти на МВР (извршено е внатрешно реновирање и санација на просториите на ПС за ГН Пелинце, реорганизација на просториите за сместување на новоформираниот Оддел за дисциплински и судски постапки, оспособување на простории во подрачни служби за криминалистичка техника за набавка и поставување на новиот компјутерски систем за автоматизирана идентификација по биометриски податоци (ABIS); |
| 2. | Изградба на нов објект за потребите на ЕВР Аеродром за кој во текот на изминатата година е обезбедена целокупната документација, добиено е одобрение за градење и отпочнато е со градба на новиот објект на ЕВР Аеродром; |
| 3. | Отпочнување со изведба на адаптацијата и реновирање на просториите кои ги користи МВР во објектот на МРТВ; |

| 4. | Вклучување во ИПА проекти (обезбедена е употребна дозвола за новоизградениот објект за потребите на Форензичка лабораторија која што во моментов е ставена во функција и за вработените кои што успешно ги извршуваат работните задачи во нов и функционален објект кој е изграден по меѓународно прифатените стандарди. |
|---|---|

Табеларен приказ бр.7- Реализирани активности на Одделението за имот, изградба и одржување

Продолжуваат активностите во реализација на проектите со ОБСЕ и УНДП:

- во тек е реализација на Проект „Поддршка на националните власти на Република Северна Македонија во намалувањето на ризикот од пролиферација и злоупотреба на малото и лесно оружје (МЛО) на ОБСЕ К-9 Изведба на боксови за полициски службени кучиња“.
- Исто така, во тек е реализација на Проектот „Инженерски услуги за структурно/архитектонско проектирање и тендерско досие за реконструкција со надградба и доградба на државната гранична полициска станица кај граничниот премин „Маркова Нога“, за што донесена е Одлука на Владата на Република Северна Македонија за доделување на имот со корисничко право на МВР.
- Во рамки на Проектот за мало и лесно оружје-МЛО и истраги поврзани со МЛО со поддршка на УНДП а во насока на подобрување на практиките за собирање на податоци за мало и лесно оружје, во тек е изготвување на проект за физичко обезбедување на магацините за оружје во касарната „Ѓорче Петров“ односно оградување со жичана ограда и видео надзор.
- Во тек е одобрување на Проектот за адаптација и реновирање на Центарот за обука во Идризово со кој се предвидува подобрување на условите за сместување и извршување обука на идните кадри на МВР,
- Со донација од ОБСЕ обезбедено е решение за реконструкција на објект во Центарот за обука во Идризово кој ќе биде наменет за воспоставување на мултимедијален центар за хибридно учење;
- Ставени се во употреба нови спортски терени-кошаркарско игралиште и фитнес реквизити во Полицискиот центар Ѓорче Петров во соработка со Агенција за млади и спорт,
- Прилагодени се помошни простории на МВР за потребите на Одделот за граѓански работи како базни станици се со цел забрзано издавање на лични документи и намалување на времето на чекање;
- Опремен е Кабинет за обука за откривање на фалсификувани документи како донација од страна на Германија. Кабинетот е сместен во Центарот за обука на кадри во Идризово.

Во текот на 2023 година, Одделението преземаше активности согласно заложбите на Владата на Република Северна Македонија за заштита на животната средина и намалување на трошоците за греење и ладење во насока на создавање на енергетско ефикасни објекти. Притоа, беа и се поставуваат нови системи за парно греење на електрична енергија и гасификација (каде што има услови за истото) со што

максимално се прават заложби за исфрлање на греењето на цврсто гориво и намалување на штетни гасови и честички во природата.

Одделението за возен парк, возила и механичарски работилници, во текот на 2023 година презеде поправки на возила во сервисот на МВР, со што се направи голема заштеда на финансиски средства, наместо возилата да се проследат во овластени сервиси чии услуги се со висока цена. Во таа насока, исконтролирани се 1.450 возила, од кои 1.091 возило се поправени во сервисот на МВР.

Во делот на магацинското работење во текот на годината извршена е целосна имплементација на модулот за магацинско работење во софтверскиот систем од ASSECO кој овозможува електронско евидентирање на прием и излез на материјални средства.

## 1.11 ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

Во 2023 година, Центарот за обука, реализираше активности согласно Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи, Стратегијата на Центарот за обука и барањата за обуки од организациските единици за управување со човечки ресурси во Министерството, при што врз основа на претходно изготвени наставни програми и планови, беа спроведени основни и континуирани обуки.

Во мај 2023 година, во Центарот за обука започна основната обука за полициски службеници генерација 2023/2024 која ја посетуваат 510 кандидати. Во делот на континуираните обуки и обуките заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите реализирани се вкупно 87 обуки кои успешно ги завршија 2.031 вработен во Министерството и други сродни државни институции. Во текот на годината од страна на вработените во Центарот изготвени се 12 наставни програми, од кои 10 за континуирана обука и по една наставна програма за основна и меѓународна обука, а извршени се и евалуации за 22 реализирани обуки и оценување на кандидатите по два модули во рамки на основната обука за полицаец.

Центарот во делот на меѓународната соработка во текот на годината со свои ресурси и капацитети учествуваше и/или реализираше 14 меѓународни обуки, а преку свои претставници во континуитет активно учествува во 10 заеднички проекти, соработува и добива поддршка од меѓународни организации и други полициски институции. Оваа година, се отпочна со спроведување на активностите за реакредитација на Центарот за обука, со поддршка на ИЦИТАП програмата при Амбасадата на САД во Скопје, кои се очекува да завршат во 2024 година.

Континуирано и успешно продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, при што отпочнати се активностите за „Утврдување на потреби на обука за менаџмент на средно раководно ниво“, преземени се активности во рамки на проектите: „Градење на систем на хибридно образование во Министерството за внатрешни активности“, „Мултимедијален центар за хибридно учење“.

Потоа земено е учество во работни групи за спроведување на стратешките определби на МВР во областа на обуката, што резултираше со изработка на каталози на компетенции и обуки, а во рамки на работна група од областа на управување со човечки ресурси изработена е драфт верзија на прирачниците за утврдување и планирање на приоритетни области.

# 2. СОСТОЈБИ СО КРИМИНАЛ, ЈАВЕН РЕД И МИР, СООБРАЌАЈ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ



## 2.1 СОСТОЈБИ И ДВИЖЕЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

На подрачјето на Република Северна Македонија во текот на 2023 година беа регистрирани 19.668 (21.545)[1] кривични дела, што претставува намалување на криминалитетот за 8,7% споредбено со 2022 година. Наведениот тренд во најголем дел се должи на намалувањето на бројот на кривичните дела од областа на класичниот криминалитет – за над 1.600 дела. Стапката на вкупниот криминалитет изнесува 1.071 пресметано на 100.000 жители. Со извршените кривични дела е предизвикана материјална штета во износ од 2,1 милијарди денари.

ВКУПЕН КРИМИНАЛИТЕТ ПО ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА

Кривични дела

| СВР | Вкупно | Со познат сторител | Со непознат сторител | Сторители |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | 8.967 | 2.524 | 6.443 | 3.998 |
| Битола | 2.302 | 1.126 | 1.176 | 1.971 |
| Велес | 1.055 | 509 | 546 | 1.033 |
| Куманово | 1.247 | 714 | 533 | 1.085 |
| Охрид | 1.307 | 774 | 533 | 1.193 |
| Струмица | 1.155 | 686 | 469 | 1.204 |
| Тетово | 1.889 | 1.266 | 623 | 1.824 |
| Штип | 1.666 | 799 | 867 | 1.429 |
| ОСОСК | 80 | 78 | 2 | 240 |
| Вкупно | 19.668 | 8.476 | 11.192 | 13.977 |

Табеларен приказ бр.8- Вкупен криминалитет по организациски единици (2023)

Во рамки на реализираните кривични дела, мерки на кривичен прогон се преземени против 13.977 сторители, од кои 110 се правни лица. Активностите резултираа со реализација на вкупно 11.314 кривични дела, а дополнително беа расветлени и 337 кривични дела од минати години, со што е **постигната ефикасност од 59,2%,** која споредбено со минатата година е во зголемување за 3,7%.




И во 2023 година продолжи намалувачкиот тренд кај кривичните дела кои се извршени од деца, при што во споредба со минатата година, истите се намалени за 10,3%. Во овој период регистрирани се 594 кривични дела извршени од 911 деца.

Графички приказ бр.12-Кривични дела извршени од деца

1 Податоците во заградата се однесуваат на 2022 година

## Број на кривични дела по области на криминал

| КРИМИНАЛИТЕТ | Кривични дела | | промена % | Пријавени сторители | | промена % | % од вкупен криминал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | | 2023 | 2022 | | 2023 | 2022 |
| Класичен криминалитет | 17.350 | 18.978 | -8,6 ↓ | 11.310 | 12.144 | -6,9 ↓ | 88,2 | 88,1 |
| Економски криминалитет | 1.039 | 1.381 | -24,8 ↓ | 1.116 | 1.557 | -28,3 ↓ | 5,3 | 6,4 |
| Организиран криминалитет | 242 | 239 | 1,3 ↗ | 393 | 342 | 14,9 ↗ | 1,2 | 1,1 |
| Недозволена трговија | 1.033 | 943 | 9,5 ↗ | 1.153 | 1.025 | 12,5 ↗ | 5,3 | 4,4 |
| КД против државата | 4 | 4 | | 5 | 2 | 150 ↗ | 0,02 | 0,02 |

Табеларен приказ бр.9 - Број на кривични дела по области на криминал

Најзастапени се кривичните дела од областа на класичниот криминалитет кои годинава имаат учество од 88,2% во вкупниот криминалитет, по што следуваат кривичните дела од областите на економскиот криминал и недозволената трговија со учество од 5,3% во вкупниот криминалитет.

## Состојби со криминалитет по организациски единици

| СВР | Кривични дела | | | Пријавени сторители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2022 | промена во % | 2023 | 2022 | промена во % |
| Скопје | 8.967 | 9.671 | -7,2 ↓ | 3.998 | 3.973 | 0,6 ↗ |
| Битола | 2.302 | 2.884 | -20,2 ↓ | 1.971 | 2.698 | -26,9 ↓ |
| Велес | 1.055 | 1.096 | -3,7 ↓ | 1.033 | 889 | 16,2 ↗ |
| Куманово | 1.247 | 1.293 | -3,6 ↓ | 1.085 | 1084 | 0,1 ↗ |
| Охрид | 1.307 | 1.613 | -19 ↓ | 1.193 | 1.486 | -19,7 ↓ |
| Струмица | 1.155 | 1.084 | 6,5 ↗ | 1.204 | 1.048 | 14,9 ↗ |
| Тетово | 1.889 | 1.876 | 0,7 ↗ | 1.824 | 2.042 | -10,7 ↓ |
| Штип | 1.666 | 1.949 | -14,5 ↓ | 1.429 | 1.670 | -14,4 ↓ |
| ОСОСК | 80 | 79 | 1,3 ↗ | 240 | 180 | 33,3 ↗ |
| Вкупно | 19.668 | 21.545 | -8,7 ↓ | 13.977 | 15.070 | -7,3 ↓ |

Табеларен приказ бр.10 - Број на кривични дела по организациски единици

Најголемиот број од кривичните дела се регистрирани на подрачје на СВР Скопје каде е забележано намалување на инкриминациите за 7,2% во однос на 2022 година, по што следат подрачјата на СВР Битола, СВР Тетово и СВР Штип. Во 2023 година пораст на кривичните дела е регистриран на подрачјето на СВР Струмица за 6,5%, додека на подрачјето на СВР Тетово регистрираните кривични дела се скоро на идентично ниво. Кај сите останати Сектори за внатрешни работи криминалитетот е во намалување. Намалувањето е најизразено на подрачјето на СВР Битола каде делата се намалени за 20,2%, СВР Охрид за 19% и СВР Штип каде е регистрирано намалување од 14,5%.

## 2.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА

Континуирано се преземаа активности за превенција од радикализам, насилен екстремизам, борба против тероризмот и зачувување на националната безбедност. Во 2023 година, регистрирани се четири кривични дела против државата, исто како и во 2022 година.

Според видот, две дела се **„предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“** на подрачје на Тетово и Струмица, а по едно кривично дело е во Виница **„расна и друга дискриминација“**, каде кривично пријавен е полициски инспектор кој за работно време поттикнувал расна дискриминација и едно **„служба во непријателска војска“** извршено од две лица, регистрирани како припадници на Исламска држава кои во 2014 година на територија на Сирија се приклучиле во вооружените формации на терористичката организација Исламска држава ИСИС и како борци активно учествувале во воените дејствија.

Кривични дела против државата

| | кривични дела | сторители |
|---|---|---|
| Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа | 2 | 2 |
| Расна и друга дискриминација | 1 | 1 |
| Служба во непријателска војска | 1 | 2 |
| Вкупно | 4 | 5 |

Табеларен приказ бр.11-Број на кривични дела по организациски единици

Во рамки на оваа област, за истраги поврзани со радикално верски групации кои делуваат на просторите на Балканот, а со свои оперативни ограноци делуваат и во повеќе западно европски земји држави во текот на 2023 година (за прв пат после повеќе години), воспоставен е JIT (Joint investigation team) со Италија, Албанија, Швајцарија, Германија, Финска, Косово, Европол и ЕВРОПРАВДА, при што во рамки на истите истраги, започната е и соработка со Федералното Биро за Истраги поврзани со тероризам на САД.
Во 2023 година продолжи процесот на ресоцијализација и реинтеграција во кој беа вклучени шест семејства од претходната година, во рамки на формирана Меѓуресорска работна група за реинтеграција на странски терористички борци.

Исто така реализиран е и случај во врска со лажни дојави за поставени експлозивни направи, во кој кривично е пријавено 15 годишно дете од Скопје за сторено кривично дело „тероризам”.

## 2.3 ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Во областа на организираниот криминал беа откриени 242 (239) кривични дела, за што мерки на кривичен прогон беа преземени против 393 (342) лица. Бројот на откриени кривични дела е скоро на идентично ниво, а зголемување за 15% бележат кривично пријавените лица.

Во 2023 година беа спроведени комплексни полициски операции за откривање на криминалните активности на организираните криминални групи, кои резултираа со сузбивање на 14 организирани криминални групи, во кои дејствувале 123 физички и три правни лица. Најголем број од групите (пет) беа поликриминални групи, истовремено инволвирани во повеќе области на криминал: недозволена трговија со дрога и оружје, економски криминал и кривични дела против културното наследство, даночна измама и перење пари.

Во **недозволената трговија со дрога сузбиени се девет организирани криминални групи,** кои дејствувале на меѓународно или национално ниво, од кои **три се поликриминални, инволвирани и во недозволена трговија со оружје**. Во рамки на сузбиените групи кривично се пријавени 65 лица, од кои двајца државјани на Р.Албанија. Борбата против меѓународниот организиран криминал, резултираше со успешно спроведени заеднички меѓународни истраги, при што на територијата на Р.Албанија и Р.Грција беа запленети 590 килограми кокаин и 85,4 килограми марихуана. Министерството за внатрешни работи во заедничка меѓународна истрага со Службата за борба против дрога од Солун, Република Грција, Американската служба за борба против дрога - ДЕА и Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа – СЕЛЕК, реализираа заедничка операција на недозволена трговија со кокаин, при што во Солун, во две координирани акции запленија 265,6 килограми кокаин. Покрај ова, во заеднички истражен тим со Р.Албанија, беа спроведени координирани полициски активности, при што кривично пријавени се четворица македонски државјани, кои биле членови на меѓународната организирана криминална група инволвирана во организирање на транспорт на наркотична дрога кокаин од Јужна Америка за земјите од ЕУ. Во рамки на оваа акција во Р.Албанија беа запленети 324,4 килограми кокаин.

Во областа на **криумчарењето мигранти** сузбиена е 24 члена меѓународна организирана криминална група - дел од меѓународен канал која подолг временски период планирала, договарала и организирала криумчарење на мигранти од Р.Грција кон Р.Унгарија и од Р.Бугарија кон Р.Србија, со крајна дестинација во земјите на ЕУ.

Сузбиени ОКГ по област на криминал

| Област на криминал | Сузбиени ОКГ | Кривично пријавени физички лица | Кривично пријавени правни лица |
|---|---|---|---|
| Криумчарење мигранти | 1 | 24 | |
| Недозволена трговија со дрога | 6 | 24 | |
| Недозволена трговија со дрога и оружје | 3 | 41 | |
| Културно наследство и економски криминал | 1 | 11 | |
| Злоупотреба на службена положба и овластување | 1 | 4 | |
| Злосторничко здружување, даночна измама и перење пари и други приноси од казниво дело | 1 | 15 | 3 |
| Кривични дела против правосудството | 1 | 4 | |
| Вкупно | 14 | 123 | 3 |

Табеларен приказ бр.12-Сузбиени ОКГ по област на криминал во 2023 година

Во областа на коруптивните злоупотреби, **сузбиена е четиричлена организирана криминална група**, составена од поранешен градоначалник на општина Неготино и вработени во општина. Пријавените спротивно на одредбите од законот за јавни набавки, без да обезбедат согласност, распишале оглас за рационализација и унапредување на јавна водоснабдителна мрежа, во кои предвиделе критериуми и технологија која упатува на конкретно производство. Истите со склучување на договорот овозможиле трети лица да се стекнат со противправна имотна корист од 21,2 милиони денари.
Во делот на д**аночни измами и перење пари, сузбиена е организирана криминална група** во која кривично се пријавени 15 физички и три правни лица. Организираната криминална група правните субјекти ги користела како даночни гаранти за издавање на лажни фактури едни кон други, без да постојат реални деловни активности. Врз основа на овие фактури до Управата за јавни приходи биле доставувани даночни пријави, со цел неосновано побарување на поврат на данок. Организаторите за возврат добивале стока, движен и недвижен имот, кои подоцна ги препродавале на трети лица со што противправно се стекнувале со материјално-имотна корист.

Во координирана полициска акција **сузбиена е повеќечлена поликриминална организирана криминална група** составена од лица од Скопје и едно лице од Тетово**, која подолг временски период била инволвирана во кривични дела против културното наследство и економскиот криминал.** Во периодот од октомври 2022 до септември 2023 година, службено лице поранешен неизвршен член и Претседател на Одбор на директори во АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката, со цел членовите на злосторничкото здружување да се стекнат со противправна имотна корист извршил противправно рушење, односно уништување на автентичниот објект хотел „Шар Ан" кој како дел од Старата скопска чаршија со Закон е прогласен за културно наследство.

Во рамки на **кривични дела против правосудството, сузбиена е група составена од четири лица** вработени во КПУ Идризово, кои кривично се пријавени за сторено кривично дело „противзаконито ослободување на лице лишено од слобода". Пријавените во својство на затворски полицајци – командир и надзорници, спротивно на закон, ослободиле лице осудено за убиство и недозволена трговија со дрога, кое им било доверено на чување и му помогнале да побегне, на тој начин што не постапиле според процедурите за спровод на осудено лице.

## 2.4 КОРУПЦИЈА И ПЕРЕЊЕ ПАРИ

### 2.4.1 КОРУПЦИЈА

Сузбивањето на корупцијата претставува национален предизвик кој во континуитет продолжува да биде главен стратешки приоритет во постапувањето на Министерството за внатрешни работи.

Во текот на 2023 година активностите во рамките на борбата против корупцијата резултираа со **сузбивање на организирана криминална група** составена од **четири члена** кои во својство на градоначалник и вработени во општина Неготино ја злоупотребиле службената положба преку незаконито постапување во делот на јавните набавки, овозможувајќи склучување на договор за проектирање и изведба на работи за рационализација и унапредување на јавниот водоснабдителен систем во општина Неготино, врз основа на кој правни лица се стекнале со противправна имотна корист над 21,2 милиони денари.
Исто така, сузбиени се и **две организирани поликриминални групи** во кој основен мотив и двигател на криминалните активности се коруптивните елементи и стекнувањето на значителна противправна имотна корист на штета на државата, при што во два случаи предизвикана е материјална штета над 231,6 милиони денари.

Покрај сузбивањето на организираните облици на корупција, фокусот беше насочен и кон санкционирање на поединечните случаи на коруптивно однесување, при што годинава регистрирани се вкупно **126 кривични дела** кои се на приближно исто ниво како и во 2022 година. Кривично се пријавени **185 сторители,** од нив 180 се физички и пет правни лица. Причинетата **материјална штета** годинава е **зголемена за 54,6% во однос на лани и изнесува над 352,3** (227,8) милиони денари.

Криминалните активности од овој вид најчесто ги извршувале лица вработени во јавните установи и претпријатија, државните институции, единиците на локалната самоуправа и правните лица, кои преку широк спектар на појавни облици се инволвирани во коруптивни дејствија и прекршување на законската регулатива во областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, урбанизмот, полициското работење, потоа во областа на царинското работење, административните процедури, јавните набавки, јавните услуги, даночните обврски, образованието, издавањето на дозволи, лиценци и концесии, здравствените услуги и друго.

Најголема застапеност имаат злоупотребите на службената положба кај кои се присутни **коруптивни елементи,** откриени се 68 кривични дела кои учествуваат со 54% во вкупниот број коруптивни дела и истите се намалени за околу 21% во однос на 2022 година. Притоа, најголем број од злоупотребите се откриени на подрачјата на СВР Штип–12, СВР Охрид-11, СВР Битола-девет и СВР Струмица–осум злоупотреби, додека во помал број на подрачјата на СВР Скопје и СВР Тетово–по седум, СВР Куманово-шест, како и по четири од страна на СВР Велес и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. За делата кривично се пријавени 112 сторители, а за 72,6% е зголемена причинетата материјална штета која оваа година изнесува над 285,3 милиони денари.

Во анализата на коруптивните активности значаен е уделот и на кривичните дела „**несовесно работење во службата**“ со коруптивен елемент, за што регистрирани се **27 кривични дела**, кои годинава бележат пораст од 42,1% и по однос на истите кривично се пријавени 35 сторители, од кои едно правно лице, а предизвикана е **материјална штета** над 13,5 милиони денари. Покрај ова, откриени се и **шест** кривични дела **перење пари и други приноси од казниво дело** со коруптивен елемент и **три** дела **проневера во службата**.

Во делот на **класичната корупција** регистрирани се 22 кривични дела, од кои 21 е реализирано, со што е постигнато највисоко ниво на откривачка функција од 2015 година до сега. Најзастапени се „**давање поткуп**“–11 дела, сторени од 12 физички лица (шест македонски државјани, три грчки и по еден државјанин на Бугарија, Турција и Албанија) кои нуделе поткуп на полициски службеници и вработен во општина, потоа 10 кривични дела „**примање поткуп**“, од кои девет се реализирани и кривично се пријавени 11 сторители кои во својство на полициски службеници, раководител во АД „Водостопанство“, вработен во Министерство за одбрана, инспектор за контрола на патниот сообраќај при Општина Битола, заменик командир на шумска полиција во Демир Хисар и инспектор во Државен пазарен инспекторат примиле поткуп во рамки на извршување на својата службена должност, како и едно дело **соизвршителство во врска со примање поткуп** извршено од вработен во Министерство за одбрана. **Еден пријавен случај** на наводно примање поткуп е во фаза на расветлување.







Графички приказ бр.13-Тренд на движење на кривични дела од класична корупција и Индекс на перцепција на корупцијата во Република Северна Македонија

Според извештајот на Транспаренси интернешнал за 2023 година, Индексот за перцепција на корупцијата кој претставува водечки глобален индикатор за нивото на застапеност на корупцијата во јавниот сектор, ја рангира нашата земја на 76 место, што укажува на подобрување на состојбата во однос на 2022 година, кога нашата земја беше рангирана на 85 место, а воедно претставува највисок рејтинг од 2016 година. Во контекст на регионот годинава нашата земја бележи подобар резултат во однос на Србија, Албанија, Косово и Босна и Херцеговина, додека послабо рангирани сме од Црна Гора и Бугарија.

## 2.4.2 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Годинава, бележиме **повеќекратно зголемена откривачка активност** на кривичните дела „**перење пари и други приноси од казниво дело**" во споредба со 2022 година. Регистрирани се вкупно 10 кривични дела, лани само едно, за кои кривично се пријавени 15 сторители. Поврзаноста со корупцијата е документирана во **шест** од кривичните дела, од кои **три** се откриени во рамките на сузбиената организирана поликриминална криминална група која во текот на 2020 и 2021 година преку основање на фиктивни правни лица кои немале никаква реална деловна активност, издавале фиктивни фактури и генерирале фиктивни барања кон УЈП за поврат на данок со што го оштетиле буџетот за над 51,6 милиони денари, при што во овој дел кривично се пријавени четири физички и три правни лица, од кои едно правно лице е пријавено за сторени две кривични дела.




Графички приказ бр.14-Кривични дела -перење пари

Во **два од преостанатите случаи** поднесени се кривични пријави против две лица во врска со сторени низа злоупотреби и неправилности во областа на урбанизмот, притоа стекнувајќи се со сопственост на недвижен имот од значителна вредност, додека **во последниот случај** кривично е пријавен вработен во општина Тетово, кој во период од четири години на банкарските сметки во повеќе банки во земјата, како и преку услугите за брз трансфер по разни основи (донации и подароци) од лица со кои не може да се утврди деловна, роднинска или друга поврзаност реализирал значителни суми на парични средства кои се и предмет на даночно затајување и истиот ги користел за купување на движен и недвижен имот.

Исто така, **три** кривични дела се откриени во делот на преземените активности за откривање на противзаконито постапување при регистрација на моторни возила, за што кривично се пријавени три лица кои ги извршиле и кривичните дела „**фалсификување исправа**" и „**употреба на исправа со невистинита содржина**", а во последниот случај за „**перење пари**" пријавено е лице повеќекратен сторител на имотни деликти, поради пронајдени парични средства за кои не поседувал доказ за потекло.

# 2.5 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 2.5.1 КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

Илегалната миграција и активностите на криминалните групи се многу динамични и широко распространети. Криумчарењето на мигрантите се врши на територија на повеќе земји, при што Западно Балканската рута во голема мера се користи од страна на мигрантите за да стигнат до Западна Европа. Криумчарите ја користат флексибилноста на Балканската рута и креираат нови модуси за криумчарење со употреба на софистицирани технолошки средства.

Минатата година, во рамки на откриените 111 случаи беше спречено криумчарење на 1.334 мигранти, во најголем дел се работи за мигранти по потекло од Сирија-915, како и од Пакистан-89, Конго-81 и од Непал-73. За откриените случаи, регистрирани се вкупно **96 кривични дела** (од нив девет за „соизвршителство“ и четири за „помагање“) кои бележат пораст во однос на претходните две години. Мерки на кривичен прогон се преземени против **119 лица (24 се странски државјани)**, сите се од машки пол и се полнолетни. Во текот на 2023 година пријавени се и 29 лица за „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти“ и „криумчарење на мигранти“.

Сузбиена е и 24 члена организирана криминална група-дел од меѓународен канал за криумчарење која подолг временски период организирала криумчарење мигранти од Р.Грција кон Р.Унгарија и од Р.Бугарија кон Р.Србија. Организатор на групата е лице по потекло од Ирак, со германски патни документи, кое во периодот од август 2021 година до мај 2023 година, по претходна комуникација со организаторите од Република Северна Македонија договарал прифаќање и превезување на илегални мигранти по потекло од Блискиот исток (Авганистан, Индија, Пакистан) на територијата на Р.Бугарија и Р.Унгарија. Организаторот, брз трансфер на пари, преку лица посредници од Турција вршел трансфер на парични средства во износ од 300 до 500 евра кон ОКГ од Република Северна Македонија. Овие средства понатаму биле наменети за обезбедување на рент а кар возила, патни трошоци до првата дестинација во земјите од каде требало да се изврши транспортот. Кон крајот на 2023 година дополнително се утврдени уште шест лица кои кривично дело криумчарење на мигранти го сториле на територија на Р.Бугарија и Р.Унгарија. Истите биле дел од оваа меѓународна криминална група, организирана од страна на претходно кривично пријавените лица. На овие лица за успешно извршено криумчарење на мигранти им биле исплаќана парични средства во висина од 1.000-3.000 евра, во зависност од земјата во која требало да го вршат прифаќањето и превезувањето на илегалните мигранти.




Графички приказ бр.15- Откриени случаи на криумчарење мигранти, кривични дела и сторители 2021-2023 година и криумчарени мигранти по земја на потекло во 2023 година

## Модус на делување

Криминалните групи кои вршат криумчарење мигранти делуваат на одредено географско подрачје на државата, најчесто во гевгелиско-валандовскиот, струмичкиот и кумановско-липковскиот регион. Групите инволвирани во оваа криминална област честопати се поликриминални (инволвирани во криминални активности поврзани со недозволена трговија со дрога, криумчарење акцизна роба, фалсификување документи). Освен македонски државјани како организатори се јавуваат и странски државјани, кои се на повисока скала во хиерархијата, со потекло од Блискиот Исток, кои престојуваат на територијата на Р.Грција и Р.Србија, или имаат улога на водичи, односно т.н. качаци. При транспортот на мигрантите, криминалните групи користат патнички и товарни возила, од кои дел со странски регистарски ознаки, а дел имаат натпис со рекламен материјал на фирми. Исто така користат товарни возила во кои што имаат направено импровизирани бункери во кој ги товараат мигрантите. Дигиталните апликации се користат за on-line комуникација помеѓу мигрантите и криминалните мрежи, при што мигрантите ги бришат информациите за контакт и деталите од нивните мобилни уреди со цел не откривање на нивната поврзаност со криминалните мрежи, најчесто поради страв од криминалните структури или поради користење на мрежата за своите пријатели или роднини за нивни идни патувања.

## Рути на движење

Активни рути на криумчарење на мигранти во јужниот дел од државата се патниот правец Гевгелија-Демир Капија, регионалниот пат Демир Капија-Неготино, стариот пат Демир Капија-Градско), патниот правец Валандово-Струмица-Радовиш-Куманово. Места каде се оставаат мигрантите во северниот дел од државата се најчесто паркинг простори на бензинските станици долж автопатот Куманово-Граничен премин Табановце, селата Речица, Табановце, Костурник, Нато клучка и други.

## 2.5.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Министерството за внатрешни работи и Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција се приклучени кон кампањата „Сино срце“ подржувајќи ја глобалната кампања наменета за борба против трговија со луѓе на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал.

Припадници на Министерството за внатрешни работи, активно партиципираа во работата на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, мобилните тимови за идентификување и помош на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе.

Спроведени се обуки за полициски службеници, социјални работници, трудови инспектори, адвокати, ЈО и судии во организација на канцелариите на УНОДЦ и Советот на Европа за детектирање на оваа криминална појава, додека полициски службеници од Националната единица учествуваа и на повеќе обуки организирани во земјата и странство во организација на меѓународни организации (ОБСЕ, ИОМ, УНОДЦ, Совет на Европа).

Во однос на откривачката функција, оваа година не се поднесени кривични пријави за кривични дела „трговија со луѓе“, додека преку апликацијата „Црвено копче“ примени се две пријави за трговија со луѓе.

Во однос на „трговијата со деца“, во тековната година откриени се пет случаи, исто како и во 2022 година, за што по целосно документирање на случајот поднесени се пет кривични пријави за сторени осум кривични дела **„трговија со дете“**, а во една од пријавите по две лица се пријавени и за кривични дела „производство и дистрибуција на детска порнографија“ и „полова злоупотреба на немоќно лице“. Според видот на експлоатација, во една од кривичните пријави жртвата е принудена на склучување присилен брак, додека во останатите случаи жртвата е принудена на сексуална експлоатација.

Со кривичните пријави се пријавени вкупно 35 лица (30 од машки и пет од женски пол), а двајца сторители се државјани на Р.Србија (едно машко и едно женско лице). Официјално идентификувани жртви на трговија со луѓе/дете со кривичните пријави се вкупно четири деца од женски пол, сите се по пат на сексуална експлоатација, а едно од нив е принудена на склучување принуден брак.

Во содејство со трудова и пазарна инспекција и службеници од УЈП, на подрачјето на Тетово и Гостивар беа спроведени 38 акциски контроли во угостителски објекти со цел откривање на странски државјанки кои нелегално работат и престојуваат во нашата држава. Во објектите затекнати се вкупно 185 странски државјанки, од кои за 29 странски државјанки (11 од Албанија, девет од Украина, по четири од Косово и од Србија и една од Словачка) е констатирано дека сториле прекршоци согласно Законот за странци (непријавен престој и нелегална работа), и на истите од страна на надлежните судови во Тетово и Гостивар им се изречени соодветни мерки.

За останатите странски државјанки е констатирано дека истите поседуваат документи за престој во Република Северна Македонија по основ на хуманитарни причини или по основ на вработување, а дел поседуваат и документи за привремена работа.

## АКЦИСКИ КОНТРОЛИ ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ-СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНКИ

| Година | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на акциски контроли | 38 | 27 | 32 | 24 |
| Број на угостителски објекти | 71 | 38 | 13 | 14 |
| Број на странски државјанки | 185 | 311 | 213 | 124 |




Табеларен приказ бр.13- Спроведени акциски контроли во угостителски објекти 2020-2023 година и Графички приказ бр.16 -Број на странски државјанки по земја на потекло во 2023 година

## КРИВИЧНИ ДЕЛА „ТРГОВИЈА СО ДЕТЕ“

| Година | Кривични дела | сторители | жртви |
|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 1 | 1 |
| 2018 | 10 | 16 | 5 |
| 2019 | 5 | 6 | 3 |
| 2020 | - | - | - |
| 2021 | - | - | - |
| 2022 | 7 | 13 | 5 |
| 2023 | 8 | 31 | 4 |

Табеларен приказ бр.14- Број на кривични дела трговија со дете по член 418-г од КЗ на РСМ

## 2.6 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ

### 2.6.1 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Министерството за внатрешни работи приоритетно постапуваше и насочено ги интензивираше активностите за сузбивање на недозволената трговија со дрога, кои годинава резултираа со зголемување на откривачката функција за 10,5% во делот на кривичните дела, висок број на сузбиени организирани криминални групи, спречување на четири транспорти, откриени три лаборатории, но и санкционирање на зачестените злоупотреби во правни лица кои имаат лиценци за производство на марихуана за медицински цели.

Регистрирани се **828** (749) кривични дела кои се на највисоко ниво во последните четири години, од кои **„неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори“** се 722 кривични дела, потоа **„овозможување на употреба наркотични дроги“** – **93,** а откриени се и **13** кривични дела по член 95-в од Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. По преземени мерки кривично се пријавени вкупно **986** сторители, од кои 978 физички и осум правни лица.

**Број на кривични дела недозволена трговија со дрога**

| КРИМИНАЛИТЕТ | Кривични дела | | промена % | Пријавени сторители | | промена % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | | 2023 година | 2022 година | |
| Член 215 | 722 | 643 | 12,3↗ | 866 | 747 | 15,9↗ |
| Член 216 | 93 | 97 | -4,1↓ | 99 | 101 | -2↓ |
| Член 95-в | 13 | 9 | 44,4↗ | 21 | 14 | 50↗ |
| Вкупно | 828 | 749 | 10,5↗ | 986 | 862 | 14,4↗ |

Табеларен приказ бр.15- Број на кривични дела недозволена трговија со дрога во период 2023/2022 година

Најголем број од кривичните дела се откриени на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Тетово, Битола и Охрид, а најголем пораст на откривачката функција од 44,1% е забележан на подрачје на СВР Тетово.

## Состојби со НТ со дрога по организациски единици

| СВР | Кривични дела | | | Пријавени сторители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | промена во % | 2023 година | 2022 година | промена во % |
| Скопје | 157 | 124 | 26,6 ↗ | 175 | 141 | 24,1↗ |
| Битола | 134 | 96 | 39,6↗ | 153 | 112 | 36,6↗ |
| Велес | 52 | 60 | -13,3↓ | 64 | 75 | -14,7↓ |
| Куманово | 53 | 45 | 17,8↗ | 57 | 46 | 23,9↗ |
| Охрид | 117 | 161 | -27,3↓ | 125 | 172 | -27,3↓ |
| Струмица | 68 | 61 | 11,5↗ | 78 | 69 | 13↗ |
| Тетово | 134 | 93 | 44,1↗ | 181 | 111 | 63,1↗ |
| Штип | 108 | 90 | 20↗ | 114 | 103 | 10,7↗ |
| ОСОСК | 5 | 19 | -73,7 ↓ | 39 | 33 | 18,2↗ |
| Вкупно | 828 | 749 | 10,5 ↗ | 986 | 862 | 14,4↗ |

Табеларен приказ бр.16-Откривачка функција во областа на недозволена трговија со дрога по организациони единици за 2023/2022 година

Во рамки на реализираните случаи запленети се вкупно **пет тони и 91,47 килограми марихуана**, **10 килограми и 951,45 грама амфетамин**, **три килограми и 558,75 грама кокаин**, **еден килограм и 529,15 грама хероин**, **4.541 стебло канабис**, 321 парче и 403,19 грама семки канабис, **синтетички таблети-3.692,5** (од кои 3.672,5 екстази, 12 метамфетамин и осум амфетамин) и 151,44 грама екстази, 4.841 таблета трамадол, 392 милилитри метадон, 372,9 грама мешавина кофеин и парацетамол, 194,1 грам мешавина марихуана и тутун, 46,84 грама хашиш и 104,1 милилитар хашиш масло, 45,8 грама мешавина кокаин со трамадол, 19,38 грама мешавина амфетамин и метамфетамин, 17,51 грам метамфетамин и во помала количина други видови дрога и медикаменти. Притоа, во споредба со минатата година карактеристично е **зголеменото количество на заплени на марихуана, кокаин, амфетамин и екстази.**

## Вид и количина на запленета дрога

| запленета дрога | количина | | | запленета дрога | количина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | промена во % | | 2023 година | 2022 година | промена во % |
| марихуана - грамови | 5.091.475,21 | 2.973.700,59 | 71,2↗ | мешавина тутун и марихуана - грамови | 194,15 | 94,36 | 105,8↗ |
| амфетамин -грамови | 10.951,45 | 9.058,07 | 20,9↗ | МДМА-грамови | 151,44 | 18,1 | 736,7↗ |
| кокаин - грамови | 3.558,75 | 2.723,66 | 30,7↗ | хашиш смола и улје - милилитри | 104,1 | 594,73 | -82,5↓ |
| хероин - грамови | 1.529,15 | 2.355,94 | -35,1↓ | хашиш - грамови | 46,84 | 746,96 | -93,7↓ |
| екстази-таблети (МДМА и екстази) | 3.672,5 | 349 | 952,3↗ | мешавина кокаин со трамадол-грамови | 45,8 | - | |
| трамадол - таблети | 4.841 | 1.123 | 331,1↗ | мешавина амфетамин и метамфетамин - грамови | 19,38 | - | |
| стебла канабис сатива - парчиња | 4.541 | 20.373 | -77,7↓ | | | | |
| семки канабис сатива - грамови | 403,19 | 55,65 | 624,5↗ | метамфетамин - грамови | 17,51 | 126,34 | -86,1↓ |
| семки канабис сатива - парчиња | 321 | 1.128 | -71,5↓ | бупренорфин - таблети | 70 | 49 | 42,9↗ |
| метадон - милилитри | 392 | 299,05 | 31,1↗ | метамфетамин - таблети | 12 | 16 | -25↓ |
| мешавина од кофеин и парацетамол -грамови | 372,91 | 121,41 | 207,1↗ | амфетамин - таблети | 8 | 12 | -33,3↓ |

Табеларен приказ бр.17-Вид и количина на запленета дрога за период 2023/2022 година

Зајакнувањето на оперативните активности позитивно се одрази во делот на справување со организираните облици на трговија со дрога каде постигнати се значителни резултати, при што **сузбиени се девет организирани криминални групи во кои членувале вкупно 65 лица, од нив двајца албански државјани.** Во три од групите документирани се поликриминални активности на 41 лице кои истовремено делувале и во областа на недозволена трговија со оружје. Останатите **шест организирани криминални** групи дејствувале на меѓународно и национално ниво, четири во делот на недозволена трговија со марихуана и две во недозволена трговија со кокаин, во кои членувале 24 лица, при што запленето е **102,07 килограми марихуана**, а во **три од групите** членовите биле дел од меѓународни криминални групи, при што во овој дел треба да се истакне дека како резултат на одличната соработка со земјите во регионот и пошироко годинава преку успешно реализирани заеднички меѓународни истраги и операции на територија на Р.Албанија и Р.Грција запленети се 590 килограми кокаин и 85,4 килограми марихуана.




Годинава во внатрешноста на земјата на подрачјата на Скопје, Неготино, Тетово и Гостивар пресечени се **четири транспорти на марихуана во вкупна количина од 265,72 килограми,** за што кривично се пријавени 14 лица, од кои еден албански државјанин, а два од транспортите на марихуана се спречени во рамки на две од сузбиените криминални групи.

На подрачјето на Скопје во текот на октомври и ноември при извршени претреси во дом и други простории на две лица од Скопје **откриени се две лаборатории** за производство на **марихуана** каде биле пронајдени и запленети 445 стебла канабис, 41,6 грама марихуана, 32 милилитри хашиш смола и 18,4 грама марихуана помешана со тутун. Покрај ова, при извршени претреси на седум локации во Скопје **откриена е лабораторија за производство на амфетамин** и запленето е 19,92 килограми марихуана, 5,71 килограм амфетамин, 853,86 грама кокаин, 2.979 таблети и 29,02 грама екстази, 19 стебла канабис, 66,4 грама фенацетин, една автоматска пушка, 667 парчиња муниција различен калибар, две рамки и два ракофати за пиштол, три канти и еден сад со течност со присуство на амфетамин, осум дигитални ваги, три ножеви, две машини за вакумирање и чекан со траги од кокаин и амфетамин, а мерки на кривичен прогон се преземени против пет лица.

Во текот на годината беа детектирани и зачестени злоупотреби во правни лица кои имаат лиценци за производство на марихуана за медицински цели, што резултираше со одземање на дел од лиценците. Во наведениот период за констатирани

злоупотреби кривично се пријавени **осум правни субјекти**, по два на подрачјата на Гостивар, Гевгелија и Демир Капија и по еден на подрачје на Кавадарци и Битола. Во рамките на овие случаи во две од правните лица на подрачје на Гостивар запленети се **четири тони и 668,8 килограми марихуана**, **3.799 стебла и 10 семки канабис**. Злоупотребите се констатирани во делот на отстапувања при одгледување на канабис, различна количина на пријавени и пронајдени стебла, несоодветно пакување и обележување, неправилности при навремено евидентирање и пријавување до надлежен орган и друго.

## 2.6.2 НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

Во текот на 2023 година, во областа за недозволена трговија со оружје откриени се вкупно 180 кривични дела, од кои 177 се „**недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи**“, при што две од нив се со класификација на соизвршителство и едно е во обид, а останатите три се **„фалсификување на огнено оружје“.**

Во рамки на откриените кривични дела кривично пријавени се вкупно 204 сторители и запленети се 170 парчиња оружје и тоа: 16 автоматски пушки, две полуавтоматски пушки, автомат, 77 пиштоли, од кои еден гасен и пет за звучна и светлосна сигнализација, четири револвери, 38 ловни пушки, 12 ловни карабини, девет воздушни пушки, две рачно изработени пушки, војничка пушка, рачен ракетен фрлач, шест рачни бомби и една граната. Покрај ова, во рамки на делата запленети се и четири школски и по една димна и шок бомба, 44.236 парчиња муниција, 27.429 петарди, 175 пиротехнички ракети, 251 огномети, 13 парчиња топовски удар, 106 грама барут, две запалки, два самострели, тромблонски додаток, три пригушувачи, 54 рамки и 223 останати делови за оружје.

КРИВИЧНИ ДЕЛА – НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Кривични дела | 180 | 199 | -9,5↓ |
| Сторители | 204 | 210 | -2,9↓ |
| Запленето оружје | 170 | 139 | 22,3↗ |
| Запленета муниција | 44.236 | 4.781 | повеќекратно↗ зголемување |
| Запленети петарди | 27.429 | 85.870 | -68↓ |

Табеларен приказ бр.18- Број на кривични дела од недозволена трговија со оружје во период 2023/2022 година

Споредено со 2022 година, бројот на кривичните дела е намален за 9,5%, заплените со оружје се зголемени за 22 %, заплените на муницијата се зголемени повеќекратно, а заплените со петарди се намалени за 68%. Заплените на оружјето и муницијата најчесто се реализирани при вршење на претрес на дом и други простории на сторителите, а по вид на запленето оружје, доминантни се пиштолите и ловното оружје.

Според географската застапеност, најголем дел од кривичните дела се регистрирани на подрачјето на СВР Скопје-44, СВР Битола-30, СВР Охрид-28 и СВР Штип-21 кривично дело.

**Состојби со недозволена трговија со оружје по организациски единици**

| СВР | Кривични дела | | | Пријавени сторители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | промена во % | 2023 година | 2022 година | промена во % |
| Скопје | 44 | 64 | -31,3↓ | 49 | 65 | -24,6↓ |
| Битола | 30 | 43 | -30,2↓ | 32 | 47 | -31,9↓ |
| Велес | 17 | 11 | 54,5↗ | 19 | 11 | 72,7↗ |
| Куманово | 6 | 15 | -60↓ | 6 | 15 | -60↓ |
| Охрид | 28 | 23 | 21,7↗ | 30 | 22 | 36,4↗ |
| Струмица | 10 | 9 | 11,1↗ | 11 | 10 | 10↗ |
| Тетово | 17 | 16 | 6,3↗ | 18 | 22 | -18,2↓ |
| Штип | 21 | 15 | 40↗ | 21 | 15 | 40↗ |
| ОСОСК | 7 | 3 | 133,3↗ | 18 | 3 | 500↗ |
| Вкупно | 180 | 199 | -9,5↓ | 204 | 210 | -2,9↓ |

Табеларен приказ бр.19-Откривачка функција во областа на недозволена трговија со оружје по организациски единици за период 2023/2022 година

Во делот на организираните облици годинава сузбиени се **три поликриминални ОКГ кои биле инволвирани во недозволената трговија со дрога и оружје,** при што по однос на истите кривично пријавени се вкупно 41 сторител, од кои 13 се кривично пријавени по основ за организирано вршење на недозволена трговија со оружје и муниција. При сузбивање на предметните ОКГ, запленети се вкупно 14 парчиња оружје, четири школски и по една димна и шок бомба, 10 парчиња топовски уреди, самострел и 36.756 парчиња муниција.




Графички приказ бр.17-Организирани облици на недозволена трговија со оружје во 2023 година

Министерството за внатрешни работи ги продолжи проектните активности кои се поврзани со јакнење на оперативните капацитети во оваа област, при што тековно се преземаат активностите за спроведување на Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со малото и лесно оружје (МЛО) и нивната муниција во Западен Балкан до 2024 година, како и имплементирањето на Националната стратегија и акцискиот план за контрола на малото и лесно оружје во Република Северна Македонија.

## 2.7 КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ

Во 2023 година, во рамки на областа откриени се вкупно 58 (17) кривични дела, од кои 37 се за „**криумчарење**" во чии рамки шест се со класификација на „**поттикнување**", 18 се „**прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама**", две се **„недозволена трговија", а едно кривично дело е за „избегнување на плаќање акциза".** По преземени мерки во областа кривично пријавени се 55 сторители, при што пет кривични дела се со непознат сторител.




Графички приказ бр.18-Откриени кривични дела криумчарење во 2023 година

Во рамки на откриените кривични дела запленети се 956 штеки цигари, 1.100 парчиња електронски цигари, 310 килограми и 125 грама тутун, три торби со суплементи, 190 кутии со по 500 таблети-лекови, 79 грла добиток, 18 парчиња мебел, 23 кутии со 260 пара чизми во вредност од над 640.000 денари и 14 луксузни моторни возила во вредност од 36.121.000 денари.

Во споредба со 2022 година, бројот на откриени кривични дела бележи значителен пораст, при што посебно се издвојува реализацијата во СВР Скопје, каде е откриен случај со **криумчарење и заплена на 14 луксузни моторни возила** кои со фалсификување на документи, таблици или други ознаки биле внесени во државата и потоа противправно биле пуштани во продажба како хаварисани возила. Останатите реализирани случаи укажуваат на тоа дека криумчарењето се врши по веќе познатиот модус операнди од претходните години, при што најчесто се криумчарат акцизни и други трговски стоки кои имаат намена за широка потрошувачка на пазарот.

## 2.8 КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ

### 2.8.1 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТ И ТЕЛО

Кривичните дела против животот и телото се на исто ниво како и во 2022 година.



Регистрирани се вкупно 1.025 (1.018), во врска со кои по преземени мерки и активности кривично се пријавени 1.130 (1.119) сторители и постигната е **особено висока ефикасност** на расветлување од 95%.

Во овој дел најбројни се кривичните дела „**телесна повреда**“ – 666 (681) кои во однос на 2022 година се речиси на исто ниво, а покрај ова регистрирани се и 150 (137) кривични дела „**тешка телесна повреда**“ за кои се пријавени 180 сторители, како и 142 (133) кривични дела „**загрозување со опасно орудие при тепачка или караница**“ со кривично пријавени 153 сторители.

#### 2.8.1.1 УБИСТВА

Убиствата бележат **пораст од 27,7%** во однос на минатата година. Извршени се 23 убиства, од нив девет се на подрачје на СВР Скопје, потоа СВР Велес-четири, по три на подрачјата на СВР Куманово и СВР Струмица, две на подрачје на СВР Штип и по едно на подрачје на СВР Тетово и СВР Охрид.




Графички приказ бр.19- Регистрирани убиства по Сектори за внатрешни работи – 2023/2022 година

Расветлени се 21 убиство, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 20 лица, сите од машки пол. Годинава карактеристични се убиствата на 14 -годишно девојче од Скопје и 74- годишно лице од Велес, кои во текот на ноември, најпрвин беа пријавени за исчезнати, а по неколку дена, нивните тела беа пронајдени во скопското село Бразда и околината на Велес. По преземени мерки и активности, под сомнение за сторување на истите кривично пријавени се шест лица.

Нерасветлени остануваат две убиства на подрачје на СВР Скопје - убиството извршено во март 2023 година, во угостителски објект во старата скопска чаршија, како и убиство извршено во јануари во влез од зграда. Во врска со убиството во старата скопска чаршија, против две лица преземени се мерки на кривичен прогон за кривично дело

„обид за помагање“ в.в. „убиство“, бидејќи им го продале возилото на сторителите без купопродажен договор и им помогнале во вршење на делото.

Во пет случаи убиствата се извршени при семејно насилство, а во два случаи на подрачјата на Куманово и Неготино, сторителите по извршување на убиствата се самоубиле. Оваа година, пет од убиствата се со по две жртви (две на подрачје на Скопје и по едно на подрачјата на Куманово, Гевгелија и село Челопек.

Во однос на начинот на извршување, десет убиства се извршени со пукање од огнено оружје (по едно со автоматска и со ловна пушка), по пет со употреба на ладно оружје и физичка сила и по едно со употреба на тег за вежбање, јаже и удар со возило.

Жртви на овие кривични дела се 28 (лани 18) лица, од кои 19 се од машки пол и девет од женски пол. Најстарата жртва е 92 -годишна жена, а најмладата жртва е 14 годишно девојче.

### 2.8.1.2 САМОУБИСТВА

Намалување за 8,6% бележи бројот на извршени самоубиства. Во текот на 2023 година, регистрирани се вкупно 96 (105) случаи, од нив најголем број на подрачје СВР Штип – 20, каде е евидентирано намалување од 23%, по што следуваат СВР Скопје – со 16 и СВР Битола и СВР Велес со по 15 случаи, при што на подрачјето на СВР Велес забележан е значителен пораст на самоубиствата во однос на 2022 година кога регистрирани беа само шест случаи. Останатите случаи се извршени на подрачјата на СВР Струмица – 10 (13), СВР Куманово-осум (шест) и по шест на подрачјата на СВР Тетово и СВР Охрид.

Најголем дел од самоубиствата и годинава ги извршиле лица од машки пол – 76, најчесто на возраст од над 30 години, а три лица биле на возраст до 18 години. Во најголемиот дел од случаите не се утврдени во целост вистинските причини, но во значителен процент како мотив за извршување се наведува нервното растројство. Според начинот на извршување, во 52 случаи лицата си го одзеле животот со бесење, 17 лица употребиле огнено оружје, во 11 случаи станува збор за скокање од височина, а во помал број за труење со отровни материи.




Графички приказ бр.20-Самоубиства по Сектори за внатрешни работи во период 2023/2022 година

## 2.8.1.3 НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ-ЗАДЕСИ, НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ ПРИ РАБОТА

Во текот на годината, Министерството преземаше мерки за расчистување на 265 (155) **несреќни случаи-задеси и 264** (232) **несреќни случаи при работа**. Најчеста причина поради која доаѓало до несреќните случаи е поради невнимание, а мал дел е поради непридржување кон заштитните мерки и дотраеност на машини.
Во несреќните случаи-задеси животот го загубиле 32(30) лица, 49(33) се тешко телесно повредени, а 175(89) лица со телесни повреди. Според локација, најголем дел од несреќните случаи-задеси се случиле на подрачје на СВР Тетово-169(65), а најмалку на подрачје на СВР Охрид-три. Во несреќните случаи при работа, животот го загубиле девет (18) лица, 76 (61) биле тешко телесно повредени, а на 184 (147) лица им биле нанесени телесни повреди. По подрачје, најмногу се застапени на подрачјето на СВР Штип-71, СВР Велес-57 и СВР Струмица-47 несреќни случаи при работа.

## 2.8.2 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТ

Состојбата со имотниот криминал во 2023 година според бројот на регистрирани кривични дела-10.908, бележи намален тренд за 16%, компаративно со бројот на регистрирани кривични дела (12.965) од имотен криминал во текот на 2022 година. Имотниот криминал учествува со 55,4% во вкупниот број на регистрирани кривични дела, а над половина од овие кривични дела (58,6%) се на подрачје на Скопје.

## 2.8.2.1 ТЕШКИ КРАЖБИ

Тешките кражби се најдоминантните кривични дела регистрирани на територијата на целата држава. Според бројот на регистрираните тешки кражби-6.575 споредено со претходната година (8.149) забележан е намален тренд на годишно ниво од 19,3%. При расветлување на делата постигната е ефикасност од 25%, додека материјалната штета предизвикана со вршење на овој вид кривични дела изнесува 903,7 милиони денари.




Графички приказ бр.21-Тешки кражби во период од 2019-2023 година и Најзастапени објекти за вршење тешки кражби во 2023 година

Вообичаено, најголемиот број се регистрирани во Скопје-3.888, со тренд на намалување во градот од 12% во однос на претходната година (4.412). Нема промени во однос на начинот на извршување. Сторителите ги применуваат истите методи како и во претходниот период, насилно ги отвораат влезните врати во објектите со употреба на физичка сила и подесен алат, а честа е и појавата на влегување преку балконски врати и прозори. Карактеристично за голем дел станбени објекти кои се предмет на тешка кражба се дека во истите не живее никој, а сопствениците на истите се на работа во странство или викенд куќи кои се надвор од населени места. Сторителите најчесто одземаат предмети од кои брзо можат да се ослободат и стекнат со финансиски средства (златен накит, техничка стока, лап-топ компјутери итн). Оваа година на подрачје на Скопје не се регистрирани тешки кражби од банкомати.

КРИВИЧНИ ДЕЛА – ТЕШКИ КРАЖБИ

| СВР | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Скопје | 3.888 | 4.412 | -11,9↓ |
| Битола | 773 | 1.492 | -48,2↓ |
| Велес | 283 | 377 | -24,9↓ |
| Куманово | 311 | 272 | 14,3↗ |
| Охрид | 248 | 336 | -26,2↓ |
| Струмица | 235 | 260 | -9,6↓ |
| Тетово | 285 | 254 | 12,2↗ |
| Штип | 552 | 746 | -26↓ |
| Вкупно | 6.575 | 8.149 | -19,3↓ |

Табеларен приказ бр.20-Кривични дела тешки кражби во период 2023/2022 година

Бројот на тешките кражби во станбени објекти (куќи и станови) може да се констатира дека бележи намален тренд-1.716 во однос на минатата година (2.015). Според видот на објекти се издвојуваат и тешките кражби во возила-1.531, продавници-406 и магацински простори-141.

На подрачјето на Скопје, карактеристична беше појавата на извршени тешки кражби од моторни возила на различни локации, во временски периоди на поголемо присуство на луѓе (трговски центри, угостителски и спортски објекти), особено во вечерните часови.

## 2.8.2.2 РАЗБОЈНИШТВА

Разбојништвата во текот на 2023 година бележат опаѓачки тренд. Евидентирани се вкупно 294 (322) разбојништва на територијата на целата држава, извршени од 157 лица. Споредено со претходната година разбојништвата се во намалување од 8,7%. Во однос на географската распространетост, најголемиот дел се регистрирани на подрачјето на СВР Скопје.

КРИВИЧНИ ДЕЛА – РАЗБОЈНИШТВА

| СВР | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Скопје | 211 | 245 | -13,9↓ |
| Битола | 19 | 21 | -9,5↓ |
| Велес | 12 | 15 | -20↓ |
| Куманово | 11 | 6 | 83,3↗ |
| Охрид | 13 | 7 | 85,7↗ |
| Струмица | 10 | 9 | 11,1↗ |
| Тетово | 8 | 7 | 14,3↗ |
| Штип | 10 | 12 | -16,7↓ |
| Вкупно | 294 | 322 | -8,7↓ |

Табеларен приказ бр.21-Кривични дела разбојништва во период 2023/2022 година

Најзастапени се разбојништвата на отворен простор со застапеност од речиси 60% при кои најчеста карактеристика е употреба на насилство врз жртвата без претходно предупредување, додека кај деловните објекти, најнападнати се спортските обложувалници-54, аптеките-24, казина и продавници-по 10 разбојништва, каде извршителите со закана по живот кон жртвата изнудуваат најчесто финансиски средства.

Околностите на извршување на уличните разбојништва се извршени врз постари лица или деца, што преставува олеснителна околност за извршителот да ја совлада жртвата, и истите се извршени во вечерните/ноќните часови на локации со мала видливост или во дневните часови на локации со голема раздвиженост.

По месеци во годината, разбојништвата се најзастапени во периодот помеѓу месеците февруари и април, период кога се извршени 28% од разбојништвата и во периодот ноември-декември со 21%. Во месец јули пак е регистрирано значително опаѓање на разбојништвата.

**Разбојништва во обид**, во кои извршителите се спречени во извршување на кривичното дело, се регистрирани во најголем дел во Скопје (30) и во мал број во Прилеп, Велес, Куманово, Штип, Неготино, Радовиш и Тетово.

## 2.8.2.3 ИЗМАМИ

Измамите во текот на 2023 година, бележат намален тренд. Од вкупниот број на регистрирани измами-268 најголемиот број се регистрирани во СВР Тетово-65, СВР Скопје-58, СВР Битола-35 и СВР Охрид-33. За криминалните активности, пријавени се вкупно 252 лица.




Графички приказ бр.22- Кривични дела измама во период 2023/2022 година

И оваа година, карактеристични беа измамите во кои извршителите ја контактираат потенцијалната жртва дека нивното дете наводно учествувало во сообраќајна незгода, при што е потребно да се исплати одреден износ на парични средства со цел непреземање кривична одговорност. Документирани се три случаи на подрачјата на СВР Скопје, СВР Куманово и ОВР Свети Николе, во кои од оштетените лица земени се вкупно 30.000 евра.

## 2.8.2.4 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Кривичните дела против културно наследство бележат намалување, односно откриени се осум кривични дела за кои мерки на кривичен прогон се преземени против 24 сторители. Во рамките на овие кривични дела сузбиена е и организирана криминална група која извршила противправно рушење, односно уништување на автентичниот објект хотел „Шар Ан" кој како дел од Старата скопска чаршија со закон е прогласен за културно наследство.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | Кривични дела | | Сторители | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година |
| Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости | 4 | 3 | 19 | 9 |
| Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости | 3 | 3 | 4 | 10 |
| Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости | - | 2 | - | 6 |
| Неовластена трговија со добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост | 1 | - | 1 | - |
| Уништување или прикривање на необработен архивски материјал | - | 1 | - | 1 |
| Вкупно | 8 | 9 | 24 | 26 |

Табеларен приказ бр.22- Број на кривични дела од културно наследство во период 2023/2022 година

## 2.8.3 КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И МОРАЛ

Кривичните дела од областа на половата слобода и половиот морал, годинава бележат зголемен тренд за 47,2%, односно регистрирани се 130 (89) кривични дела, за што кривично се пријавени 125 сторители. Според локацијата, најбројни се делата извршени на подрачје на СВР Скопје-47, СВР Битола-25 кривични дела, СВР Штип-17, СВР Тетово-12 кривични дела, СВР Велес-десет и во помал број на подрачјата на останатите Сектори за внатрешни работи.

Во однос на видот, најбројни се кривичните дела „силување на дете кое не наполнило 15 години"-34 (25) извршени од 34 сторители и „полов напад и силување"-33 (18) кривични дела извршени од 29 сторители во најголем дел на подрачјето на СВР Скопје. Споредено со минатата година, овие дела бележат пораст. Во тековната година доминираат и кривичното дело „полово вознемирување"-21 и „задоволување на полови страсти пред друг"-16 (25) чиј број бележи намален тренд во однос на минатата година.




Графички приказ бр.23- Кривични дела против половата слобода и морал во период 2023/2022 година

## 2.8.4 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Намален тренд бележат кривичните дела во врска со семејното насилство во однос на 2022 година. Регистрирани се 1.082 (1.117)[2] кривични дела од кои најзастапени се кривичните дела „телесна повреда"-635 и „загрозување на сигурноста"-405. Најголем дел од кривичните дела се извршени на подрачје на СВР Скопје-220 и Битола-180, каде е забележано намалување на делата, потоа СВР Струмица-136, СВР Тетово-125 и СВР Велес-124 дела, СВР Штип-106, СВР Куманово-99, а оваа година најмал број на кривични дела се регистрирани на подрачје на СВР Охрид-92. Карактеристично е што на подрачјата на СВР Куманово кривичните дела се во пораст за 90% во однос на минатата година, а пораст бележат и делата на подрачјата на Струмица и Велес.

[2] Податоците во заградата се однесуваат за 2022 година

## КРИВИЧНИ ДЕЛА – СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

| СВР | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Скопје | 220 | 279 | -21,1↓ |
| Битола | 180 | 203 | -11,3↓ |
| Велес | 124 | 85 | 45,9↗ |
| Куманово | 99 | 52 | 90,4↗ |
| Охрид | 92 | 106 | -13,2↓ |
| Струмица | 136 | 109 | 24,8↗ |
| Тетово | 125 | 145 | -13,8↓ |
| Штип | 106 | 138 | -23,2↓ |
| Вкупно | 1.082 | 1.117 | -3,1↓ |

Табеларен приказ бр.23- Кривични дела од семејно насилство по СВР во период 2023/2022 година

Како сторители регистрирани се вкупно 1.097 (1.154) лица, од кои 96 се лица од женски, а останатите се од машки пол. Најбројни сторители се сопрузите-414, потоа синовите-195 и мажите кои живеат во вонбрачна заедница-111. Во однос на начинот, најголем дел од делата се извршени со употреба на физичка сила или закана, а во четири случаи делата се извршени со закана со огнено оружје, при што сторителите најчесто биле под дејство на психичко растројство или алкохол. При вршење на семејно насилство оваа година регистрирани се пет (седум) убиства, од нив четири на подрачје на СВР Скопје и едно на подрачјата на СВР Куманово и СВР Штип, а регистрирано е и едно (две) кривично дело „убиство во обид“.

Во однос на жртвите, нивниот број е со намален тренд за 6% во однос на 2022 година. Регистрирани се 1.123 (1.191) жртви, од кои 883 се жени и 240 се мажи. Според категоријата, во најголем дел сопругите се јавуваат како жртви на овие кривични дела-414, потоа жените кои живеат во вонбрачна заедница-111 и мајките-107.




Графички приказ бр.24- Жртви на кривични дела од семејно насилство според категорија

Намалување бележиме во делот на прекршоците за 12,3%. Извршени се вкупно 321 (366) прекршоци над 394 жртви, најчесто се работи за прекршок „физички напад“-88 кои се

намалени за 30% и „карање, викање на јавно место“-79. За сторените прекршоци пријавени се вкупно 375 (400) сторители, додека поплаките се зголемени за 19,8%. Од регистрираните 5.300 поплаки, при што пораст бележат поплаките за извршено психичко малтретирање-4.784, а останатите се за физичко и економско малтретирање. Причина за вршењето на семејно насилство во најголем број од случаите е растројство на сторителите, алкохол и наркотична дрога.

## 2.8.5 ПОЖАРИ

Министерството и во 2023 година, преземаше мерки и активности за превенција и заштита од пожари на шумите, пасиштата и други отворени простори. Оваа година, бележиме пораст на пожарите за 94,7% на територија на нашата држава. Регистрирани се вкупно 2.375 (1.220) пожари, во кои пет (шест) лица починале.
Според локација, најголем број од пожарите, се случија на подрачје на СВР Скопје-612, потоа на подрачје на СВР Битола-516, на подрачје на СВР Куманово–299, СВР Тетово-257 и СВР Штип-230 пожари. Регистрирани се 32 кривични дела „предизвикување општа опасност“ од кои едно е „помагање“, за што мерки на кривичен прогон се преземени против 33 лица, како и две кривични пријави „тешки дела против општата сигурност на луѓето“ в.в. „предизвикување општа опасност“.

## 2.8.6 КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОМРАЗА

И во текот на 2023 година продолжија активностите на Министерството во насока на детектирање на настани и санкционирање на појавите и состојбите на ширење говор на омраза и генерално на криминалот од омраза во целина. Во рамките на областа годинава се регистрирани **вкупно 41 кривично дело** кои содржат елементи на омраза, што претставува **намалување од 24,1%** споредбено со 2022 година, кога беа регистрирани 54 кривични дела. Преземените мерки и активности во врска со инкриминациите резултираа со расветлување на 38 кривични дела, за кои поднесени се 37 кривични пријави против 39 сторители. Во однос на половата структура 34 од сторителите се мажи и пет се жени, додека според старосната структура полнолетни се 37, а двајца од сторителите се деца.




Графички приказ бр.25-Кривични дела од омраза за период 2023/2022 година и регистрирани кривични дела од омраза по организациони единици во 2023 година

Најголем број, односно 27 од кривичните дела се регистрирани на подрачје на СВР Охрид, потоа четири на подрачјето на СВР Штип, СВР Битола - три кривични дела, по две на подрачјето на СВР Куманово и од Секторот за компјутерски криминал, како и по едно кривично дело на подрачјата на СВР Скопје, СВР Тетово и СВР Струмица.
Според видот, најбројни и понатаму се кривичните дела „**ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем**“- 31, потоа „**загрозување на сигурноста**“ по пат на информатички систем - **шест** кривични дела, **две** кривични дела „**предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална**, **расна**, **верска и друга дискриминаторска основа**“, и **по едно** дело „**насилство**“ и „**расна и друга дискриминација**“.



Графички приказ бр.26-Регистрирани кривични дела од омраза според вид (2023)

Во поглед на **начинот на извршување**, во континуитет доминантен е трендот на сторување на делата преку информатички систем – кој изнесува 90% од вкупниот број и е на исто ниво како и во последните две години. Притоа, најголемиот дел се извршени со објавување на коментари со навреди и закани по животот кон носители на јавни функции (актуелни и поранешни функционери) врз основа на политичко уверување како најчеста реална или претпоставена карактеристика, по што следуваат случаите на упатување навреди, закани и повикување на насилство врз основа на национална припадност-пет, понатаму, промовирање и поттикнување на омраза и насилство врз основа на сексуална ориентација-четири и религија или уверување-две дела, а едно од делата е извршено со поттикнување и ширење говор на омраза преку навредливи коментари врз основа на менталната и телесна попреченост.

Во однос на преостанатите евидентирани настани, годинава на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје, Штип, Тетово и Струмица регистрирани се четири кривични дела извршени на јавен простор, од кои две врз основа на националност, а по едно врз основа на етничко потекло и религија или уверување.
И покрај помалиот број на дела, истите и понатаму во најголем дел претставуваат своевиден одраз на општествените случувања, актуелните политичките процеси и состојби во земјата.

## 2.9 ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

### 2.9.1 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ



Во областа на економскиот криминалитет бројот на регистрирани инкриминации се во намалување за 24,8% споредбено со 2022 година, што се должи на намалениот број на кривичните дела против здравјето на луѓето. Регистрирани се вкупно **1.039** (1.381) кривични дела, за што кривично се пријавени **1.116** (1.557) сторители, од нив 1.067 (1.440) физички и 49 (117) правни лица. Вкупната материјалната штета која е причинета на Буџетот на Република Северна Македонија, општинските буџети, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти, во 2023 година изнесува над 341,6 милиони денари и бележи намалување од 30,5% во однос на 2022 година кога истата изнесуваше 491,7 милиони денари.

Најголем број на кривични дела се регистрирани на подрачјето на СВР Тетово-243 (251), по што следуваат СВР Охрид – 181 (272), СВР Скопје – 135 (230) и СВР Битола 134 (124), додека најмал број на подрачјето на СВР Велес. Преземените активности во текот на годината резултираа со реализација на вкупно 904 од регистрираните кривични дела, со што е постигната вкупна ефикасност од 87% на национално ниво, а дополнително расветлени се и 14 дела од минати години.

**КРИВИЧНИ ДЕЛА – ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛИТЕТ**

| | Кривични дела | | промена % | Пријавени сторители | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | | 2023 година | 2022 година |
| Скопје | 135 | 230 | -41,3↓ | 123 | 225 |
| Битола | 134 | 124 | 8,1↗ | 135 | 142 |
| Велес | 38 | 65 | -41,5↓ | 51 | 56 |
| Куманово | 86 | 188 | -54,3↓ | 88 | 206 |
| Охрид | 181 | 272 | -33,5↓ | 184 | 305 |
| Струмица | 113 | 101 | 11,9↗ | 129 | 139 |
| Тетово | 243 | 251 | -3,2↓ | 274 | 287 |
| Штип | 91 | 133 | -31,6↓ | 89 | 165 |
| ОСОСК | 18 | 17 | 5,9↗ | 43 | 32 |
| Вкупно | 1.039 | 1.381 | -24,8↓ | 1.116 | 1.557 |

Табеларен приказ бр.24- Кривични дела и сторители од економски криминалитет во период 2023/2022 година

За разлика од претходните години кога доминираа кривичните дела поврзани со COVID-19, во 2023 како резултат на интензивираните активности во рамки на оперативните акции најбројни се делата **вршење на јавен превоз без поседување на лиценца** – 205 (254), по што следуваат **бесправно градење**-113 (106) кривични дела, **злоупотреба на службена положба и овластување** – 84 (91), а регистрирани се и по 73 кривични дела **„неизвршување на судска одлука“** (84) и **„узурпација на недвижности“** (82). Значајно застапени се и кривичните дела **„несовесно работење во службата“** – 41 (25), **„фалсификување на службена исправа“** – 31 (девет), **„пустошење шума-31“** (22), **„прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама“** – 18 (две), **„измама при добивање кредит или друга погодност“** – 16 (15) и **„даночно затајување“** – со 15 (23) кривични дела. Покрај ова, откриен е и значаен број на прекршувања на одредбите од **Законот за девизно работење** – 20 кривични дела, за кои кривично се пријавени 32 сторители.




Графички приказ бр.27- Покарактеристични кривични дела од економски криминал (2023)

Приоритет во постапувањето на Министерството беше и зајакнувањето на оперативните активности и постигнувањето на резултати во делот на криминалистичките истражувања во оваа област, особено кај кривичните дела против службената должност, кои во значаен процент се поврзани со корупција, како и справувањето со еколошкиот криминал преку сузбивањето на бесправната сеча, кражбата на дрва и пустошењето на шуми, за што годинава откриени се 155 кривични дела и пријавени се 172 сторители, а во рамки на регистрираните случаи предизвикана е штета на државниот фонд во количина од 2.404,67 м3 бесправно исечена дрвна маса и евидентирана е материјална штета од 670,2 милиони денари.

Исто така, Министерството континуирано преземаше засилени мерки и во делот на откривање на кривични дела во врска со издавање лиценци за вршење на јавен превоз, издавање лекарски уверенија и технички преглед на возилата, при што во овој дел поднесени се 146 кривични пријави, од кои најголем број на подрачјето СВР Тетово-56. Пријавени се 160 сторители, (од нив две правни лица) за сторени 147 кривични дела (најмногу за „вршење на јавен превоз без поседување лиценца“-144).

## 2.9.2 КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Во 2023 година бележиме благо зголемување на компјутерскиот криминал во однос на претходната година, со што е задржан трендот на континуиран пораст во изминатите три години. Во рамки на областа регистрирани се **293** (287) **кривични дела**, со чие извршување причинета е материјална штета која се проценува над 44,1 милиони денари и е зголемена за 2,8 пати во однос на 2022 година кога изнесуваше нешто над 15,7 милиони денари. Од вкупниот број на инкриминации по преземени мерки и активности расветлени се 164 дела од тековната година со што е постигната **вкупна ефикасност од 56%,** како и дополнително 13 дела од минати години, а кривично се пријавени вкупно 186 сторители. Најголемиот број од кривичните дела се извршени на подрачјата на СВР Охрид-58, потоа СВР Битола-49, СВР Скопје-41 и СВР Велес-40.




Графички приказ бр.28-Состојби во областа на компјутерскиот криминал за период 2023/2022 година

Според структурата, вообичаено доминантни се делата извршени со злоупотреба на платежните картички, регистрирани се вкупно 127 (173) кривични дела, кои годинава се намалени за 26,6%, што резултираше и со намалување за 42,7% на предизвиканата материјална штета која изнесува околу 8,2 (14,3) милиони денари. Најзастапено и понатаму е кривичното дело **„оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“ – 113** (138), во врска со кои кривично се пријавени 62 сторители. Истите најчесто се извршуваат со неовластено одземање на претходно пронајдени, како и кражба на платежни картички, прибавување на податоци од трансакциски сметки и платежни картички по што сторителите подигнувале парични средства од банкомати, плаќање на фактури, плаќање во трговска мрежа, плаќање за стоки и услуги преку интернет. Застапено е и неовластеното навлегување во службена или приватна пошта на физички лица и правни субјекти, а во овој дел **карактеристичен е случајот на** неовластен пристап во компјутерската програма за материјално работење на правен субјект при што од страна на лице извршено е генерирање и креирање на фиктивни фактури кон комитенти на правното лице со што е направен долг од 1.249.000 денари, а застапени се и случаите на неовластено навлегување и кражба на криптовалути од виртуелен паричник на платформа за тргување со криптовалути, како и криптирање на книговодствената евиденција на правно лице, по што изнудена е уплата во крипто средства во износ од 199.150 денари.




Графички приказ бр.29-Покарактеристични кривични дела од компјутерски криминал (2023)

Во овој период регистрирани се и **14** (35) **кривични дела „изработка и употреба на лажна платежна картичка**“, со кои по основ на неовластено обезбедување и злоупотреба на лични и банкарски податоци предизвикана е материјална штета од 907,5 илјади денари. По преземени мерки и активности расветлени се шест од делата, како и три дела од минати години, за што кривично се пријавени девет сторители, а карактеристичен е случајот во кој 39 годишен странски државјанин со привремен престој во нашата земја, на неовластен начин прибавил податоци од платежни картички од лица од Соединетите Американски Држави и извршил купување на електронски уреди на интернет платформа во износ од 678 илјади денари, кои потоа ги преку роднини и познаници ги подигнувал.

Поради зголемениот интензитет на користење на дигиталните сервиси и платформи од страна на граѓаните, кој во голем број на случаи доведува и до манифестирање, повикување и поттикнување на омраза и насилничко однесување, продолжија активностите на Министерството за мониторирање, откривање и санкционирање на овој вид појави. Во изминатата година и понатаму беше актуелно објавувањето на содржини, текстови, фотографии и видеа на интернет порталите, социјалните мрежи и медиуми кои вклучуваат инкриминирачки елементи, за што регистрирани се **42** (51) кривични дела „**ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“** за кои кривично се пријавени 39 сторители и **38** (27) кривични дела „**загрозување на сигурноста**“ со кривично пријавени 28 сторители.

Во 2023 година значителен пораст од 3,7 пати бележат интернет измамите, а **повеќекратно е зголемена материјалната штета** која изнесува 35,3 милиони денари. Годинава во 19 случаи регистрирани се вкупно 22 (шест) кривични дела „**компјутерска измама**“, од кои девет се расветлени, кривично пријавени се 10 сторители, од нив седум физички и три правни лица, при што едно од правните лица е пријавено за сторени две кривични дела. Различни се модусите кои сторителите ги користат за прикривање на својот идентитет и стекнување на имотна корист, почнувајќи од измами во врска со продажба на производи преку интернет, понуди за наводна работа во странство и посредување во документација, изнуда на пари преку злоупотреба на

туѓ идентитет, лажни ветувања за стекнување на наследство и заработка преку инвестиции, социјален инженеринг, како и пресретнување на електронската комуникација помеѓу правните лица. Во овој контекст **карактеристичен е случајот** во кој кривично се пријавени две лица државјани на Обединетото Кралство, кои со намера за себе да прибават противправна имотна корист, преку електронска пошта кон правно лице од Пробиштип испратиле лажни банкарски инструкции за меѓународно плаќање кон правно лице од Велика Британија во кое одговорно лице е едниот од пријавените, врз основа на што на сметка на странскиот правен субјект извршена е уплата на парични средства во износ од **425.653,47 евра**. Исто така, **во еден од случаите** лице од Тетово во својство на сопственик и управител на правно лице, во договор со вработен од општина Тетово извршил преземање и контролирање на службена е-маил адреса која била наменета за вработени лица од Тетово и која ја користел за директно контактирање со социјалните мрежи Facebook, Instagram и Tiktok, при што истиот лажно се преставувал себеси и правното лице, а со цел затворање на социјални профили за потребите на Општина Тетово и други граѓани.

Бројот на кривични дела од областа на **сексуална експлоатација на деца преку интернет е зголемен за 28,6%**, односно регистрирани се 18 (14) кривични дела, во врска со кои по преземени мерки расветлени се 13 и кривично се пријавени 14 сторители. Повеќе од половината од кривичните дела се однесуваат на „**производство и дистрибуција на детска порнографија**“ – 11, од кои седум се расветлени и за истите пријавени се седум сторители, потоа шест дела „**прикажување на порнографски материјал на дете**“, при што расветлени се пет и кривично се пријавени шест сторители, а регистрирано е и едно дело **„намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години“** за кое кривично е пријавено едно лице. Најчесто, овој вид на инкриминации сторителите ги извршиле преку комуникација со девојчиња на социјални мрежи при што им се испраќани фотографии, пораки и видеа со експлицитна сексуална содржина, потоа со креирање на лажен профил на социјална мрежа преку кој се споделувале фотографии со експлицитна порнографска содржина, испраќање пораки за интимни средби, како и со снимање и споделување на видеа од сексуален однос. Во овој дел карактеристична е реализацијата од страна на Националната Единица за спречување на криумчарење мигранти и трговија со луѓе кои во рамки на случај на трговија со дете кривично пријавија две лица кои поседувале порнографски материјал од сексуална експлоатација на жртвата.

Значаен сегмент во областа претставува и злоупотребата на личните податоци. Во 2023 година, без малку троен пораст е евидентиран кај кривичните дела „**злоупотреба на лични податоци**“ извршени преку компјутерски систем – 41 (14), од нив расветлени се 17 и едно дело од минати години, а кривично се пријавени вкупно 19 сторители. Во однос на модусот на извршување, во настаните најчесто станува збор за објавување на лични податоци и навреди на социјални мрежи, објавување на фотографии и видеа од лица со закaнувачка содржина, хакирање на социјални профили на граѓани, преземање на лични содржини без согласност, креирање на лажен профил на социјална мрежа и праќање на слики и пораки со погрдни зборови и навреди.

## 2.10 ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

### 2.10.1 ГРАНИЧНИ ОПЕРАЦИИ И СОРАБОТКА

Одделот за гранични работи и миграции на стратешко ниво континуирано планираше и организираше активности во доменот на обезбедување на државните граници на Република Северна Македонија, а со тоа и стабилна гранична безбедност. Како и претходните години, еден од главните приоритети по кои постапуваше Одделот беше справување со мигрантскиот притисок преку континуирано следење на состојбата и преземање оперативни активности во реонот на јужната и северната граница за сузбивање на илегалната миграција и прекуграничниот криминал. Посебен акцент беше ставен на јакнење на меѓусекторската и меѓуинституционалната соработка, учество во иницијативи за изнаоѓање на регионални механизми за справување со илегалната миграција и враќање во трети држави (особено за лица-мигранти по потекло од Авганистан, Пакистан, Сирија, Мароко и Бангладеш).



Одделот во тековната година беше носител на подготовките за операционализација на Статус договорот со ЕУ потпишан во октомври 2022 година, и за отпочнување на Заедничка операција на Frontex JO North Macedonia која се реализира на 19 април 2023 година. Соработката со Frontex – EBCGA беше на многу високо ниво и се реализираше по претходно заеднички утврдени активности во различни области на соработка, почнувајќи од оперативна соработка, ситуациска свесност и мониторинг, враќање, развој и истражувања и хоризонтални обуки и други тренинг активности.

Во почетокот на 2023 година се заврши постапката за промена на законот за Гранична контрола, со што се овозможи законската регулатива за работа на Единицата за следење и обработка на податоци за патници (АПИ и ПНР) во делот на ПНР податоците.

Активностите во рамки на прекуграничната полициска соработка се одвиваа во согласност со имплементираните форми на прекугранична соработка содржани во Шенген Каталогот со ЕУ препораки и најдобри пракси, оперативна соработка со Frontex, развивање на билатерална и мултилатерална соработка во делот на граничното работење и учество во меѓународни програми, проекти и иницијативи. Прекуграничната полициска соработка со надлежните служби на соседните држави и понатаму е на многу високо ниво, што особено беше изразено преку координација на активностите и размена на информации, додека со Р.Грција соработката се реализираше преку спроведување на заеднички обуки, одржување на заеднички состаноци и соработка во рамки на регионални проекти во кои учествуваат и претставници на надлежните служби на Р.Грција.

Со надлежните гранични служби на соседните земји беа остварени вкупно **536 средби и контакти на сите нивоа** (17 на регионално и 519 на локално ниво), а реализирани се и **432 мешани патроли.**

**Заедничките контакт центри** за полициска соработка функционираат со сите соседни држави, освен со Р.Грција, а преку истите се разменуваа информации со соседните држави и испраќаа пораки за рано предупредување и други потребни информации со цел заедничка борба против сите форми на организиран прекуграничен криминал. Во текот на 2023 година, преку овие Заеднички контакт центри беа разменети вкупно 1.128 (1.247) информации со надлежните органи на соседните држави.

### Учество во заеднички оперативни активности

Праксата на учество во меѓународни заеднички оперативни активности во организација на Frontex (заеднички операции и заеднички акциски денови) и во заеднички оперативни активности организирани или поддржани од други агенции и институции (EUROPOL, SELEC и други) продолжи и во текот на 2023 година.

| Учество во Заеднички операции (JO) на Frontex EBCGA: | |
|---|---|
| | Заедничка операција JO Coordination Points 23 – Air. На Меѓународниот аеродром Скопје континуирано се присутни припадници на Frontex – EBCGA во текот на целата година; |
| | Заедничка операција JO Focal Points 23 – Air (по еден полициски службеник беше распореден на аеродромот во Базел, Р.Франција и на Аеродромот во Прага, Р.Чешка); |
| | Заедничка операција JO Coordination Points 23 – Land. На ГП Табановце континуирано се присутни припадници на Frontex EBCGA во текот на целата година. |
| Учество во Заеднички акциски денови: | |
| | Заедничка операција Артефакт, 27.03.-04.04.2023 (со поддршка на DCAF), |
| | Заеднички акциски денови JAD Global Chain, 08.05.-14.05.2023 (Frontex); |
| | Заеднички акциски денови JAD South East Europe, 13.11.-18.11.2023(Frontex); |
| | Заеднички акциски денови JAD Mobile 6, 09.10.-20.10.2022 (Frontex); |

Табеларен приказ бр.25-Учество во Заеднички операции на Фронтекс (2023)

## Учество во меѓународни програми и проекти

Согласно заложбите за континуирано зајакнување на капацитетите и усогласување со ЕУ Стандардите, активно се учествуваше и во меѓународни програми и проекти :

**ПРОЕКТИ**

- Регионалниот проект ИПА „Регионална поддршка на управувањето со сензитивна миграција во делот на Западен Балкан и Турција“. Во рамки на Проектот реализирани се бројни активности во соработка со главните партнери Frontex- EBCGA, EASO, IOM и UNHCR
- Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетот за одговор за управување со миграциските текови во Република Северна Македонија- IOM Проект, поддржан од ЕУ;
- Зајакнување на управувањето со миграции во Западен Балкан преку подлабока соработка заснована на Пактот на ЕУ за миграција и азил (ICPMD);
- „Програма за гранична безбедност (DCAF);
- ‚AIRCOP-Заедничка акција на EU иUNODC за промовирање на законот и добро управување преку таргетирани мерки за гранична контрола на пристаништа и аеродроми. Во рамки на овој проект, беше опремена канцеларијата на Граничната меѓуагенциска единица со седиште на Меѓународниот аеродром во Скопје, понатаму, формирана е и функционира работна група за изготвување на Протокол за работа на граничната меѓуагенциска единица, помеѓу Царинската управа и МВР, а за службениците беа организирани поголем број на обуки;
- Зајакнување на структурата и капацитетот на агенциите за спроведување на законот за справување со транснационалните закани со посебно внимание за борба против организираниот криминал, вклучително и поддршка на интегрираното управување со границите (OSCE);
- Заедничка платформа за соработка (Joint Cooperation Platform) чиј носител е Австриската федерална полиција.

Графички приказ бр.30-Учество во меѓународни програми и проекти

Во тековната година, од страна на офицерот за врски на Министерството во соработка со дежурните во Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување, до организациските единици на министерството за внатрешни работи и други државни институции и физички лица, доставени се вкупно 2.621 одговори на барања за вршење проверки за остварени преминувања преку државната граница на лица и возила.

## 2.10.2 ГРАНИЧНИ ПРОВЕРКИ И ГРАНИЧЕН НАДЗОР

Во делот на граничните проверки и граничен надзор, континуирано се следеше состојбата и беа давани инструкции за надминување на одредени констатирани недостатоци при извршување на работните задачи, а беа преземени и координативни активности поврзани со заштита на сведоци на граничните премини. Припадници на граничната полиција земаа учество во работата на Националниот комитет за безбедност на воздушниот сообраќај во Агенцијата за цивилно воздухопловство, а беа во постојана координација и соработка и со хуманитарните организации УНЦХР и ИОМ во врска со мигрантската криза на јужната граница.
Во рамки на проектот „Bor Pres" од ИПА 2 Програмата во тековната година активно се партиципираше во работата на проектот „Гранична станица Преспанско Езеро", при што беа преземени подготвителни активности за воспоставување на граничен премин помеѓу Р.Грција и Република Северна Македонија во областа на Преспанското Езеро.

### Материјално-техничко опремување на граничната полиција

Во текот на 2023 година продолжи процесот на материјално техничко опремување на организационите единици на граничната полиција, при што преку донации од странски партнерски земји и организации извршена е набавка на техничка опрема во вкупна вредност од 1.105.019 евра.
Извршена е набавка на 350 извидувачки камери, донација од Меѓународната организација за миграција (ИОМ), со која се овозможува значително подобрување на надзорот на државната граница преку употреба на софистицираните средства кои го надоместуваат недостатокот на оптималниот број на персонални и материјално-технички ресурси.
Извршена е набавка на информатичка и телекомуникациска опрема на Заедничките Контакт Центри за полициска соработка. Набавката е дел од проект на ОБСЕ за модернизација на Заедничките контакт центри која опфаќа и градежно реновирање на просториите во кои се лоцирани (ЗКЦ „Ѓуешево", ЗКЦ „Табановце", ЗКЦ „Блаце" и ЗКЦ „Ќафасан").
Во рамки на Проект од УНДП (СЕЕСАК) извршена е набавка на опрема за подигање на капацитетите на граничната полиција за справување со предизвиците од ширење на мало и лесно оружје (извидувачки камери, ендоскопи, телескопски огледала, батериски лампи, персонални компјутери и лаптопи).
Од особено значење е донацијата од страна на Сојузната полиција на СР Германија, од чија страна извршена е набавка на пет теренски возила, девет минибуси, 53 уреди за проверка на документи и 25 рачни уреди за проверка на документи, како и комплетно опремување на училница за обука и кабинет за обука за откривање на фалсификувани документи во Центарот за обука на МВР, која е исклучително значајна затоа што за прв пат во Центарот за обука е опремен кабинет за испитување на документи, со што припадниците на граничната полиција ќе имаат соодветни услови за обука за откривање на фалсификувани документи, како една од клучните области од доменот на граничното работење.

Исто така, извршено е комплетно опремување на канцеларија и работна сала за потребите на Единицата за собирање и обработка на податоци за патници (АПИ и ПНР) – донација од Британската Амбасада и ОБСЕ.

Во делот на функционирање на АПИ и ПНР податоците, почнувајќи од 01 март 2023 година, Единицата за следење и обработка на податоци за патници почна да ги добива АПИ податоците од авикомпаниите кои остваруваат летови на меѓународните аеродроми во Скопје и Охрид. Креирани се 74 правила врз основа на кои генерирани се 1.108 погодоци и секојдневно беа известувани надлежни органи за погодоците и селектирани патници за дополнителна контрола.

## 2.10.3 КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ, ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

### 2.10.3.1 ПРОТОК НА ПАТНИЦИ

На граничните премини во текот на 2023 година регистрирани се **вкупно 24.975.719 патници**, што е за речиси 16% повеќе во споредба со 2022 година кога беа регистрирани 21.529.247 патници, од нив 13.081.165 патници се регистрирани на влез во државата, а останатите 11.894.554 се на излез. По граници, најфреквентни биле граничните премини на границата со Р.Србија, Р.Косово и Р.Грција со регистрирани над пет милиони патници, при што најголема раздвиженост на патниците на граничните премини е забележана за време на летните месеци.

СОСТОЈБИ ПО ГРАНИЦИ

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Грција | 5.468.005 | 4.111.483 | 33↗ |
| Албанија | 3.357.022 | 3.042.851 | 10,3↗ |
| Србија | 5.588.939 | 4.966.091 | 12,5↗ |
| Косово | 5.534.528 | 5.279.997 | 4,8↗ |
| Бугарија | 1.885.517 | 1.768.006 | 6,6↗ |
| Меѓународен Аеродром Скопје | 2.875.083 | 2.127.581 | 35,1↗ |
| Аеродром Охрид | 266.625 | 233.238 | 14,3↗ |
| Вкупно | 24.975.719 | 21.529.247 | 16↗ |

Табеларен приказ бр.26- Проток на патници по граници во период 2023/2022 година

Притоа, најголем дел од патниците ги користеле граничните премин „Табановце“-5.392.848, „Блаце“-4.338.075 и „Богородица“-3.151.016 патници со забележан пораст на протокот на патници за 44% во однос на минатата година, а во топ пет гранични премини спаѓаат и граничниот премин „Меѓународниот аеродром Скопје“-2.875.083, каде оваа година е забележано зголемување на фреквенцијата на патници за 35% и граничниот премин „Ќафасан“ со регистрирани 1.960.236 патници.

ТОП ПЕТ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| ГП „Табановце“ | 5.392.848 | 4.767.272 | 13,1↗ |
| ГП „Долно Блаце“ | 4.338.075 | 4.261.491 | 1,8↗ |
| ГП „Богородица“ | 3.151.016 | 2.190.607 | 43,8↗ |
| ГП „Ќафасан“ | 1.960.236 | 1.814.313 | 8↗ |
| Меѓународен аеродром Скопје | 2.875.083 | 2.127.581 | 35,1↗ |

Табеларен приказ бр.27- Топ пет гранични премини со проток на патници во период 2023/2022 година

Според државјанството, и оваа година како и минатата, доминираат странските патници кои оствариле влез/излез на граничните премини-над 14 милиони патници. **Во однос на земјата од каде потекнуваат,** најзастапени се патниците од соседните земји и тоа : српските-2.770.048, косовските државјани-2.653.558, потоа албанските-2.145.966, грчките-1.593.950, бугарските-732.669, турските државјани-706.821, германските-534.383, романските-258.452, полските државјани-232.821, швајцарските - 213.487, шведските државјани-210.291 итн.

## 2.10.3.2 НЕДОЗВОЛЕН ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

**Намален тренд бележи недозволениот влез на странски државјани** во однос на 2022 година. На граничните премини, по разни основи не е дозволен влез во Република Северна Македонија на **2.859 странски државјани**, во најголем број на турски државјани-883, потоа косовски-453, албански-342, руски-150, белоруски-101 државјанин, непалски-98, бугарски-83, индиски-71, азербејџански-53, сириски-50, германски-46, мексикански-44, српски-43 и во помал број други странски државјани.

Оваа година во најголем број на странските државјани не им е дозволен влез на граничните премини „Меѓународен Аеродром Скопје“-1.002, потоа на граничниот премин „Долно Блаце“ на границата со Р Косово-750 и на граничниот премин „Табановце“ на границата со Р Србија-333 патници, на граничните премини „Ќафасан“-155 на границата со Р Албанија, на граничниот премин „Деве Баир“ на граница со Р. Бугарија-146 и на граничниот премин „Богородица“ на граница со Р.Грција-96 странски државјани.

**Најчести причини за недозволен влез се** :

- не поседување документи за целта на престојот;
- не поседување важечка виза за влез во  Република Северна Македонија;
- немање важечка патна исправа;
- поседување доволно парични средства;
- престој подолг од 90 дена во текот на шест месечен период.

Во истиот период на граничните премини во државата не им е дозволен излез на **451** странски државјани и истите бележат **пораст** во споредба со минатата година. По државјанство, најбројни се турските државјани-165, потоа, албанските-77, косовските-49, српските-46, германските-14, романски-11, државјани на САД-10 и во помал број други. По граници, најголем дел од лицата на кои не им е дозволен излез е на граничниот премин на Меѓународниот аеродром Скопје-182 лица, како и на граничните премини „Табановце“-97 и „Долно Блаце“-84 итн.

Најчести причини за недозволен излез се:
- пречекорен престој;
- употреба на фалсификувана и /или туѓа патна исправа;
- поради сторено кривично дело или прекршок;
- не поседување важечка патна исправа или лична карта;
- не исполнување на услови за влез во трета земја.

## 2.10.3.3 ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ, ПРЕЗЕМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ И КРИВИЧНИ МЕРКИ

Бројот на издадени дозволи за **привремен престој на странски** државјани бележи зголемен тренд за 21,4%. Издадени се дозволи за привремен престој на **6.821** (5.619)[3] **странски државјани,** најчесто **по основ на работа-2.817,** потоа по основ на школување или студирање-2.279 дозволи, по основ на член на потесно семејство на државјанин на Република Северна Македонија-933 и семејно обединување-491 дозволи.

ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Работа | 2.817 | 2.071 | 36↗ |
| Школување или студирање | 2.279 | 1.151 | 98↗ |
| Член на потесно семејство на државјанин на РСМ | 933 | 1.545 | -39,6↓ |
| Семејно обединување | 491 | 510 | -3,7↓ |
| Хуманитарни причини | 153 | 108 | 41,7↗ |
| Волонтирање | 85 | 148 | -42,6↓ |
| Останати причини | 63 | 86 | -26,7↓ |

Табеларен приказ бр.28- Издадени дозволи за привремен престој во период 2023/2022 година

Анализирајќи ги податоците по државјанство, најголем број од дозволите се издадени на турски државјани-4.200, најчесто заради школување или студирање-2.127, работа-1.786 и поради семејно обединување-177 дозволи. Во топ пет држави спаѓаат

[3] Податоците во заградата се однесуваат на 2022 година

косовските со издадени вкупно 372 дозволи, српските со 282 дозволи, албанските државјани со 220 дозволи и украинските државјани со издадени 180 дозволи, а според основот, најчесто се работи за член на потесно семејство, работа и семејно обединување, додека кај украинските државјани, најголем дел од дозволите им се издадени поради хуманитарни причини.

ТОП ПЕТ ЗЕМЈИ НА КОИ ИМ СЕ ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ВО РСМ

| | Турција | Косово | Србија | Албанија | Украина |
|---|---|---|---|---|---|
| Работа | 1.786 | 112 | 85 | 54 | 18 |
| Школување или студирање | 2.127 | 21 | 16 | 21 | - |
| Член на потесно семејство на државјанин на РСМ | 77 | 167 | 144 | 115 | 31 |
| Семејно обединување | 177 | 67 | 25 | 27 | 11 |
| Хуманитарни причини | 3 | 4 | 11 | - | 120 |

Табеларен приказ бр.29-Топ пет земји на кои им се издадени дозволи за привремен престој во период 2023/2022 година

Во текот на 2023 година, регистрирани се и вкупно 352.529 странски државјани кои биле со краткорочен престој (до три месеци) во Република Северна Македонија. Нивниот број бележи пораст за 130% споредено со претходната 2022 година кога привремено престојувале 154.044 странски државјани. Според причината за престој, најголем дел од странските државјани престојувале како туристи-223.952, потоа во приватни посети-125.470, од деловни причини-3.085 лица и во помал број по други основи. Во однос на државјанството, во топ 10 доминираат српските-45.663, германските-42.287, турските државјани-30.687, грчките-21.377, австриските-18.393, бугарските-13.967, албанските државјани-13.013, косовските-12.112, швајцарските-11.368 и италијанските државјани-10.635.

ПРЕСТОЈ ВО РСМ ДО ТРИ МЕСЕЦИ ПО РАЗНИ ОСНОВИ

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Туристички престој | 223.952 | 93.396 | 140↗ |
| Приватни посети | 125.470 | 58.942 | 113↗ |
| Деловни посети | 3.085 | 1.339 | 130↗ |
| Курсеви, студирање итн. | 11 | 23 | -52,2↓ |
| Политички, научни, културни и спортски настани | 4 | 50 | -92↓ |
| Останати причини | 7 | 294 | -97,6↓ |
| Вкупно | 352.529 | 154.044 | 130↗ |

Табеларен приказ бр. 30- Престој во Република Северна Македонија до три месеци по разни основи во период 2023/2022 година

**Преземените мерки против странските државјани** поради незаконски активности извршени при нивниот престој во Република Северна Македонија бележат зголемен тренд во однос на **лани.** Во рамки на овие мерки поднесени се 370 (296) кривични пријави, против 418 (309) странски државјани за сторени 425 (359) кривични дела. Најзастапени сторители на кривичните дела се **државјаните на Турција-109 и Косово-71**, а во топ пет застапени се и српските државјани-53, албанските-51 и грчките-23.

Најзастапени кривични дела извршени од странски државјани се „фалсификување исправа"-148 (91), „загрозување на безбедноста во сообраќајот"-67(47), „тешки кражби"-36 (20), „криумчарење на мигранти"-31 (23) и „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори"-21.




Графички приказ бр.31- Преземени мерки на кривичен прогон против странски државјани во период од 2023/2022 година и топ пет кривични дела по вид во 2023 година

Во делот на прекршоците, забележан е пораст за 43,5% споредено со 2022 година. Поднесени се 1.624 (1.132) прекршочни пријави против странски државјани, од нив најмногу прекршоци се извршени од страна на турските државјани-377, потоа албанските-243, грчките-193, косовските-175 и српските државјани-100. Најголем дел од прекршоците се извршени по **Законот за странци,** најчесто поради незаконски престој во Северна Македонија-387 и поради пречекорен престој-162 прекршоци. Во голем процент, застапени се и прекршоците согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата-661 како и од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир-111 прекршоци.

# 2.11. ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

## 2.11.1 СОСТОЈБИ СО ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА

Република Северна Македонија продолжи да биде дел од рутата која мигрантите ја користат за да стигнат до земјите кои се дел од Европската унија. Засилените контроли изминатата година резултираа со спречување на речиси 14 илјади обиди за илегално транзитирање низ нашата држава, а активностите и потребата за справување со истата остануваат да бидат врвен предизвик и приоритет во работењето на полицијата и покрај тоа што истите се со намален тренд за 49% во споредба со 2023 година.

**СПРЕЧЕНИ ОБИДИ ЗА ИЛЕГАЛНИ ПРЕМИНУВАЊА**

| | 2023 година | 2022 година | 2021 година |
|---|---|---|---|
| Грција | 12.477 | 24.968 | 18.424 |
| Албанија | 54 | 111 | 130 |
| Србија | 1.405 | 2.270 | 2.277 |
| Косово | 17 | 41 | 37 |
| Бугарија | 1 | 4 | 6 |
| Вкупно | 13.954 | 27.394 | 20.874 |

Табеларен приказ бр.31- Спречени обиди за илегални преминувања во 2023-2021 година

Притисокот на границите се зголемува со подобрување на временските услови, при што најголем број на обиди се регистрирани во периодот од јули до октомври кога е забележана зголемена фреквенција на мигрантите, додека во последните два месеци од годината нивниот број се намалува и во просек се движи по околу 600 спречени обиди.




Графички приказ бр.32- Спречени обиди за илегални преминувања по месеци 2023/2022 година

## Состојба на обидите за илегалните преминувања по граници

Границата со Р.Грција е влезно место во државата со спречени 12.477 обиди, од кои 98% се спречени на влез (12.213) обиди во најголем дел од лица по потекло од Сирија, Мароко и од Авганистан, додека останатите 264 обиди се спречени при обид за излез од државата. Во овој дел доминираат обидите за излез на лица од Непал-159, како и од Сирија, Куба и од Кина. Споредено со претходната 2022 година, обидите за илегални преминувања бележат намален тренд за речиси 50%, што се должи на намалениот број на обиди на границата со Р.Грција.

Во однос на модусот на делување, во тековната година не се забележани значителни промени, мигрантите најчесто пеш илегално влегуваат во нашата држава, а по преминувањето, се сместуваат во импровизирани кампови близу границата со Грција или во близина на автопатот А1 или регионалните патишта кон Валандово и Струмица, од каде што се преземаат од страна на криумчарите.

Според локацијата, најголем дел од мигрантите се откриени во гевгелиско-дојранскиот регион, во близина на автобуската и железничката станица Гевгелија, селата Прдејци, Негорци, Смоквица, Гаврово, казан Дол, Николиќ, Фурка итн.




Графички приказ бр.33- Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Р Грција

Тренд на намалување бележат обидите за илегални преминувања и на северната граница. Како и во претходните години, карактеристика за оваа граница е што се користи во најголем дел за излез кон Р. Србија, а понатаму кон Р.Унгарија, Босна и Херцеговина или Р.Хрватска. На оваа граница спречени се вкупно 1.405 обиди, од нив 183 обиди се при влез најчесто од лица без државјанство, од Непал или од Сирија, а останатите при излез при што доминираат обидите на лица од Сирија, Авганистан, Конго и Мароко. Според местото, мигрантите се откриваат најчесто во близина на граничниот премин „Табановце“, во близина на царинскиот терминал на Табановце, на автопатот „Пријателство“, во реонот на „Миратовачки пат“, селата Табановце, Речица, Лојане, Ваксинце, Костурник, Липково, Сопот итн. Голем дел од мигрантите се откриени во внатрешноста на подрачјето што го покрива СВР Скопје (железничките станици Драчево, Илинден, Маџари, Горно Лисиче), во близина на рафинерија Окта-

Миладиновци, регионалниот пат од село Ржаничино кон Свети Николе, од каде се упатуваат кон Куманово и потоа кон граничниот премин со Р. Србија.




Графички приказ бр.34- Обиди за илегални преминувања спречени при влез/излез на граница со Р Србија

Што се однесува до останатите граници, истите бележат намален тренд на спречени обиди во споредба со 2022 година, а карактеристично за нив се што не се дел од рутата што ја користат мигрантите, туку најчесто спречени се обиди на лица кои живеат во пограничните села.

## Илегални преминувања по земја на потекло

Според земјата на потекло најбројни се обидите на лица по потекло од : Сирија – 5.500 обиди чиј број е намален за 50%, потоа обидите на лица од Мароко–2.865; Авганистан – 1.022 и од Пакистан – 740. Оваа година зголемен е бројот на обиди на лица од Палестина-397 (277), Сиера Леоне-287 (20), Непал-237 (76) и Алжир-237 (106)[4]. Карактеристична е појавата на зголемен број на лица од Непал, кои илегално влегуваат во Република Северна Македонија од Р.Србија на подрачјето на Куманово, од каде со такси возила или со меѓуградски превоз се упатуваат најчесто во Гевгелија, од каде илегално се обидуваат да остварат излез кон Р.Грција, со намера оттаму да заминат кон некоја од земјите од Западна Европа.

ТОП ПЕТ СПРЕЧЕНИ ОБИДИ НА ИЛЕГАЛНИ МИГРАНТИ СПОРЕД ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО

| | 2023 година | 2022 година | 2021 година |
|---|---|---|---|
| Сирија | 5.500 | 11.018 | 2.644 |
| Мароко | 2.865 | 2.541 | 412 |
| Авганистан | 1.022 | 2.253 | 4.452 |
| Лица без државјанство | 773 | 1.366 | 1.216 |
| Пакистан | 740 | 5.594 | 6.786 |
| Останати земји | 3.054 | 4.622 | 5.364 |

Табеларен приказ бр.32-Спречени обиди за илегални преминувања според земја на потекло 2023-2021 година

[4] Податоците во заградата се однесуваат за 2022 година

## 2.11.2 БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

Во текот на 2023 година, до Секторот за азил поднесени се **нови барања за азил од 604 (168) лица.** Од вкупниот број на лица, 426 лица се полнолетни, 178 деца (од нив 67 лица се деца без придружба). Според полот 475 се од машки пол, 129 лица од женски пол.




Графички приказ бр.35-Поднесени барања за азил на топ 10 лица-баратели по земја на потекло во период 2023/2022 година

Во 2023 година, донесено едно решение со кое на лице од Украина му призна статус на супсидијарна заштита. Најчеста причина за малиот број на признаени статуси и понатаму останува фактот што барателите многу брзо по поднесувањето на барањето го напуштаат Центарот за баратели на азил со намера да стигнат до некоја од земјите членки на Европската унија. Што се однесува до исходот од постапката, за 10 лица донесено е решение со кое се одбива барањето за меѓународна заштита, за 554 лица запрена е постапката за меѓународна заштита, додека за 39 лице постапката е во тек.

Нашата држава згрижува девет лица со статус на бегалец и сите лица се по потекло од Косово, како и 19 лица со статус на супсидијарна заштита, од кои шест лица, кои престојуваат по овој основ се од косовската криза во 1999 година.

Издадени се и шест лични карти за лица со статус на супсидијарна заштита и 57 идентификациони исправи за лица баратели на право за азил.

## 2.12. ЈАВЕН РЕД И МИР

Полицијата, преку присуство на јавните простори каде имаше помали или поголеми собирања на граѓани, присуство во населените места и фреквентните локации на целата територија и постојана будност и насоченост кон спречување на можните загрозувања на мирот, обезбеди јавен ред и сигурност на граѓаните. Акцентот на работата на полициските службеници во 2023 година беше насочен кон превентивното работење и градење на партнерски однос и доверба на граѓаните во полицијата со цел создавање на безбедна средина за живеење.

Регистриран е еден настан на присуство на граѓани во поголем број, во февруари 2023 година, за време на манифестацијата во црквата „Св.Спас“ во Скопје по повод обележувањето на 151 година од раѓањето на Гоце Делчев, кога Министерството презеде зајакнати мерки и активности за обезбедување. За време на церемонијата не се регистрирани инциденти или нарушувања, но на граничниот премин „Деве Баир“ приведени се тројца бугарски државјани, кои во повеќе наврати вршеле неовластено снимање, а со возилата го блокирале нормалното движење на граничниот премин и упатувале закани и навреди на лична и национална основа. При преземање на мерките за приведување на бугарските државјани, повредени се двајца полициски службеници.

### 2.12.1 ПРОТЕСТНИ СОБИРИ

Постојано ангажирање на полициските службеници и преземање мерки и активности за зачувување на редот и мирот наложуваа и одржаните 613 протестни собирања, а дел од нив не беа најавени согласно одредбите од Законот за јавни собири. Минатата година ја одбележаа протести организирани од физички лица или здруженија на граѓани, формирани заради јавно манифестирање на незадоволство од одредени состојби во државата. Најголем број од собирите се одржани на подрачјето на СВР Скопје- 181, во организација на Синдикатите на јавните установи и институции, а причината за нивно одржување во најголем дел се однесуваше на искажување револт поради зголемување на платите на функционерите за 78%, барања за исплата на додатоци на плата и зголемување на платите на административните службеници, протести на пензионерите со барања за линеарно зголемување на сите пензии и протести во организација на платформата „Одговорност“, поради информациите за неправилно лекување на болни на Клиниката за онкологија.

## 2.12.2 ПРЕКРШОЦИ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Прекршоците против јавниот ред и мир се скоро на идентично ниво во однос на 2022 година. Регистрирани се 6.121 прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка. Најголем број прекршоци се извршени на подрачје на СВР Скопје-1.793, СВР Охрид-746, СВР Штип со 735 прекршоци, СВР Тетово-657 прекршоци и СВР Битола-654. Јавниот ред и мир најчесто е нарушен во градска средина, на отворен простор, а според начинот истите во најголем процент се извршени поединечно.

**Прекршоци за кои се поднесени барања од ЗППЈРМ**

| СВР | Прекршоци | | | Пријавени сторители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | промена во % | 2023 година | 2022 година | промена во % |
| Скопје | 1.793 | 1.633 | 9,8↗ | 2.381 | 2.276 | 4,6↗ |
| Битола | 654 | 736 | -11,1↓ | 896 | 1.005 | -10,8↓ |
| Велес | 482 | 545 | -11,6↓ | 699 | 723 | -3,3↓ |
| Куманово | 637 | 623 | 2,2↗ | 841 | 821 | 2,4↗ |
| Охрид | 746 | 711 | 4,9↗ | 1.001 | 954 | 4,9↗ |
| Струмица | 407 | 500 | -18,6↓ | 538 | 707 | -23,9↓ |
| Тетово | 657 | 637 | 3,1↗ | 865 | 859 | 0,7↗ |
| Штип | 735 | 855 | -14↓ | 1.039 | 1.185 | -12,3↓ |
| РЦ за ГР | 10 | 12 | -16,6↓ | 10 | 11 | -9,1↓ |
| Вкупно | 6.121 | 6.252 | -2,1↓ | 8.270 | 8.541 | -3,2↓ |

Табеларен приказ бр.33- Прекршоци за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и број на сторители

Според видот на прекршокот, најмногу прекршоци за кои се поднесени барања се „физички напад“-1.615, потоа „карање, викање, непристојно и дрско однесување“-891, „учество, предизвикување или поттикнување тепачка“-808, „оддавање на пијанство на јавно место“-500 и „уживање наркотични дроги и психотропни супстанци“-468 прекршоци.

**ТОП ПЕТ ПРЕКРШОЦИ**

| | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Физички напад | 1.615 | 1.850 | -12,7↓ |
| Карање, викање, непристојно и дрско однесување | 891 | 846 | 5,3↗ |
| Учество во тепачка | 808 | 855 | -5,5↓ |
| Оддавање на пијанство на јавно место | 500 | 516 | -3,1↓ |
| Уживање наркотични дроги и психотропни супстанци | 468 | 305 | 53,4↗ |

Табеларен приказ бр.34-Топ пет прекршоци за кои се поднесени барања

## 2.12.3 НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТА

И оваа година, приоритетна задачи на Министерството за внатрешни работи беше безбедноста на учениците во училиштата и спречување на насилничкото однесување меѓу училишната популација, односно преземање плански и организирани мерки за навремено расветлување на инцидентите како и активности на превентивен план со цел да се спречи зголемувањето на бројот на инцидентите и загрозување на безбедноста во училиштата.

Иако беа преземени засилени мерки и активности, како и мерки со кои беше зголемено присуство на полицијата на местата каде најчесто беа регистрирани инцидентите помеѓу учениците, во текот на годината бележиме зголемување од 36% на регистрираните настани-102, за разлика од 2022 година кога беа регистрирани 75 настани. Подрачја со најголем број на регистрирани настани се Секторите за внатрешни работи Скопје-40, СВР Тетово-19 и СВР Куманово-13. Во помал број регистрирани се настани на насилно однесување на подрачјата на СВР Битола и СВР Охрид-по девет, шест на подрачје на СВР Штип, четири на подрачје на СВР Велес и две на подрачје на СВР Струмица. За одбележување е што оваа година не се регистрирани настани на меѓунационална основа.

Продолжува трендот на насилства во основните училишта со евидентираните 55 настани од овој вид. Се работи за физички напади извршени поединечно, но и здружени во група од две до пет лица. Според локацијата, најголем дел од настаните се случиле во училишниот двор, во училница и во училишниот хол, а осум се случиле во автобуси и на автобуски постојки.

При насилничкото однесување, повредени се 61 ученик, од нив еден е со тешки повреди, а останатите со телесни повреди. Мотивот за насилството најчесто е непознат, а во однос на возрасната структура, најбројни се учениците на возраст од 15 до 17 години и од 11 до 14 години.

Во рамки на регистрираните случаи, од страна на Министерството преземени се соодветни мерки против нарушителите, при што поднесени се десет кривични пријави за кривични дела „насилство“, „насилство врз дете“, „малтретирање во вршење служба“, „тешка телесна повреда“ и „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“, а поднесени се и пет известувања до Основното јавно обвинителство.

Покрај тоа, против 102 лица поднесени се 60 барања за поведување прекршочна постапка за сторени прекршоци од ЗППЈРМ, во најголем дел за „физички напад“ и „учество во тепачка“ и против родителите за занемарена грижа в.в. истите прекршоци.

## 2.12.4 НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Министерство како надлежна институција за спречување на насилство на спортски натпревари навремено преземаше низа мерки за безбедно одржување на сите спортски натпревари, со посебен акцент на натпреварите од висок ризик. Годинава,

на спортските натпревари евидентирани се 77 нарушувања, од нив најмногу на подрачјата на СВР Скопје-33 и СВР Тетово-21, а во помал број на останатите Сектори за внатрешни работи (СВР Велес-осум, СВР Куманово-седум, СВР Струмица-три, Секторите за внатрешни работи Битола и Охрид со регистрирани два настани и СВР Штип со евидентиран најмал број на настани-еден.

Најзастапени се нарушувањата за време на фудбалски натпревари-53, при што карактеристично е што **три од нарушувањата** се регистрирани за време на одржување на **меѓународни натпревари.** Едното е по завршување на меѓународниот ракометен натпревар помеѓу репрезентациите на Република Северна Македонија и Р. Турција, второто е на Националната арена „Тодор Проески“ за време на одржување на фудбалски натпревар помеѓу репрезентациите на Република Северна Македонија и Малта, додека последното е за време на одржување на фудбалски натпревар помеѓу екипите на ФК „Шкупи“ од Скопје и ФК „Левски“ од Софија-Р Бугарија. Во однос на останатите спортови, шест нарушувања се за време на кошаркарски натпревари, додека четири на ракометни натпревари.

Нема промени и во начинот на извршување на насилствата. Истите најчесто се извршени од поединци и здружени во група од две до пет лица, на фудбалски стадиони за време на одржување на натпреварите, и тоа со фрлање и палење на пиротехнички средства, употреба на физичка сила и тврди и остри предмети. Како последица од нарушувањата во тековната година телесно се повредени 14 лица (најчесто се работи за навивачи, судии и играчи, полициски службеници).

По преземени мерки, на подрачјата на Скопје и Велес против 17 лица поднесени се кривични пријави за сторени кривични дела „насилство“ и „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста“, а поднесено е и едно известување до ОЈО. Регистрирани се 67 прекршоци од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување и 20 прекршоци од други закони за што поднесени се барања за поведување прекршочна постапка против 45 физички, 11 правни и четири одговорни лица. Инаку, 11 од нарушувањата се расветлени со издадени платни налози на сторителите и истите се платени во дадениот рок.

## 2.12.5 НАПАДИ ВРЗ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Бројот на пријавени напади извршени врз службени лица е на исто ниво во однос на минатата година. Во надлежните полициски станици поднесени се вкупно 138 (139)[5] пријави за извршени напади, од нив најмногу се на подрачје на СВР Скопје-29, потоа 20 се на подрачје на СВР Битола, 19 се на подрачје на СВР Куманово, 18 на подрачје на СВР Велес, додека најповолна состојба бележиме на подрачјето на СВР Струмица со пријавен најмал број - девет напади врз службени лица.

Нападите најчесто се извршени на отворен простор (улица, плоштад) при воспоставување на нарушен јавен ред и мир и регулирање и контрола на патниот сообраќај, како и при легитимирање и барање на увид други исправи и при

[5] Податоците во заградата се однесуваат на 2022 година

приведување и задржување. Според видот на нападот, во 124 настани се работи за поединечни напади, извршени со употреба на физичка сила, а мал дел се со употреба на тврди предмети. Од нападите, повредени се 145 службени лица, од нив две (шест) се со тешки телесни повреди. Оваа година не е регистирана **употреба на огнено оружје,** за разлика од 2022 година кога во три случаи беше употребено истото.

Во врска со пријавените напади, поднесени се кривични пријави против 176 лица за сторени вкупно 153 (148) кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста“, кои бележат благо зголемување во однос на минатата година. Според местото, кривичните дела се најзастапени на подрачје на СВР Скопје и СВР Битола-по 28 дела.

### 2.12.6 ТОЧЕЊЕ АЛКОХОЛ И ПРИСУСТВО НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ ВО НОЌНИ КЛУБОВИ

Контролите во угостителските објекти и ноќни барови спроведени во рамки на редовното работење и при спроведување акциски контроли со други надлежни институции во тековната година бележат пораст. Извршени се вкупно 4.916 контроли во 20.338 угостителски објекти и 539 ноќни барови. Преземените мерки резултираа со присуство на зголемен број на деца во објектите-затекнати се 621 деца во најголем дел на возраст од 14 до 18 години, за што поднесени се вкупно 17 кривични пријави за кривични дела „точење алкохолни пијалаци на малолетни лица“ и 121 барање за поведување на прекршочна постапка за вкупно 147 **прекршоци** од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

#### Спроведени акциски контроли

Полициските службеници во содејство со инспекциските служби на подрачните единици на другите министерства, извршија вкупно 1.666 акциски контроли во 6.852 угостителски објекти и 332 ноќни барови, при што констатирани се вкупно 148 неправилности, а во објектите беа затекнати 534 деца на возраст од 14 до 18 години. Најголем број од контролите се спроведени на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Штип-391 и Битола-323, потоа Скопје-216 (повеќе од двојно контроли во споредба со минатата година), Струмица-179 контроли, Куманово-162 и Велес-160 контроли. Во рамки на овие активности, против 26 лица поднесени се кривични пријави за сторени **21 кривични дела „точење алкохолни пијалоци на малолетни лица”,** а поднесени се и 118 барања за поведување на прекршочна постапка за вкупно 122 **прекршоци** од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

#### Контроли во рамки на редовно работење

Во рамки на редовното работење спроведени се уште 3.437 (2.505) контроли, со кои контролирани се 14.752 угостителски објекти и 239 ноќни барови, при што затекнати се 95 деца на возраст од 14 до 18 години и дете на возраст до 13 години. Над 60% од контролите се спроведени на подрачјето на СВР Скопје-2.089 контроли, а за констатираните неправилности, од страна на СВР Битола и СВР Струмица поднесени се две кривични пријави, а преземени се и мерки на прекршочен прогон против 14 лица за сторени 30 прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

## 2.13. БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Министерството за внатрешни работи и во текот на 2023 година преземаше превентивни мерки и активности во областа на сообраќајот, а преку континуирани обуки и работилници се едуцираа сите учесници во сообраќајот, вклучувајќи ја и најмладата популација. Истовремено се вршеше постојана контрола на патниот сообраќај, со цел стекнување поголема свесност и одговорност кај учесниците во сообраќајот.

### 2.13.1 СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

Во текот на 2023 година, сообраќајните незгоди на патиштата низ државата бележат зголемен тренд за 4% во однос на минатата година. Случени се вкупно 8.118 сообраќајни незгоди, од нив најголем број се на подрачјата на СВР Скопје-3.211 и СВР Тетово-1.204. Според местото на случување, 4.965 незгоди се случени на улиците во населените места, потоа на регионалните патишта-1.128 незгоди, на автопатиштата-627, на магистралните-612, на локалните патишта-430 незгоди, 335 незгоди се во сервисни улици, а 21 незгода се случила на експресните патишта.

СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

| СВР | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Скопје | 3.211 | 3.119 | 2,9↗ |
| Битола | 552 | 583 | -5,3↓ |
| Велес | 540 | 594 | -9,1↓ |
| Куманово | 515 | 500 | 3↗ |
| Охрид | 807 | 746 | 8,2↗ |
| Струмица | 638 | 518 | 23,2↗ |
| Тетово | 1.204 | 1.117 | 7,8↗ |
| Штип | 651 | 629 | 3,5↗ |
| Вкупно | 8.118 | 7.806 | 4↗ |

Табеларен приказ бр.35-Вкупен број на сообраќајни незгоди во период 2023/2022 година

Според видот, најбројни се незгодите со материјална штета-3.844 незгоди, а останатите се незгоди со потешки последици, од кои најмногу се со телесни повреди-3.357 незгоди, 799 незгоди се со тешки телесни повреди, а останатите 118 се со смртни последици. При случените незгоди, причинета е материјална штета која се проценува на износ од 646.639.362 денари.




Графички приказ бр.36 -Сообраќајни незгоди и на настрадани лица во незгодите во период 2023/2022 година

По месеци, најмногу незгоди се случиле во јули-963 и август-899, кога фреквенцијата на возила и учесници во сообраќајот е со зголемен интензитет, додека по денови, најбројни се незгодите случени во понеделник-1.313 и во петок-1.254 незгоди. Во однос на временската рамка, критичен период со најголем број случени незгоди е времето од 13,00 до 17,00 часот кога во просек се случиле по 568 незгоди, а најмал број незгоди се случиле во раните утрински часови во времето од 04,00 до 05,00 часот- 98 незгоди.

Што се однесува до незгодите со потешки последици, случени се вкупно 4.274 незгоди, од нив најмногу на подрачје на СВР Скопје-1.737 незгоди. Во однос на 2022 година, незгодите со потешки последици се во пораст за 8,2% што се должи на зголемениот број на сообраќајни незгоди со тешки телесни и телесни повреди.

## Сообраќајни незгоди со потешки последици

| СВР | СН со потешки последици | | СН со смртни последици | | СН со тешки телесни повреди | | СН со телесни повреди | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година |
| Скопје | 1.737 | 1.621 | 36 | 31 | 242 | 230 | 1.459 | 1.360 |
| Битола | 358 | 339 | 21 | 12 | 97 | 92 | 240 | 235 |
| Велес | 245 | 235 | 13 | 8 | 54 | 44 | 178 | 183 |
| Куманово | 311 | 304 | 11 | 11 | 52 | 55 | 248 | 238 |
| Охрид | 389 | 344 | 8 | 14 | 91 | 73 | 290 | 257 |
| Струмица | 285 | 225 | 12 | 15 | 69 | 64 | 204 | 146 |
| Тетово | 645 | 562 | 4 | 12 | 122 | 98 | 519 | 452 |
| Штип | 304 | 321 | 13 | 14 | 72 | 93 | 219 | 214 |
| Вкупно | 4.274 | 3.951 | 118 | 117 | 799 | 749 | 3.357 | 3.085 |

Табеларен приказ бр.36-Вкупен број на сообраќајни незгоди со потешки последици по СВР 2023/2022 година

## 2.13.2 НАСТРАДАНИ ЛИЦА

Во сообраќајните незгоди настрадале вкупно 7.105 (6.420)[6] учесници, од кои 926 (858) лица се со тешки телесни повреди, 127 (124) лица се со последица смрт, а останатите 6.052 (5.438) се со телесни повреди. Според локација, најзагрозено е подрачјето на СВР Скопје каде настрадале најголем број учесници во сообраќајот-2.900, потоа подрачјето на СВР Тетово-1.193 лица и подрачјето на СВР Охрид-637 лица.

Последици кај учесниците во СН

| СВР | Вкупен број на настрадани учесници | | Лица со последица смрт | | Лица со тешки телесни повреди | | Лица со телесни повреди | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година | 2023 година | 2022 година |
| Скопје | 2.900 | 2.650 | 39 | 31 | 278 | 261 | 2.583 | 2.358 |
| Битола | 568 | 503 | 23 | 12 | 113 | 102 | 432 | 389 |
| Велес | 390 | 350 | 14 | 8 | 69 | 49 | 307 | 293 |
| Куманово | 507 | 503 | 11 | 11 | 62 | 63 | 434 | 429 |
| Охрид | 637 | 567 | 8 | 16 | 111 | 93 | 518 | 458 |
| Струмица | 443 | 366 | 13 | 17 | 81 | 78 | 349 | 271 |
| Тетово | 1.193 | 1.003 | 4 | 14 | 135 | 104 | 1.054 | 885 |
| Штип | 467 | 478 | 15 | 15 | 77 | 108 | 375 | 355 |
| Вкупно | 7.105 | 6.420 | 127 | 124 | 926 | 858 | 6.052 | 5.438 |

Табеларен приказ бр.37- Последици кај учесниците во сообраќајните незгоди по СВР -2023/2022 година

Во однос на структурата на настраданите учесници, најбројни се возачите на моторни возила-3.506 (3.148), од нив најмногу се возачи на патнички возила-2.392 (2.110), потоа возачи на мотоцикл-319 (272), возачите на мопед-300 (286), возачи на велосипед-230 (245), возачи на товарни возила-96 (110), возачи на електричен тротинет-77 (43) и во помал број возачи на други моторни возила. Од останатите категории, со висок процент од настраданите се застапени сопатниците во возилата-2.448 (2.239), од кои 24 (27) загинале и пешаците- 822 (811) од кои 29 (30) загинале, 193 се здобиле со тешки повреди, а 600 пешаци биле со телесни повреди.




Графички приказ бр.36-Настрадани учесници според категорија на возило

[6] Бројките во заградата се однесуваат на 2022 година

## 2.13.3 ЛИЦА СО ПОСЛЕДИЦА СМРТ

Што се однесува до загинатите лица, бележиме **незначителен пораст за 2,4% во однос на 2022 година. Во незгодите 127 лица ги загубиле животите, лани 124,** а според категоријата на учесници, најголем број се возачи на патнички моторни возила, пешаци и сопатници. Во однос на локацијата, најголем дел од загинатите лица **се на подрачје на СВР Скопје-39**, СВР Битола-23, СВР Штип-15, СВР Велес-14 и СВР Струмица-13, додека најповолна состојба бележи подрачјето на СВР Тетово со најмал број на загинати лица-четири.

Оваа година случени се вкупно седум незгоди во кои животот го загубиле повеќе лица, додека лани случени се пет незгоди од ваков вид. Две од незгодите се случени во централното градско подрачје во Скопје, на улица „Христо Татарчев“ и во Радовиш – сервисна улица, додека останатите незгоди се случени на отворен простор на следните патни правци:

Сообраќајни незгоди со повеќе загинати лица според категорија на пат

| Категорија на пат | Назив на пат | Делница 1 | Делница 2 | општина | место | **СН со смртни последици** | **Лица со последица смрт** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А3 ПОДМОЉЕ - ОХРИД - РЕСЕН - БИТОЛА - ПРИЛЕП | КЛУЧКА КРКЛИНО | КЛУЧКА ТОПОЛЧАНИ | БИТОЛА | БИТОЛА | 1 | 2 |
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А4 КЛУЧКА СТЕНКОВЕЦ - ГП БЛАЦЕ | КЛУЧКА СТЕНКОВЕЦ | БАЗА ГРАНИТ | ЧУЧЕР-САНДЕВО | ЧУЧЕР-САНДЕВО | 1 | 2 |
| РЕГИОНАЛЕН ПАТ | КРУШЕВО–КРИВОГАШТАНИ | | | КРУШЕВО | КРУШЕВО | 1 | 2 |
| МАГИСТРАЛЕН ПАТ | А1 ГРАДСКО-ПРИЛЕП | | КАМЕН ДОЛСКА СПИРКА | ВЕЛЕС | ВЕЛЕС | 1 | 2 |
| АВТОПАТ | А4-КЛУЧКА МИЛАДИНОВЦИ-КЛУЧКА ТРИ ЧЕШМИ | КЛУЧКА ТРИ ЧЕШМИ | КЛУЧКА КАДРИФАКОВО | ШТИП | ШТИП | 1 | 3 |

Табеларен приказ бр.38-Сообраќајни незгоди со повеќе загинати лица според категорија на пат во 2023 година

## 2.13.4 ПРЕВЕНТИВНО-РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ

Министерството континуирано преземаше активности во насока на спречување, откривање и докажување на сообраќајната деликвенција. Приоритетно се работеше на сузбивање на прекршоците поради кои се случуваат сообраќајните незгоди и за чија цел беа спроведувани акциски контроли на целата територија. Најмногу контроли беа спроведени за управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанци и контроли за управување на моторно возило со брзина поголема од дозволената. Покрај овие, контроли беа спроведени и за : прекршоци кои ги чинат пешаците како учесници во сообраќајот, престигнување

спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата, прекршоци кои ги чинат возачите на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопед и мотоцикл.

Во делот на сообраќајната превенција, земено е учество при спроведување на кампањи и проекти кои се реализираа во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата :

**КАМПАЊИ**

- Кампања под мотото „СТАВИ ПОЈАС“;
- „Кампања по повод „Европска недела на мобилност 2023“;
- Кампања „Безбедно возење со трактор“;
- Кампања за безбедно учество во сообраќај со електричен тротинет;
- Кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот;
- Кампања за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот;
- Сообраќајно едукативна и превентивна акција насловена како „Летна Кампања-2023“ под мотото „Вози одморен“;
- „И јас и ти-сите сме пешаци! Безбедноста на прво место“;
- Одбележување Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди;
- Кампања за поголема безбедност на децата во сообраќајот;
- Кампања за подигање на свеста за употреба на зимска опрема во возилата и одговорно учество во сообраќајот во зимскиот период насловена „Зимска кампања“;

Графички приказ бр.37-Реализирани кампањи/проекти во делот на сообраќајот (2023)

Во текот на 2023 година, регистрирани се 406.709 превентивно-репресивни мерки против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, во најголем дел за брзо возење, што е за 4,5% повеќе во однос на 2022 година, кога се регистрирани 389.152 превентивно-репресивни мерки.

Регистрирани се **211.591 прекршоци,** најмногу на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-46.854, каде истите се зголемени за 65,7% во однос на лани, потоа на подрачје на СВР Битола-34.408, СВР Велес-25.023, СВР Куманово-22.405

прекршоци, додека најмал број на прекршоци се регистрирани на подрачјето на СВР Охрид-15.453. Компаративно со 2022 година, прекршоците се благо намалени кога беа регистрирани 215.852 прекршоци.

## ПРЕВЕНТИВНО-РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ

| СВР | 2023 година | 2022 година | промена во % |
|---|---|---|---|
| Скопје | 46.854 | 28.272 | 65,7↗ |
| Битола | 34.408 | 30.471 | 12,9↗ |
| Велес | 25.023 | 18.443 | 35,7↗ |
| Куманово | 22.405 | 21.676 | 3,4↗ |
| Охрид | 15.453 | 15.671 | -1,4↓ |
| Струмица | 17.907 | 13.664 | 31,1↗ |
| Тетово | 20.784 | 31.768 | -34,6↓ |
| Штип | 20.691 | 30.013 | -31,1↓ |
| РЦ за ГР | 1.689 | 1.444 | 17↗ |
| МЕБПС | 6.377 | 24.430 | -73,9↓ |
| Вкупно | 211.591 | 215.852 | -2↓ |

Табеларен приказ бр.39 -Превентивно-репресивни мерки во период 2023/2022 година

Против прекршителите на сообраќајните правила и прописи, поднесени се **123.758 барања за поведување прекршочна постапка, предупредени се 15.447 учесници, исклучени од сообраќај се 42.758 возачи и 9.627 возила, времено се одземени 10.758 возачки дозволи, а 2.453 лица се повикани на сообраќајна поука**.

Најчести прекршоци кои се регистрирани од страна на полициските службеници и за кои се поднесени барања се брзо возење-26.883, потоа управување на возило без возачка дозвола-25.358, управување под дејство на алкохол-13.115, непрописно запирање и паркирање-9.179, употреба на нерегистрирани возила-6.036, техничка неисправност на возилата-3.407 прекршоци, непочитување сообраќајни знаци-2.865, неправилно движење на возила на пешачки премин-2.505 прекршоци итн.




Графички приказ бр.38- Преземени мерки и топ пет прекршоци во 2023/2022 година

# 3. ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ











## 3.1 ЕДИНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, СТАНДАРДИ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет континуирано вршеше стручен надзор и контрола на организациските единици на полицијата, со цел да се обезбеди висок степен на професионализам, квалитет и зголемена ефикасност во извршувањето на работните задачи на полицијата.

Во доменот на стратешкото планирање, Единицата презеде активности за следење, мониторинг и евалуација на Стратешкиот план на МВР 2023-2025 година и Годишниот план за работа на МВР за 2023 година, а покрај тековните извештаи, како позначајни се активностите за изработка на табеларниот преглед за нацрт-стратешкиот план на МВР 2024-2026 година и информацијата со податоци за проектите и активностите кои се планирани за 2023 година во делот на потпрограмите од програмата „Развој на полицијата“, како и изработката на Кодекс/Прирачник за водење интервју со задржано лице, кој оваа година беше потпишан од Министерот за внатрешни работи и истиот е дистрибуиран до сите организациски единици.

Активностите за вршење на генерален и стручен надзор, како и контрола на квалитетот и законитоста на полициските работи беа плански спроведени во повеќе организациски единици, за што по однос на истите изготвен е соодветен службен материјал со насоки и препораки за постапување. Во рамки на наведените активности, како посебно карактеристични се активностите за спроведување на стручен надзор над постапувањето по писмените акти на судовите и други државни органи, како и контролата и надзорот на постапувањето по пријавите за семејно насилство. Покрај ова, Единицата презеде активности за усогласување и насочување во работата на новопоставените старешини и активно учествуваше во меѓу секторските активности кои се поврзани со постапувањето по плановите за „Безбедно лето 2023 година“ и „Безбеден град“, по однос на што беше спроведена контрола на службите во Секторите за внатрешни работи.

Во текот на 2023 година, во рамки на Единицата изготвени и испратени се вкупно 1.023 акти, од кои 783 се службени белешки, 41 се телеграми, а останатите се друг вид на материјали. Преку надлежноста на Единицата годинава изготвени се пет инструктивни телеграми, а позначајна е телеграмата за пуштање во употреба на полицискиот информациски систем МЕИДА кој се однесува на евидентирањето и документирањето на инциденти кои се поврзани со оружје.

Единицата, со свои претставници учествуваше и на повеќе работилници, во работни групи, комисии, состаноци и слично. Во делот на проектните активности за одбележување е активноста во проектот „Подобрување на националните пракси за управување со мало и лесно оружје“, во чии рамки на 19 април 2023 година беше пуштен во употреба новиот полициски информациски систем - МЕИДА кој се користи за евидентирање и документирање на инцидентите кои се поврзани со оружје. Покрај

ова, Единицата учествуваше и во следните проекти: „Полициско работење водено од разузнавање-ILP“, „Анализа на работни задачи” и „Стоп за питачење и злоупотреба на деца и нивното здравје, а во делот на проектни активности кои се од доменот на користење на нуклеарната енергија и технологија -МАА иницирана е потребата за формирање на меѓу-ресорска работна група која ќе работи на подготовката и изготвувањето на интегриран План за нуклеарна безбедност во Република Северна Македонија и меѓународната Агенција за Атомска енергија-МАAE.

## 3.2 НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН И СЕРИОЗЕН КРИМИНАЛ

Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал тековно преземаше активности за обезбедување на непрекинато, сеопфатно, централизирано и меѓу институционално споделување на податоците и информации. За оваа цел, Центарот постапуваше по барања и разменуваше информации помеѓу Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, изработуваше анализи по конкретни предмети и иницираше и одржуваше координативни состаноци помеѓу истите со цел да се зголеми нивната оперативната ефикасност и ефективност.

Во извештајниот период Центарот постапи по 475 примени и испратени барања, од кои 460 се примени барања од институциите за проверка во достапните бази со податоци, а 15 барања се испратени кон институциите заради дополнителни проверки и постапување. За потребите на институциите извршени се проверки за 2.009 физички лица, 168 правни лица како и 2.565 моторни возила, а разменети се и две информации кои се доставени за натамошно постапување до надлежни организациони единици.




Графички приказ бр.39- Активноста на НКЦСОСК – 2022/2023 година

Според бројот на добиени барања од институциите, протокот на информации е највисок со Царинската управа, Управата за финансиско разузнавање и Министерство за внатрешни работи.




Графички приказ бр.40- Примени барања од институциите – 2022/2023 година

Во рамки на своите надлежности, Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал даде придонес и во заедничките акции на Министерството за внатрешни и Царинската управа, за што посебно се издвојуваат откриените случаи со криумчарење и заплена на 43,127 килограми златен накит и 24.523 килограми фреон кој е забранет за употреба. Покрај ова, центарот заедно со упатените лица учествуваше во активностите за откривање на кривичните дела кои се реализирани од другите институции, при што истиот даде придонес за откривање на случаи со перење пари и друга противправна имотна корист, даночно затајување, фалсификување или уништување деловни книги, даночна измама, измама со инвестирање и перење пари и слично.

## 3.3 ОДДЕЛ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделот за заеднички работи тековно ги извршуваше работите и задачите кои се во негова надлежност, при што во рамки на нормативната дејност изготви 798 правни мислења по предлози на закони, подзаконски акти или номинации и нацрт записници од Владата, како и 985 правни мислења кои се изготвени по барање на организациските единици. Покрај ова, во текот на 2023 година изготвени се 17 договори со други државни органи и правни субјекти и 45 договори за дело за лица кои се ангажирани да работат во рамки на БЈБ.

| Во текот на 2023 година, по спроведени постапки за утврдување на дисциплинска одговорност против работниците во Бирото за јавна безбедност изготвени се 506 Решенија со кои во : | |
|---|---|
| 15 | Постапки е изречена мерка „откажување на договорот за вработување“; |
| 10 | Постапки е изречена мерка „распоредување еден степен пониско“; |
| 338 | Постапки е изречена мерка „парична казна“; |
| 13 | Постапки е изречена мерка „писмено предупредување“; |
| 130 | Постапки донесено е решение за „запирање на постапката“. |

Табеларен приказ бр.40- Преземени мерки по спроведени дисциплински постапки (2023)

Покрај ова, донесени се три одлуки во однос на постапките за материјална одговорност. Во доменот на Одделението за заштита на лични податоци поднесени и одговорени се 737 барања за давање на лични податоци, а во делот на оваа проблематика како позначајно се издвојува и донесувањето на следните акти: План за едуцирање на раководството и овластените лица за заштита на личните податоци во МВР за 2022 година и за 2023 година, Процедура за правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектот на личните податоци, Процедура за начинот на вршење на периодични контроли во МВР, Процедура за начинот на спроведување на наредбата од посебната истражна мерка „Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации“ и Процедура за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци во МВР.

Одделението за управување со човечки ресурси континуирано извршуваше работи и задачи за распоредување и унапредување на работниците во Бирото за јавна безбедност, вклучувајќи ги и другите постапки за остварување на правата од работен однос, при што во надлежност на истото изготвени се околу 2.895 решенија за распоредување, 2.046 решенија за утврдување на додаток за работна успешност во износ од 10%, околу 2.096 решенија за годишни одмори, над 471 решение за платено и 42 решенија за неплатено отсуство, 254 решенија за солидарна помош, 553 решение за јубилејна награда, 662 службени легитимации, 6.000 решенија за бонус плата, како и други акти кои се поврзани со остварувањето на правата од работен однос.

Во рамки на надлежностите на Одделението за обука и развој на персоналот и застапеност на заедниците и еднаквост на половите објавени се 586 телеграми за распишување на интерен оглас и три повици за интерес за работа во организациски единици кои се под Одделот за специјални полициски операции, за што изготвени се и соодветни договори. Во 2023 година изготвени се 700 решенија за службено патување во странство, 84 решенија за формирање на комисии за полагање посебен испит и 116 решенија за назначување ментор, а електронското полагање на приправничкиот испит е спроведено за 84 приправници, за што се изготвени уверенија за положен приправнички испит. Врз основа на склучен меморандум со Американски универзитет на Европа ФОН во Скопје овозможена е практична настава на 73 студенти, а практична настава е спроведена и на студенти од Факултетот за безбедност – Скопје.

## 3.4 ОДДЕЛ ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ И АНАЛИЗА

Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, како централна организациска единица во Бирото за јавна безбедност, континуирано преземаше активности за анализа на состојбите, проценка на ризиците и стратешко насочување на полицијата. Ваквата надлежност подразбираше континуирано собирање, обработка и анализа на статистички, разузнавачки и други оперативни податоци за следење на безбедносните состојби, состојбите со криминалот, криминалистички истражувања и криминалните групи, како и активности за детектирање на предизвиците и проценка на заканите кои се поврзани со одржувањето и зачувувањето на јавната безбедност, откривање и спречување на криминалот од сите феноменолошки облици и сторителите на казнени дела. Активностите резултираа со изготвување на над 150 информации, 40 аналитички продукти, над 400 одговори на барања, 266 статистички прегледи, 52 аналитички брифинзи, како и други материјали, дневни билтени и извештаи, а направени се и 1.095 проверки.




Графички приказ бр.41 -Преземени активности на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (2023)

Една од главните цели на Одделот беше и унапредување на полициското работење водено од информации, во чија насока беа реализирани активности за подобрување на процесот на собирање и размена на информации, подобрување на аналитичкиот процес и изготвување на квалитетни криминалистичко разузнавачки продукти. Во оваа насока за одбележување е и изготвувањето на среднорочниот преглед – СОКТА 2023 кој претставува системско дополнение на националната Проценка на заканите од сериозен и организиран криминал – СОКТА 2021 со што навремено се заокружи циклусот за процена и следење на организираниот и сериозен криминал.

Овој документ цели кон развој на полициското работење водено од информации во сите агенции за спроведување на законите преку усвојување на приоритети и носење на клучни стратешки одлуки, системско насочување и јакнење на националните капацитети за справување со криминалот.

Покрај ова, во делот на стратешката дејност на Одделот, изготвени се низа стратешки документи за идентификување и управување со криминалните закани и ризици од кои позначајни се Стратешката проценка на Бирото за јавна безбедност и Анализата на ризик за гранично работење.




Графички приказ бр.42 -Стратешки документи за идентификување и управување со криминалните закани и ризици на Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (2023)

Исто така, собрани и обработени се податоци и информации за прашалници од меѓународни организации (СЕЛЕК, UNODC, OSCE/ODIHR, SEESAC, EMCDA и други) државни институции и амбасади, со цел подготовка на регионални и меѓународни документи за тренд на движење на криминалот. Во овие рамки беа одговорени прашалници за состојби со дрога, илегална миграција, трговија со луѓе, криминал од омраза, кривични дела извршени со огнено оружје, тутунски производи и други.

Реализираните активности во текот на годината придонесоа за унапредување на процесот на изготвување на мрежа на криминални групи, подобро евидентирање, обработка на податоци и информации од криминалистички истражувања во Бирото за јавна безбедност, како и изготвување на квалитетни аналитички и разузнавачки продукти на централно, регионално и локално ниво. Активности се спроведуваа и за унапредување на процесот на работа со прикриени човечки извори на информации и за поддршка на полициските службеници во менаџирање со сознанијата. Остварени се работни состаноци, средби и обуки со организациски единици на регионално ниво со цел ефикасно спроведување на разузнавачкиот модел и подобрување на координацијата и соработката во насока на зголемување на квалитетот и ефикасноста во работењето.

Преку изготвените оперативни анализи, профили, извештаи и информации во рамки на тековни криминалистичките истражувања постигнати се одлични резултати кои придонесоа во реализација на кривични дела. Активностите беа насочени и кон поддршка на оперативни штабови и оперативни тимови, учество во меѓународни и

национални оперативни акции и планови, како и изготвување анализи по наредба на ОЈО за ГОКК.

Информативната дејност беше насочена кон континуирано следење на севкупните безбедносни настани и состојби, анализа и истражување на разни форми на криминал, како и прибирање статистички податоци. Во оваа насока, во континуитет-дневно, месечно, неделно и периодично, беа изготвени голем број аналитички и информативни продукти како поддршка на организациските единици и стратешкиот менаџмент во насочено планирање на активностите во согласност со утврдените приоритети.

Во делот на статистичкото следење на појавите и документирање, изготвени се бројни одговори на барања од организациските единици во Министерството, други институции и организации, како и на пошироката јавност, преку барања на податоци и информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, изготвени се и 132 месечни, 98 квартални, 10 полугодишни и 26 годишни прегледи согласно Упатството за начин на водење на статистички податоци за повеќе области на криминал, сообраќај, јавен ред и мир и странци.

За одбележување се активностите на вработените од централната статистичка единица, кои заедно подрачните организациски единици за статистика, во текот на 2023 година покажа голема посветеност и професионалност во развојот на функционалноста на апликацијата за Азбучен индекс и криминалитет.

Со цел зајакнување на капацитетите за работа со оваа апликација, во просториите на Одделот беа организирани и низа обуки за користење на апликацијата и стекнување на нови вештини и знаења за вработените на централно и регионално ниво. Во делот на унапредување на начинот на водење на статистиката, беа преземени активности за промени и усогласување на останатите статистички прегледи кои се водат полуавтоматски, во однос на законските измени и усогласувања со европските регулативи.

## 3.5 ОДДЕЛ ЗА ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА

Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, во 2023 година е **реорганизиран и преструктуриран во Оддел за форензички испитувања**. Во текот на јуни, од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, во Одделот беше спроведен годишен надзор при што беше потврден и проширен опсегот на акредитација согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 17025.

Со цел подобрување на услугите кои ги нуди Одделот, спроведена е **анкета за истражување на задоволството од корисниците на форензичките услуги** (вкупно 74 судии и јавни обвинители). Според резултатите од анкетата, најголем дел од испитаниците се “многу задоволни“ и “задоволни“ од услугите на Одделот, мал дел се „делумно задоволни, а незначителен дел од одговорите се “незадоволен“ и “многу незадоволен“.



Во октомври 2024 година, официјално беше **пуштен во употреба новиот објект на Одделот за форензички испитувања**. Истиот е изграден со поддршка на Европската Унија преку Националната ИПА програма, а исто така со свој буџет учествуваше и Министерството за внатрешни работи.

Со цел модернизација на форензичките лаборатории, Министерството спроведе набавка на **Систем за автоматизирана идентификација на биометриски податоци (Automated Biometric Identification System)** кој има можност за меморирање и пребарување на траги и отпечатоци од папиларни линии, како и на фотографии од регистрирани лица (Face recognition). Набавен е и нов уред за полиграфски тестирања, опрема за ДНК лабораториите, за лабораториите за балистика и механоскопија и друго.

Во соработка со **Меѓународната програма за обука и помош при вршење кривични истраги (ICITAP), Федералното биро за истраги (FBI) и Програма за антитерористичка помош (АТА)**, реализирани се повеќе активности: обезбедување тестови за проверка на стручност и компетентност на лабораториите и вештите лица, стручна обука од областа на стандардите ISO 17025 и ILAC G-19, обезбедување софтвер за автоматизирана размена на ДНК податоци - CODIS, обезбедување информатичка опрема за лабораторијата за дигитална форензика, стручни обуки од областа на дигитална форензика, поддршка за преселба на дел од инструменталната опрема од стариот во новиот објект.

Од страна на **Амбасадата на Сојузна Република Германија во Скопје**, обезбедена е опрема за неколку лаборатории, и тоа: автоматизиран апарат за скрининг на метаболити од дрога во биолошки примероци, хардвер за форензички софтвери за анализа на видео и фото материјали, инструмент за мерење окинување на чкрапало кај огнени оружја, фотоапарати за документирање доказен материјал и мрежни печатари.

Преку **програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)**, за потребите на Лабораторијата за микро-траги, набавен е скенирачки електронски микроскоп кој ќе придонесе за осовременување на методата за детекција и анализа на траги од испалување од огнено оружје.

Со поддршка на **Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF)**, во 2024 година се реализирани повеќе активности и тоа: организација на работилници и стручни обуки од областа на ДНК идентификација, изработка на Упатство за криминалистичка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви, набавка на хардверска инфраструктура за апликацијата CODIS (Combined DNA Index System) која ќе овозможи воспоставување автоматизирана размена на ДНК податоци и имплементација на Договорот за мини Прум во рамките на КПС ЈИЕ, Набавка на лабораториски мебел за Одделението за детекција на хумани идентификациони траги.

Во координација со **Дирекцијата за заштита и спасување**, за работниците од ОФИ беше спроведена Основна обука за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Специјализирана обука за неексплодирани убојни и други експлозивни средства, како и практична вежба - ракување со противпожарен апарат.

Одделот континуирано спроведува активности согласно **Стратегијата за натамошен развој на капацитетите на криминалистичка техника на регионално и локално ниво 2020-2025,** чија главна цел е стандардизација и унапредување на активностите кои се спроведуваат од страна на подрачните организациски единици на криминалистичка техника.

**АКТИВНОСТИ**

- Реконструкција и реновирање на просторните капацитети на криминалистичка техника во СВР Велес, ОВР Радовиш, СВР Куманово, ОВР Крива Паланка, ОВР Берово, ОВР Свети Николе, ОВР Пробиштип, ОВР Виница и ОВР Кочани;
- Набавка на одредена количина универзални несесери за вршење увид, постмортем несесери, фото-апарати, персонални компјутери, работни маици и сл.;
- Во соработка со UNDP, направена е анализа на моментални потреби на овие служби и предвидени се активности за набавка на дополнителна техничка и информатичка опрема, и изведба на простории за обука и симулациони вежби за спроведување увиди.

Графички приказ бр.43- Преземени активности на Одделот за форензички испитувања (2023)

Започната е изработка на документација согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 17020 со цел постигнување соодветно ниво на квалитет на активностите на местото на настанот и придонес кон осигурување највисок интегритет на доказниот материјал.

**Активностите на подрачните организациски единици на криминалистичка техника** (вкупно 29 во сите СВР), во текот на 2023 година, главно се сведуваат на извршени 7.998 увиди и обезбедени вкупно 28.284 траги и предмети. Најголемиот број увиди се за настани од областа на имотни деликти (65%), потоа следат крвни деликти (13%), пожари (9%), сообраќајни незгоди (8%) и вкупно 5% отпаѓаат на организиран криминал, недозволена трговија и експлозии. Овие единици исто така учествувале и во 778 претреси, 234 акциски контроли, а документирале вкупно 941 настан.

Во 2023 година, во Одделот се доставени вкупно 10.427 барања, кои бележат намалување за 8% споредбено со 2022 година, а притоа беа спроведени и реализирани:

| | |
|---|---|
| 1.298 | Барања за детекција на биолошки траги; |
| 2.036 | Барања за ДНК вештачења; |
| 8.655 | ДНК анализи; |
| 324 | ДНК поврзувања со лица кои не се осомничени за конкретно кривично дело (Cold Hit); |
| 154 | ДНК поврзувања со лица осомничени за сторено кривично дело; |
| 175 | ДНК поврзувања со посочени лица за елиминација; |
| 41 | ДНК поврзувања помеѓу траги од различни кривични дела (Forensic Hit); |
| 773 | Барања за предизвикување траги од папиларни линии; |
| 1.124 | Барања за вештачење траги од папиларни линии; |
| 52 | Барања за споредбени анализи на ТПЛ со отпечатоци од лица; |
| 134 | Идентификувани лица врз основа на траги од папиларни линии; |
| 98 | Утврден идентитет на лица преку биометриски документи; |
| 411 | Утврден идентитет на лица со помош на идентитетна листа; |
| 184 | Утврден идентитет на лица дактилоскопирани во странство; |
| 4.800 | Анализи од областа на наркотични дроги; |
| 1.767 | Барања за вештачење на канабис производи; |

| | |
|---|---|
| 985 | Барања за вештачење на наркотични дроги и психотропни супстанци; |
| 127 | Барања за вештачење на халуциногени дроги, канабис растенија, семки, медикаменти, токсични материи, полнители и слично; |
| 7.450 | Токсиколошки анализи на примероци крв и урина; |
| 947 | Барања за токсиколошки анализи; |
| 1.450 | Лица за кои се спроведени токсиколошки анализи; |
| 441 | Барања за вештачења од областа на микро-траги; |
| 295 | Барања за вештачења од областа на огнено оружје и балистика; |
| 77 | Барања за вештачење на пожари, експлозии и експлозивни направи; |
| 365 | Барања за вештачења на механички траги и моторни возила; |
| 130 | Вештачења на документи (патни исправи, лични карти, сообраќајни дозволи и сл.); |
| 98 | Вештачења на ракопис и потпис; |
| 4 | Вештачења на отпечатоци од печат и штембил; |
| 2.465 | Изработени фотографии од настани и видео материјали; |
| 268 | Барања за фото и видео документирање; |
| 66 | Барања за обработка на видео материјал; |
| 7 | Барања за примена на техниката на фотограметрија; |
| 56 | Барања за репродукција на отпечатоци подигнати на фолии; |
| 13 | Барања за препознавање лик; |
| 55 | Барања за анализа на мобилни уреди (110 мобилни телефони, 86 СИМ картички, 4 SD картички и сл.); |
| 10 | Барања за анализа на компјутерска опрема (десктоп и лаптоп компјутери, usb мемории и DVR уреди со вкупен капацитет од 19 TB); |

Табеларен приказ бр.41- Преземени активности и реализирани барања на Одделот за форензички испитувања (2023)

## 3.6 СЕКТОР ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СОСТОЈБИ

Секторот за известување и координација на состојби во 2023 година навремено, квалитетно и успешно ги извршуваше службените задачи од делокругот на својата надлежност. Во сите Сектори за внатрешни работи функционираа Центрите за известување и командување (ЦИК), додека во Регионалните центри за гранични работи функционираа Дежурните оперативни центри (ДОЦ), со кои Секторот постојано контактираше и се информираше за сите безбедносни настани. Секојдневно беа изготвувани дневни билтени за важни безбедносни настани на територијата на Северна Македонија, се вршеше експедиција на службена пошта низ целата држава, а за сите покарактеристични настани телефонски и по пат на СМС пораки беа известувани надлежните раководни лица во Министерството, додека за настани во кои беа инволвирани вработени, веднаш беше известен Одделот за внатрешна контрола, квалитет и професионални стандарди. Преку мониторинг систем за перманентно набљудување секојдневно беа опсервирани и одредени простории во Министерството кои се со степен на заштита.

Во текот на 2023 година на бесплатната телефонска линија „199“ не беа пријавени настани, додека на апликацијата „Црвено копче“ беа пријавени 65 случаи, како и три случаи на апликацијата „Пријави сомнително лице“.

## 3.7 ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ПОЛИЦИСКИ ОПЕРАЦИИ

Одделот за специјални полициски операции, самостојно или во соработка со другите организациски единици, координирано и плански преземаше превентивни и оперативно-тактички активности кои се во надлежност на единиците кои се во негов состав (ЕБР, САЕ-Тигар и ЕОП /ПЕП), при што истовремено беше насочен и кон унапредување на системот за раководење, командување и контрола.

Во 2023 година ОСПО активно беше вклучен со сили и средства за реализирање на мерките, задачите и активностите во рамки на повеќе оперативни акции, а согласно оперативен план преземени се и активности за соработка и поддршка помеѓу МВР и Армијата на Северна Македонија по однос на кризната состојба која е прогласена по однос на состојбата во затворот КПУ Идризово. Со одобрение од Директорот на БЈБ, Одделот постапуваше по барањата за асистенција при обезбедување на спортски натпревари, јавни протести и други настани и манифестации кои имаат висок ризик или се од државен, културен или верски карактер, при што продолжени се и активностите за зајакнато надворешно физичко обезбедување на КПУ Идризово и КПУ Скопје. Одделот беше ангажиран и за вршење на асистенции по барање на судовите и КПУ, а во соработка со останатите служби во МВР преземаше соодветни активности во акциите за спречување на недозволената трговија со дрога и оружје,

трговија со луѓе и криумчарење мигранти, учествуваше во обезбедувањето на високи делегации, а нуркачите и алпинистички тимови беа вклучени и во активности за спасување на специфични терени. Покрај ова, припадниците на ОСПО учествуваа во организација и спроведување на вежбовни и хуманитарни активности. Во текот на годината преземени се и активности за екипирање на единиците со нов и соодветен кадар, при што тековно се реализираат и обуките кои се поврзани со извршувањето на работните задачи.

## 3.8 ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Одделот за заштита на определени личности и објекти преземаше мерки и активности за обезбедување највисоките државни претставници, странски делегации и манифестации, странските дипломатско-конзуларни претставништва и нивните резиденции во Северна Македонија, како и објекти од посебно значење и државен интерес. Во овие рамки Одделот обезбедува 13 објекти од посебно значење, 15 објекти од државен интерес, 31 амбасада, 25 резиденции на амбасадори, објектот на Делегацијата на ЕУ и една дипломатска мисија, 15 министерства, како и објектите на Владата и Собранието на Република Северна Македонија. Покрај ова, Одделот врши посебно обезбедување и на возовите кои сообраќаат низ територијата на државата.

Во 2023 година беа преземени мерки и активности за обезбедување на 23 делегации од I степен, 10 делегации од II степен, 48 делегации од III степен, 53 делегации од IV степен, 17 обезбедувања на акредитации, 30 транзити низ Северна Македонија и 30 манифестации.

**ПОЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ**

- Обезбедување на „50-та Конференција на ИНТЕРПОЛ“
- Обезбедување на „Преспа форум за дијалог“
- „30-ти Министерски совет на ОБСЕ“
- Неформален самит на НАТО членки од Југоисточна Европа
- Обезбедување на прославата на националниот празник „Илинден
- Самит на лидери на процесот Брдо Бриони
- Министерски форум ЕУ-Западен Балкан

Графички приказ бр.44- Позначајни активности на Одделот за заштита на определени личности и објекти (2023)

## 3.9 ОДДЕЛ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Одделот за воздухопловни единици во текот на 2023 година преку хеликоптерската единица за полициски намени и хеликоптерската единица за посебни намени, ги спроведе сите работни задачи кои како обврска произлегуваат од секојдневните, редовни работни активности на Министерството. Уредно и безбедно се реализирани сите оперативни летачки задачи за потребите на организациските единици на Министерството како и на надворешните корисници, за што во тековната година реализиран е вкупен налет од околу 597 часови. Освен редовните тренажни летови, за одржување на достигнат степен на обученост и летовите за обука, извршени се и оперативни летови, за потребите на организациските единици во Министерството и тоа: Оддел за гранични работи и миграции заради обезбедување на државната граница, летови за извршување смена на персоналот од Секторот за телекомуникации на Солунска Глава, летови за транспорт и обука на припадниците од Одделот за специјални полициски операции, потоа за реализација на активностите на Одделот за заштита на определени личности и објекти, ВИП летови за потребите на Министерството за внатрешни работи, како летови и за потребите на Владата на РСМ. Исто така, треба да се истакне и ангажманот за потребите на Центарот за управување со кризи при гаснење на активните пожари во текот на годината, како и потрагата и пружање помош на изгубени и повредени лица.

## 3.10 ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА

Единицата постапуваше по претходно доставени барања на организациските единици во рамки на Министерството во 1.477 случаи. Во 1.179 случаи, службените кучиња беа употребени за откривање на експлозиви и експлозивни направи, при што од сите извршени антитерористички прегледи, службените кучиња немаат детектирано постоење на експлозиви и експлозивни направи. Исто така, во 289 случаи беа употребени за откривање на опојни дроги, оружје, муниција и книжни банкноти, при што во седум случаи се детектирани бараните продукти, а во девет случаи се употребени и за трагање по исчезнати лица.При ангажирање на водичи со службени кучиња за одредена специјалност пронајдени се 20 пакетчиња прашкаста материја, тегла со неодредена количина зелена тревкаста материја, 13 грама тревкаста материја, како и ловна пушка, пушка, воздушна пушка, самострел, 10 парчиња ловечка муниција и поголема количина муниција. Единицата зеде активно учество во меѓународна вежба за пронаоѓање на лица затрупани од урнатини по повод 60 години од разорниот земјотрес во Скопје, како и во меѓународна оперативна операција која се реализираше на дел од граничните премини во нашата земја. Во рамки на проектот „Помагање на националните власти во Република Северна Македонија да го намалат ризикот од ширење и злоупотреба на мало и лесно оружје“, Единицата учествуваше во показна вежба по повод предавање на реконструираниот објект во кругот на Единицата.

## 3.11 СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна полициска соработка тековно ги користеше воспоставените каналите за меѓународната полициска соработка и функционално ја извршуваше улогата на Единица за меѓународна координација на органите за спроведување на законот во Република Северна Македонија. Со цел за интензивирање на соработката со ИНТЕРПОЛ, во 2023 година преземени се активности за експанзија на нивниот комуникациски систем I-24/7 и проширување на пристапот до базата за огнено оружје-iARMS и базата за сексуална експлоатација на деца – ICSE кон организациски единици кои имаат потреба за истото, при што иницирана е и интеграција на национална база за украдени/изгубени патни исправи.

Во делот на проектните активности кои се во тек, НЦБ Скопје вршеше координација на активностите од проектот FIELDS кој се однесува на процедурите за автентификација на патните и документите за идентификација, при што активно е земено учество и во проектите HOTSPOT и Geiger кои се имплементираат во областа на тероризмот. Во рамки на регионалниот проект на ЕУ „Сузбивање на сериозен криминал во Западен Балкан“ ИПА 2019 – компонента Интероперабилност и размена на информации изготвен е план за реализација и имплементација на сервиси на ИНТЕРПОЛ за автоматско внесување на податоци во меѓународните бази, а преку проектните активности продолжено е и учество во Фондацијата „Амбер Алерт Европа“ која ја третира проблематиката со исчезнати лица.




Во рамките на проектот „Понатамошно зајакнување на мрежата на меѓународни координативни единици на органите надлежни за спроведување на законот (ILECU) во државите од ЈИЕ и источно партнерство за борба против транснационалниот организиран криминал и понатамошен развој на полициската соработка – поддршка на активности за билатерална и мултилателарна соработка“ изработена е програма за прифаќање на нововработените полициски службеници во ИЛЕКУ, за што се разгледува можноста истата да биде вклопена во Упатството за Секторот за меѓународна полициска соработка кое се наоѓа во завршна фаза на одобрување. Во 2023 година се преземени активности за одбележување на 30 годишното членство на Република Северна Македонија во Меѓународната организација за криминалистичка полиција ИНТЕРПОЛ, при што нашата држава беше домаќин на 50-та Европска Регионална Конференција на ИНТЕРПОЛ која се одржа во Охрид.



Во делот на соработката со ЕВРОПОЛ, Секторот активно учествуваше во заедничките акциски денови и оперативните акции кои се спроведуваат во соработка со ЕВРОПОЛ, а преку активностите на Националниот координатор за ЕМРАСТ (Европската мултидисциплинарна платформа против криминални закани), тековно се координирани активностите кои се спроведуваат во рамки на наведената платформа. Во делот на оперативната соработка со ЕВРОПОЛ, посебно се истакнуваат активностите за организација и поддршка на Заеднички координативен центар за спроведување на Заеднички акциски денови за Оперативна акција - JAD SEE 2023, кој за првпат беше лоциран во нашата држава.

Во рамки на проектот на ОБСЕ „Поддршка на националните власти во Република Северна Македонија во намалување на ризикот од пролиферација и злоупотреба на мало и лесно оружје“, со цел за размена на информации со центрите во Европа, преземени се активности за обезбедување на директен пристап до СИЕНА (апликација за безбедна размена на информации на Европол) за Заедничките контакт центри, при што во јуни 2023 година беше организиран и спроведен првиот национален тренинг за користење на апликацијата за безбедна размена на информации на Европол, на кој учествуваа полициски службеници од Одделот за гранични работи и миграција и четирите Заедничките контакт центри, Табановце, Долни Блаце, Ќафасан и Ѓуешево / Деве Баир.

Соработката со СЕЛЕК се одвиваше тековно, при што во интерес на унапредување на соработката со истите во јуни 2023 година Министерот за внатрешни работи оствари официјална посета на SELEC, каде беше реализирана и работна средба со нивниот менаџмент. Воспоставените каналите за соработка со ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ и СЕЛЕК, вклучувајќи ги поставените офицери за врски, континуирано се користат за размена на оперативни информации, сознанија и податоци од областа на националните и меѓународните потраги по лица и возила, насилниот криминал и тероризам, финансискиот криминал, недозволената трговија со дрога и оружје, проверки за оригиналност на документи, идентификација на лица и сл.

| Во 2023 година во рамки на Секторот за меѓународна полициска соработка како нови отворени се: | |
|---|---|
| 104 | Предмети од областа на компјутерскиот криминал; |
| 320 | Случаи за убиства и обид за убиство; |
| 17 | Случаи за проверки од областа тероризмот; |
| 303 | Случаи за криминалот со моторни возила; |
| 124 | Случаи од областа на криумчарење мигранти и трговија со луѓе; |

| | |
|---|---|
| 319 | Случаи од областа на финансискиот криминал; |
| 139 | Случаи за недозволена трговија со дрога; |
| 89 | Случаи за недозволена трговија со оружје; |
| 53 | предмети се отворени за исчезнати лица, по барање на странски држави, како и наши потраги. |

Табеларен приказ бр.42-Активности на Секторот за меѓународна полициска соработка

Во делокругот на отсекот за меѓународни потраги, врз основа на наши распишани меѓународни потерници 70 лица се лишени од слобода во странство и екстрадирани во Република Северна Македонија, додека на подрачје на Северна Македонија по странски меѓународни потерници лишени од слобода се 33 лица, при што 28 од нив се екстрадирани кон странство, а останатите пет се во постапка.